

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ДОПУШТЕНОСТ

германска фондација
за Меѓународна Правна
Соработка

IRZ

Stabilitätspakt für Südosteuropa
Gefördert durch Deutschland
Stability Pact for South Eastern Europe
Sponsored by Germany

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ДОПУШТЕНОСТ

Преводот на овој Практичен водич на македонски јазик, како и печатењето на оваа публикација се овозможени од страна на Германската фондација за меѓународна правна соработка, регистрирано здружение (ИРЗ) со средства од германскиот придонес кон Пактот за стабилност на Југоисточна Европа.

МАГОР
Скопје, 2013

германска фондација за Меѓународна Правна Соработка

IRZ

Stabilitätspakt für Südosteuropa
Gefördert durch Deutschland
Stability Pact for South Eastern Europe
Sponsored by Germany

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

Наслов на оригиналот:
PRACTICAL GUIDE ON ADMISSIBILITY CRITERIA

Издавач:
МАГОР ДОО Скопје, 2013

Превод на македонски јазик: Наташа Андреевска, дипломиран толкувач по германски и англиски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје.

Правна лектура на преводот: М-р Александар Љ. Спасов, дипломиран правник (асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје).

Редакциска координација на македонското издание: Д-р Штефан Пирнер, адвокат.

Редакциска соработка на македонското издание: Драгана Радисавлевиќ, дипломиран правник со положен правосуден испит и Дана Трајчев, В.А., студии по медиуми и комуникации.

Ги молиме издавачите или организациите што сакаат да го умножат овој извештај (или негов превод) во печатена или во електронска форма да се обратат на следнава адреса за е-пошта: publishing@echr.coe.int заради добивање натамошни инструкции.

© Совет на Европа/Европски суд за човекови права, 2011 година
© Council of Europe/European Court of Human Rights, 2011

Тој е изработен од страна на Одделот за истражување и не е обврзувачки за Судот. Првпат беше објавен во декември 2010 година на официјалните јазици на Судот, англиски и француски. Едно второ обновено издание, кое може да се преземе од www.echr.coe.int (Case-law - Case-law Information – Admissibility Guide), беше објавено во декември 2011 година. Овој превод е објавен со согласност на Советот на Европа и на Европскиот суд за човекови права и е во исклучителна одговорност на Германската фондација за меѓународна правна соработка (Deutsche Stiftung für internationale rechtliche Zusammenarbeit e.V., скратено ИРЗ).

СОДРЖИНА

ВОВЕД 13
А. Индивидуална жалба 16
1. Цел на одредбата 16
2. Статус на жалбата 16
3. Слобода за остварување на правото на жалба 18
4. Обврски на тужената држава 19
(а) Членот 39 од Деловникот на Судот 19
(б) Утврдување на фактичката состојба 20
(в) Истраги 21
Б. Статус на жртва 21
1. За поимот „жртва“ 21
2. Директна жртва 22
3. Индиректна жртва 23
4. Смрт на жртвата 23
5. Губење на статусот на жртва 24
I. **Процесни основи за недопуштеност** 27
А. Неисцрпување на домашните правни средства 27
1. Цел на правилото 28
2. Примена на правилото 28
(а) Приспособливост 28
(б) Усогласеност со домашните правила и ограничувања 28
(в) Постоење повеќе правни средства 29
(г) Жалбен навод истакнат во суштина 29
(д) Постоење и соодветност 29
(ѓ) Достапност и ефективност 30
3. Ограничување на примената на ова правило 31
4. Префрлување на товарот на докажување 31
5. Процесни аспекти 33
6. Создавање нови правни средства 34
Б. Непочитување на рокот од шест месеци 35
1. Цел на правилото 36
2. Датум од кој почнува да тече рокот од шест месеци 36
(а) Конечна одлука 36
(б) Појдовна точка 37
(в) Достава на одлуката 38
(г) Без достава на одлуката 38
(д) Кога нема правно средство што е на располагање 38
(ѓ) Пресметување на рокот од шест месеци 38
(е) Континуирана состојба 39

3. Датум на поднесување на жалбата 39
(а) Прв допис 39
(б) Разлика меѓу датумот на пишување и датумот на испраќање 40
(в) Испраќање по факс 40
(г) Време по првата комуникација 40
(д) Карактеристики на жалбата 40
(ѓ) Подоцнежни жалбени наводи 40
4. Примери 41
(а) Применливост на временските ограничувања во однос на процедуралните обврски од членот 2 на Конвенцијата 41
(б) Услови за примена на правилото што се однесува на рокот од шест месеци во случаите на повеќекратни периоди на притвор во согласност со членот 5 § 3 од Конвенцијата 41
В. Анонимна жалба 42
1. Анонимна жалба 42
2. Неанонимна жалба 42
Г. Непотребна жалба 43
1. Исти жалители 43
2. Исти жалбени наводи 44
3. Исти фактички состојби 45
Д. Жалба која што веќе е поднесена пред друг меѓународен орган 45
1. Концептот на постапката 46
(а) Постапката мора да биде јавна 46
(б) Постапката мора да биде меѓународна 46
(в) Постапката мора да биде независна 46
(г) Постапката мора да биде судска 46
2. Процесни гаранции 47
(а) Контрадикторни постапки 47
(б) Услови кои што му се наметнуваат на судскиот орган 47
3. Улогата на постапката 47
(а) Постапката мора да ја утврдува одговорноста 48
(б) Постапката мора да има за цел да ѝ стави крај на повредата 48
(в) Ефективност на постапката 48
Ѓ. Злоупотреба на правото на жалба 49
1. Општа дефиниција 49
2. Доведување на Судот во заблуда 49
3. Навредлив јазик 50
4. Повреда на начелото за доверливост на постапката со пријателско спогодување 50
5. Жалба, чиишто наводи се навредливи или неразумни по секоја основа 51
6. Други случаи 52
7. Пристапот што треба да биде применет од одговорната Влада 52
II. ОСНОВИ ЗА НЕДОПУШТЕНОСТ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА НАДЛЕЖНОСТА НА СУДОТ 54
А. Неспоивост ratione personae 54
1. Начела 54
2. Надлежност 55
3. Одговорност и дејства што ѝ се припишуваат на одговорната држава 55

4. Прашања во врска со можната одговорност на државите што се договорни страни на Конвенцијата заради дејства или пропуштања на дејства поврзани со нивното членство во меѓународна организација 57
Б. Неспоивост ratione loci 59
1. Начела 60
2. Посебни случаи 61
В. Неспоивост ratione temporis 61
1. Општи начела 62
2. Примена на овие начела 62
(а) Меродавен датум во врска со ратификацијата на Конвенцијата или прифаќањето на надлежноста на институциите на Конвенцијата 62
(б) Фактичка состојба настаната непосредно пред влегувањето во сила на Конвенцијата или изјавата за согласност или по неа 63
3. Посебни ситуации 65
(а) Континуирани повреди 65
(б) „Континуирана“ процесна обврска за истраги во врска со исчезнувања што настапиле пред меродавниот датум 66
(в) Процесна обврска според членот 2 за истраги во случај на смрт: постапки поврзани со факти надвор од привремената надлежност на Судот 66
(г) Земање предвид на претходните фактички состојби 67
(д) Постапки што се во тек или притвор 67
(ѓ) Право на надомест за погрешна осуда 68
Г. Неспоивост ratione materiae 68
1. Концептот за „граѓански права и обврски“ 69
(а) Општи услови за применливост на членот 6 § 1 69
(б) За поимот „спор“ 70
(в) Постоењето спорно право во домашното законодавство 71
(г) „Граѓанската“ природа на правото 73
(д) Приватна природа на правото: материјалната димензија 73
(ѓ) Проширување кон други видови спорови 74
(е) Исклучени прашања 76
(ж) Применливост на членот 6 за постапки надвор од главната постапка 77
2. Поимот за „кривично обвинение“ 79
(а) Општи начела 79
(б) Примена на општите начела 81
Дисциплински постапки 81
Управни, даночни, царински постапки и постапки во врска со правото на конкуренција 82
Политички прашања 83
Протерување и екстрадиција 84
Различни фази на кривичната постапка, придружни постапки и соодветни правни средства 84
(в) Поврзаност со други членови на Конвенцијата или со нејзините протоколи 86
3. Концептите за „приватен живот“ и за „семеен живот“ 87
(а) Опфатност на членот 8 87
(б) Сферата на „приватен живот“ 87
(в) Сферата на „семеен живот“ 91

Право да се стане родител 91
Во однос на деца 91
Во однос на двојки 92
Во однос на други врски 93
Материјални интереси....93
4. Концептите за „дом“ и за „преписка“....94
(а) Опфатност на членот 8 94
(б) Опфатност на концептот за „дом“....94
(в) Примери за нарушување 95
(г) Опфатност на концептот за „преписка“ 96
5. Концептот за „имот“ 97
(а) Заштитен имот 97
(б) Автономно значење 97
(в) Постоен имот 98
(г) Побарувања и долгови....98
(д) Реституција на имот 99
(ѓ) Иден приход....100
(е) Деловна клиентела....100
(ж) Дозвола за деловно работење 100
(з) Инфлација 100
(ѕ) Интелектуална сопственост....100
(и) Акции во трговското друштво....101
(ј) Придонеси за социјално осигурување 101
III. НЕДОПУШТЕНОСТ ВРЗ БАЗА НА ОСНОВАНОСТА 102
А. Очигледна неоснованост 102
1. Општ вовед 102
2. „Четврта инстанца“ 103
3. Јасно или очигледно отсуство на повреда 105
(а) Нема очигледна појава на арбитрарност или на неправичност 106
(б) Нема очигледна појава на недостиг од пропорционалност меѓу целите и средствата....106
(в) Други релативно јасни суштински прашања 108
4. Непоткрепени жалбени наводи: недостиг од докази 108
5. Конфузни или нереални жалбени наводи 110
Б. Непостоење значителна штета 110
1. Причини за новиот критериум 110
2. Опфатност 111
3. Дали жалителот претрпел значителна штета....111
4. Две заштитни одредби....113
(а) Дали почитувањето на човековите права бара испитување на основаноста на случајот.....113
(б) Дали случајот бил соодветно испитан од страна на домашен суд....114
ИНДЕКС НА ПРЕСУДИ И НА ОДЛУКИ....115

Предговор

кон преводот на „Практичниот водич за критериумите за допуштеност“ на македонски јазик

Оваа книга го содржи преводот на „Практичниот водич за критериумите за допуштеност“ (за жалбите пред Европскиот суд за човекови права), кој заеднички го објавуваат Судот и Советот на Европа. (Англиската и францускатa верзија на овој практичен водич, како и преводот на други јазици можат да се најдат на интернет на www.echr.coe.int/ECHR/EN/Header/Case-Law+analysis/Admissibility+guide/)

Целта на преводот на македонски јазик е да се зголеми квалитетот на жалбите до Европскиот суд за човекови права и на тој начин да се подобри ефикасноста на правната заштита на граѓаните. Покрај тоа, овој превод придонесува за добивање информации во однос на можностите за правна заштита пред Европскиот суд за човекови права и за неговата судска практика во врска со прашања поврзани со допуштеноста.

Затоа, целна група на оваа публикација се правниците од сите професионални групи, како и студентите по право, а пред сè адвокатите.

Преводот на „Практичен водич за критериумите за допуштеност" на македонски јазик, како и печатењето на оваа книга беа овозможени од страна на Германската фондација за меѓународна правна соработка, регистрирано здружение (скратено: ИРЗ). Фондацијата ИРЗ, која во 1992 година по налог на Германската сојузна влада ја почна својата дејност во Источна Европа како организација што е специјализирана во областа на меѓународното правно советување, денес е активна во голем број држави, сè до Азија и до Северна Африка. Во Македонија таа е активна од 2000 година како дел од германскиот придонес кон Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. (Дополнителни информации за Фондацијата ИРЗ може да се најдат на германски, англиски, руски и на арапски јазик на www.irz-stiftung.de).

Оваа книга не е првата соработка меѓу Советот на Европа и Фондацијата ИРЗ на полето на правните публикации. Пример за една поранешна соработка се двата коментара кон Законот за парничната постапка и кон Законот за извршната постапка, кои се важечки во Босна и Херцеговина. Тие настанаа во 2005 година, во рамките на еден заеднички проект на Советот на Европа со Европската комисија со содржинско и

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

финансиско учество на Фондацијата ИРЗ, и наидоа на широка распространетост меѓу правниците во земјата. Преводот на „Практичен водич за критериумите за допуштеност“ на македонски јазик е почеток на соработката меѓу Фондацијата ИРЗ од една страна и Советот на Европа и Европскиот суд за човекови права, од друга страна, во чиишто рамки на различните јазици на Југоисточна Европа се преведуваат публикации за Европскиот суд за човекови права, за неговата судска практика и општо за Европската конвенција за човекови права. (Како следен проект во подготовка е преводот за Судската практика на Европскиот суд за човекови права во однос на Европскиот закон за антидискриминација во рамките на еден заеднички проект на Фондацијата ИРЗ со Владата на Република Црна Гора.)

Фондацијата ИРЗ му се заблагодарува на Европскиот суд за човекови права и на Советот на Европа за соработката и за добиената дозвола за изработување превод и за објавување на овој практичен водич на македонски јазик. Покрај тоа, Фондацијата ИРЗ му должи голема благодарност на Сојузното министерство за правда и на Министерството за надворешни работи, кои ја поддржуваат нејзината дејност во Југоисточна Европа со средства на Пактот за стабилност. Оваа публикација не би била можна без овие две министерства. Особено треба да се истакнат и германската амбасада во Македонија и германскиот амбасадор, нејзината екселенција Гудрун Штајнакер, кои активно ја следат и ја поддржуваат активноста на ИРЗ во Македонија.

Покрај тоа, авторот на овој предговор ја користи оваа пригода најсрдечно да му се заблагодари на г-н Лајф Берг, раководителот на Одделот за јавни информации и за публикации за судската практика при Европскиот суд за човекови права во Стразбур, како и на неговата соработничка Оливија Штази, за добрата и конструктивна соработка. Исто така, тој би сакал да им се заблагодари на г-ѓа Наташа Андреевска, која го изработи преводот на македонски јазик, на г. Александар Спасов, кој се погрижи за правната лектура, како и на Драгана Радисавлевиќ и на Дана Трајчев, кои учествуваа во подготовките на оваа публикација како координатори на проект при Фондацијата ИРЗ во Бон.

Бон, ноември 2012 година

Д-р Штефан Пирнер
Адвокат
Регионален проектен раководител за „Југоисточна Европа - Централен регион“
(Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија) при Фондацијата ИРЗ

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Vorwort

zur mazedonischen Übersetzung des „Leitfadens zu den Zulässigkeitsvoraussetzungen“

Das vorliegende Buch enthält die Übersetzung des „Leitfadens zu den Zulässigkeitsvoraussetzungen“ (für Klagen zum Europäischen Gerichtshofs für Menschenrechte), den das Gericht und der Europarat gemeinsam herausgeben. (Die englische und französische Version dieses Leitfadens sowie Übersetzungen in weitere Sprachen finden sich im Internet unter www.echr.coe.int/ECHR/EN/Header/Case-Law+analysis/Admissibility+guide/)

Ziel der Übersetzung in das Mazedonische ist es, die Qualität der Klagen zum Europäischen Gerichtshof für Menschenrechte zu erhöhen und somit auch den effektiven Rechtsschutz der Bürger zu verbessern. Darüber hinaus trägt diese Übersetzung auch zur Information über die Rechtsschutzmöglichkeiten vor dem Europäischen Gerichtshof für Menschenrechte und über dessen Rechtsprechung in Zulässigkeitsfragen bei.

Zielgruppe dieser Veröffentlichung sind deshalb Juristen aller Berufsgruppen sowie Jurastudenten, insbesondere aber Rechtsanwälte.

Die Übersetzung des „Leitfadens zu den Zulässigkeitsvoraussetzungen“ in das Mazedonische sowie der Druck dieses Buches wurden durch die Deutsche Stiftung für internationale rechtliche Zusammenarbeit e.V. (kurz: IRZ) ermöglicht. Die IRZ, die 1992 ihre Tätigkeit als spezialisierte Organisation im Bereich der internationalen Rechtsberatung im Auftrag der Deutschen Bundesregierung in Osteuropa aufnahm, ist heute in einer Reihe von Staaten, bis hin nach Asien und Nordafrika, tätig. In Mazedonien ist sie seit dem Jahr 2000 als Teil des deutschen Beitrags zum Stabilitätspakt für Südosteuropa aktiv. (Weitere Informationen zur IRZ finden sich in deutscher, englischer, russischer und arabischer Sprache unter www.irz-stiftung.de).

Das vorliegende Buch ist nicht die erste Kooperation zwischen dem Europarat und der IRZ im Bereich juristischer Publikationen. Ein Beispiel früherer Zusammenarbeit sind die beiden Kommentare zu den in Bosnien und Herzegowina geltenden Zivilprozess- und Zwangsvollstreckungsgesetzen, die im Jahre 2005 in einem Gemeinschaftsprojekt des Europarats mit der Europäischen Kommission unter inhaltlicher und finanzieller Beteiligung der IRZ entstanden sind, und die eine erhebliche Verbreitung unter den Juristen des Landes

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

gefunden haben. Die mazedonische Übersetzung des „Leitfadens zu den Zulässigkeitsvoraussetzungen“ ist der Beginn einer Zusammenarbeit zwischen der IRZ auf der einen und dem Europarat sowie dem Europäischen Gerichtshof für Menschenrechte auf der andern Seite, in deren Rahmen Publikationen über den Europäischen Gerichtshof für Menschenrechte, dessen Rechtsprechung und über die Europäische Menschenrechtskonvention allgemein in verschiedene Sprachen Südosteuropas übersetzt werden. (Als nächstes ist die Übersetzung von Rechtsprechung des Europäischen Gerichtshofs für Menschenrechte zum Europäischen Antidiskriminierungsrecht im Rahmen eines Gemeinschaftsprojektes der IRZ mit der Regierung der Republik Montenegro in Vorbereitung.)

Die IRZ dankt dem Europäischen Gerichtshof für Menschenrechte und dem Europarat für die Zusammenarbeit und die Erlaubnis zur Übersetzung und Publikation des vorliegenden Leitfadens in mazedonischer Sprache. Außerdem schuldet die IRZ dem Bundesministerium der Justiz sowie dem Auswärtigen Amt, das die Tätigkeit der IRZ in Südosteuropa mit Mitteln aus dem Stabilitätspakt unterstützt, großen Dank. Ohne diese beiden Ministerien wäre die vorliegende Publikation nicht möglich gewesen. Besonders hervorzuheben ist auch die deutsche Botschaft in Mazedonien und die deutsche Botschafterin I.E. Gudrun Steinacker, die die Tätigkeit der IRZ in Mazedonien aktiv begleiten und unterstützen.

Außerdem möchte der Verfasser dieses Vorwortes die Gelegenheit nutzen, Herrn Leif Berg, Head of the Case-Law Information and Publication Divison des Europäischen Gerichtshofs für Menschenrechte in Straßburg, sowie seiner Mitarbeiterin Olivia Stasi herzlich für die allseits gute und konstruktive Zusammenarbeit zu danken. Gleiches gilt für Frau Natasha Andreevska, die die Übersetzung in das Mazedonische erstellte, Herrn Aleksandar Spasov, der das juristische Lektorat besorgte, sowie Dragana Radisavljevic und Dana Trajcev, die die vorliegende Publikation als Projektmanagerinnen bei der IRZ in Bonn mitvorbereitet haben.

Bonn, im November 2012

Dr. Stefan Pürner
Rechtsanwalt
Bereichsleiter für „Südosteuropa Mitte“
(Bosnien und Herzegowina, Mazedonien, Montenegro und Serbien) bei der IRZ

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Preface

to the Macedonian Translation of the "Practical Guide on Admissibility Criteria"

This guide, published jointly by the European Court of Human Rights and the Council of Europe, includes the translation of the "Practical Guide on Admissibility Criteria" (for cases brought before the Court). (For the English and French versions of this guide as well as translations into other languages please refer to www.echr.coe.int/ECHR/EN/Header/Case-Law+analysis/Admissibility+guide/).

The Macedonian translation is aimed at increasing the quality of cases brought before the European Court of Human Rights and thus also at enhancing the citizens' effective legal protection. This translation also provides further information on available legal protection through the European Court of Human Rights and on its case-law on admissibility issues.

This publication therefore is targeted at legal experts of all professional groups as well as at law students. In particular, however, it is addressed to attorneys at law.

The Macedonian translation of the "Practical Guide on Admissibility Criteria" and the printing of this book were funded by the German Foundation for International Legal Cooperation (briefly IRZ). The IRZ, which started its activities in Eastern Europe in 1992 as an organisation specializing in international legal advice acting on behalf of the German Federal Government, is now operating in many different states, including in Asia and Northern Africa. It has been active in Macedonia since 2000 within the German contribution to the Stability Pact for South East Europe. (Further information on the IRZ is available in German, English, Russian and Arabic on www.irz-stiftung.de).

This guide is not the first cooperation between the Council of Europe and the IRZ within the field of legal publications. One example of earlier cooperation are the two commentaries on the laws on civil procedure and compulsory execution applicable in Bosnia and Herzegovina published in 2005 within a joint project of the Council of Europe and the European Commission, in which the IRZ was involved both with regard to contents and funding. The commentaries have become well known among the law experts in the country. The Macedonian translation of the "Practical Guide on Admissibility Criteria" marks the beginning of a cooperation between the IRZ on the one hand, and the Council of Europe as

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

well as the European Court of Human Rights on the other hand, within which publications on the European Court of Human Rights, its case-law and the European Convention on Human Rights in general are translated into various languages of South East Europe. (The next project underway is the translation of the Handbook on European Non-Discrimination Law within a joint project of the IRZ and the Government of the Republic of Montenegro).

The IRZ would like to thank the European Court of Human Rights and the Council of Europe for their cooperation and for their permission to translate and publish this Practical Guide into Macedonian. The IRZ also owes particular thanks to the Federal Ministry of Justice as well as to the Federal Foreign Office which is supporting the IRZ's work in South East Europe with funds from the Stability Pact. This publication would not have been possible without the support of these two ministries. We would especially like to mention the German Embassy in Macedonia and the German Ambassador Her Excellency Gudrun Steinacker who have been supporting and actively assisting the IRZ's activities in Macedonia.

The author of this preface would furthermore like to express his thanks to Mr. Leif Berg, Head of the Case-Law Information and Publications Division of the European Court of Human Rights in Strasbourg, as well as to his assistant Olivia Stasi. He would also like to thank Natasha Andreevska, who translated the Practical Guide into Macedonian, Aleksandar Spasov, who did the legal editing, as well as Dragana Radisavljevic and Dana Trajcev, who were involved in the preparation of this publication as project managers of the IRZ in Bonn.

Bonn, November 2012

Dr. Stefan Pürner
Attorney at law
Head of Section for "South East Central"
(Bosnia and Herzegovina, Macedonia, Montenegro and Serbia) of the IRZ

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

ВОВЕД

1. Системот на заштита на основните права и слободи воспоставени со Европската конвенција за човекови права („Конвенцијата“) се заснова врз начелото на супсидијарност. Задачата за обезбедување на примената на Конвенцијата првенствено ја имаат нејзините држави што се потписнички. Европскиот суд за човекови права („Судот“) ќе интервенира само доколку државите не успеале да ги исполнат своите обврски.

Надзорот од страна на Стразбур, главно, е предизвикан со индивидуалните жалби што може да се поднесат до Судот од страна на секое физичко или правно лице што се наоѓа под надлежност на држава што е членка на Конвенцијата. Затоа, бројот на потенцијалните жалители е огромен: покрај осумстотините милиони жители на поширока Европа и државјаните на трети земји што живеат таму или транзитираат оттаму, постојат милиони здруженија, фондации, политички партии, компании и сл. (А да не ги споменуваме тие лица што како резултат на екстратериторијални дела сторени од страна на државите што се членки на Конвенцијата надвор од нивните територии потпаѓаат под нивна надлежност).

Со години наназад, и како последица на низа различни фактори, Судот е преплавен со индивидуални жалби (повеќе од 149.000 беа во тек до 31 март 2011 година). Притоа, најголемиот дел од овие жалби (повеќе од 95 проценти) се отфрлени без да се испитува нивната основаност поради тоа што не успеале да исполнат некој од критериумите за допуштеност[1] предвидени со Конвенцијата. Оваа ситуација е фрустрирачка од две

[1] Во преводот на овој текст се решивме за терминот ***допуштеност,*** место терминот ***прифатливост,***се среќава во службениот превод на Конвенцијата во Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи и протоколите на наведената Конвенција („Сл. весник на РМ“ бр. 11/97) и кој, земајќи во предвид дека се работи за нормативен текст, е дел од позитивно правниот поредок на Република Македонија и е задолжителен за сите, вклучително и судовите што го вршат правораздавањето, односно го обезбедуват правилното применување на одредбите од Конвенцијата преку пресудување за предмети врзани со примената на Конвенцијата. За оваа значителна промена се решивме од неколку причини. Првата е точното значење на поимот во изворникот на англиски јазик. Имено, поимот на англиски јазик е **admissibility** што во превод е **прифатливост,** но и **допустливост** (или **допуштеност**, заб.моја) (в. повеќе: Мургоски-Зафироски,З. (2004), Голем англиско-македонски речник, Скопје:17). Знаејќи ги двете алтернативи, ја наведуваме втората причина што е од стручно-правен карактер. Имено, во стручната правна терминологија, кога зборуваме дека определено правно средство е прифатено (во случајот жалбата) се подразбира дека државниот орган, во случајот судот, мериторно одлучувал (односно одлучувал по меритумот) и донел одлука, односно во случајот пресуда. Обратно, доколку кажеме дека жалбата е допуштена, односно допустлива, значи дека жалбата исполнува определени, најчесто процесно-правни услови за да може да биде понатаму разгледувана, односно процесуирана (тоа може да бидат определени рокови, определена форма, да следи по донесување пресуда на определена инстанца итн.). Во таа смисла, сметаме дека терминот допуштеност е посоодветен и многу попрецизно упатува на вистинското значење на поимите што се предмет на обработка во оваа студија. Сепак, имајќи предвид дека службениот превод е, с уште, во сила и е единствен правно соодветен превод, цитирањето на одредбите е од тој превод и затоа читателот ќе ги среќава и двата термина. Во таа насока, искажуваме надеж дека ова „двојство“ нема да предизвика забуна кај читателите и нагласуваме дека во оваа студија термините допуштеност и прифатливост имаат истоветно значење. Во иднина, стручната правна јавност во Р. Македонија би можела да иницира и

причини. Прво, бидејќи од Судот се бара да одговори на секое жалбено барање, тој е спречен во разумен рок да решава за тие предмети што бараат испитување на основаноста, без притоа јавноста да извлече некаква корист. Второ, на десетици илјади жалители неизбежно им се одбиваат барањата, често и по години чекање.

2. Државите што се членки на Конвенцијата, како и Судот и неговиот Секретаријат, постојано бараат начини за соочување со овој проблем и за обезбедување на ефективното водење на судските постапки. Една од најзабележителните мерки беше усвојувањето на Протоколот број 14 кон Конвенцијата. Тој, меѓу другото, предвидува жалбите што очигледно се недопуштени во иднина да бидат разгледувани од судија-поединец помогнат од вонсудски известител, а не од комитет со тројца судии. Протоколот број 14, кој влезе во сила на 1 јуни 2010 година, исто така, воведе и еден нов критериум за допуштеност поврзан со степенот на штетата што ја претрпел жалителот, со цел лицата што не претрпеле значителна штета да се одвратат од намерата за поднесување жалба.

На 19 февруари 2010 година, претставници на четириесет и седум држави што се членки на Советот на Европа, кои се обврзани со Конвенцијата, одржаа средба во Интерлакен во Швајцарија за да дискутираат за иднината на Судот и, особено, за заостанувањето со предметите како резултат на големиот број на недопуштени жалби . Со свечена декларација, тие уште еднаш ја потврдија централната улога на Судот во европскиот систем за заштита на основните права и слободи и ја презедоа задачата да ја зголемат неговата ефективност зачувувајќи го притоа принципот на индивидуална жалба.

3. Идејата за обезбедување на потенцијалните жалители со сеопфатни и објективни информации во врска со постапката за поднесување на жалбите и за критериумите за допуштеност е јасно изразена во точка В-6 (а) и (б) на Декларацијата од Интерлакен. Овој практичен водич за критериумите за допуштеност на индивидуалните жалби треба да се разгледува од истиот аспект. Тој е создаден да даде појасна и подетална слика на критериумите за допуштеност, со цел, прво, колку што е можно повеќе да се намали бројот на жалбите што немаат изгледи да резултираат со одлука за основаноста и, второ, да им се обезбеди на тие жалби што бараат испитување на основаноста да го поминат тестот за допуштеност. Во моментов, кај повеќето предмети што ја поминуваат оваа проверка, допуштеноста и основаноста се испитуваат во исто време, со што постапката се поедноставува и се забрзува.

Ова е обемен документ, кој првенствено е наменет за правните практичари, а особено за адвокатите што може да бидат повикани да ги застапуваат жалителите пред Судот. Еден втор, помал документ изработен со помалку технички поими, ќе послужи како алатка за учење на пошироката и помалку информирана читателска публика.

формална постапка за промена на Законот и за изедначување на користената терминологија (заб. на прав. редактор).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Сите критериуми за допуштеност што се предвидени во членот 34 (индивидуални жалби) и во членот 35 (критериуми за допуштеност) од Конвенцијата се испитани во поглед на судската практика на ЕСЧП. Се разбира, некои концепти, како што е рокот од шест месеци и, во помала мера, исцрпувањето на домашните правни средства, се полесно дефинирани од другите, како што е концептот за „очигледна неоснованост“, кој може да се разложи скоро до *ad infinitum*, или надлежноста на Судот *ratione materiae* или *ratione personae*. Понатаму, определени членови почесто се обжалуваат во однос на другите, а некои држави не ги ратификувале сите дополнителни протоколи на Конвенцијата, додека други имаат изразено резерви во поглед на опфатноста на определени одредби. Ретките случаи на меѓудржавни жалби не се земаат предвид бидејќи бараат многу поинаков пристап. Што се однесува до новиот критериум за допуштеност, ако се земе предвид фактот дека Протоколот број 14 влезе во сила неодамна, сѐ уште е премногу рано да се даде јасна слика за судската практика на Судот во таа смисла. Затоа, овој водич нема да се смета за сеисцрпен и ќе се концентрира на најчестослучуваните сценарија.

4. Овој водич го подготви Одделот за правни работи на Судот, а толкувањето на критериумите за допуштеност, кое е содржано во него, во никој случај не е обврзувачко за Судот. Тој редовно ќе биде ажуриран. Составен е на француски и на англиски јазик и ќе биде преведуван и на други јазици, така што приоритет ќе им се даде на официјалните јазици на државите со најголем број предмети во Судот.

5. Откако ќе бидат дефинирани поимите за индивидуална жалба и за статус на жртва, водичот ќе се осврне на процесните основи за недопуштеност (I), на основите поврзани со надлежноста на Судот (II) и на тие основи што се поврзани со основаноста на предметот (III).

A. Индивидуална жалба

Член 34 – Индивидуални жалби

„Судот прима жалби што му ги доставуваат физички лица, невладини организации или група поединци кои се сметаат за жртва на повреда на правата признаени во Конвенцијата или во нејзините протоколи што ја извршила една од Високите страни договорнички.[2] Високите страни договорнички се обврзуваат со никаква мерка да не го спречуваат ефикасното вршење на ова право“.

1. Цел на одредбата

6. Членот 34, кој го гарантира правото на индивидуална жалба, на поединците им дава единствено право да поднесуваат жалби пред меѓународните судови. Тоа е, исто така, една од основните гаранции за ефективноста на системот на Конвенцијата – една од „клучните компоненти на машинеријата“ за заштита на човековите права (*Loizidou v. Turkey* (прелиминарни приговори), § 70, и *Mamatkulov and Askarov v. Turkey* [GC], §§ 100 и 122).

7. Како жив инструмент, Конвенцијата мора да се толкува според дадените моментни услови. Добро воспоставената судска практика во оваа смисла, исто така, се однесува на процесните одредби, како што е членот 34 (*Loizidou v. Turkey* (прелиминарни приговори), § 71).

2. Статус на жалбата

8. Опфатност: Секој поединец може да побара заштита на правата од Конвенцијата против некоја држава што е членка кога евентуалната повреда настанала во рамки на надлежноста на засегнатата држава, во согласност со членот 1 од Конвенцијата (*Van der Tang v. Spain*, § 53). Притоа од жалителот не се бара точно да наведе кој член бил повреден (*Guzzardi v. Italy*, § 61).

9. Лица што имаат право на жалба: Секое физичко или правно лице може да го оствари правото на индивидуална жалба, без оглед на националноста, местото на живеење, граѓанскиот статус, ситуацијата или работната способност. За мајка што е

[2] Во оваа студија, наместо терминот ***договорнички***, ги употребуваме термините ***Висока(и) договорна(и) страна(и)*** и ***држава(и)-договорна(и) страна(и).*** Во вообичаената терминологија на стручната правна јавност во Р. Македонија, најчесто, се употребуваат овие термини, а не термините договорничка и договорнички. Како и во претходниот случај, поради автентичноста на цитирањето на службениот превод на Конвенцијата, таму каде што се цитира се употребуваат посочените термини. И во овој случај, се надеваме дека промената нема да предизвика забуна кај читателите и нагласуваме дека и двата термина имаат истоветно значење (заб. на прав. редактор).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

лишена од родителското право, види *Scozzari and Giunta v. Italy* [GC], § 138; за малолетник, види *A. v. the United Kingdom*; за лице што нема работна способност, без согласност на неговиот старател, види *Zehentner v. Austria*, §§ 39 и понатаму.

Секоја невладина организација, во поширока смисла - односно, со исклучок на организациите што вршат владини овластувања, може да го оствари правото на жалба. Што се однесува до субјектите на јавното право што не вршат владини овластувања, види *Holy Monasteries v. Greece*, § 49, и *Radio France and Others v. France* (dec.), §§ 24-26; за тие што се законски и финансиски независни од државата, види *Islamic Republic of Iran Shipping Lines v. Turkey*, §§ 80-81, и *Unédic v. France**[3], §§ 48-59.

Од друга страна, општина (*Ayuntamiento de Mula v. Spain* (dec.)), или дел од општина што учествува во вршењето на јавните овластувања (*Municipal Section of Antilly v. France* (dec.)), нема право да поднесе жалба врз основа на членот 34 (исто така, види *Döşemealtı Belediyesi v. Turkey** (dec.)).

Секоја група поединци: неформални здруженија, најчесто привремени, на неколку поединци (случајот „Белгиска лингвистика“). Сепак, локалните власти или кое и да е друго владино тело не можат да поднесат жалби преку поединците што ги сочинуваат или ги застапуваат, во врска со дела што се казнуваат од страна на државата за која се врзани или во чиешто име вршат јавни овластувања (*Demirbaş and Others v. Turkey** (dec.)).

10. Членот 34 не дозволува жалбени наводи за *in abstracto* повреди на Конвенцијата. Жалителите не можат да се жалат на одредба од домашното право само затоа што се чини дека таа е спротивна на Конвенцијата (*Monnat v. Switzerland*, §§ 31-32), ниту, пак, Конвенцијата овозможува поднесување на *actio popularis* (*Klass and Others v. Germany*, § 33; *The Georgian Labour Party v. Georgia* (dec.); и *Burden v. the United Kingdom* [GC], § 33).

11. Жалби поднесени преку застапник: Кога жалителите ќе изберат да бидат застапувани место лично да ја поднесат жалбата, членот 45 § 3 од Деловникот на Судот ги обврзува да доставаат уредно потпишано полномоштво. Особено е важно застапниците да покажат дека од евентуалната жртва добиле конкретни и јасни инструкции во смисла на членот 34, во чиешто име тие имаат намера да настапат пред Судот (*Post v. the Netherlands* (dec.)). За валидноста на полномоштвото, види *Aliev v. Georgia**, §§ 44-49. За автентичноста на жалбата, види *Velikova v. Bulgaria*, §§ 48-52.

12. Злоупотреба на правото на индивидуална жалба: Во поглед на однесувањето на жалителот, кое е во спротивност со целта на правото на жалба, види го поимот за злоупотреба на правото на индивидуална жалба во смисла на членот 35 § 3 од Конвенцијата (*Miroļubovs and Others v. Latvia**, §§ 62 и понатаму).

3. Судот ги донесува своите пресуди и одлуки на англиски и/или на француски јазик, на двата негови официјални јазици. Текстот на пресудите и одлуките што е означен со ѕвездичка е достапен само на француски јазик.

3. Слобода за остварување на правото на жалба

13. Правото на поднесување жалба до Судот е апсолутно и не дозволува никаква пречка. Овој принцип подразбира слобода да се комуницира со институциите на Конвенцијата (за комуникација во притвор, види *Peers v. Greece*, § 84, и *Kornakovs v. Latvia**, §§ 157 и понатаму). Исто така, во врска со ова погледни го и Европскиот договор од 1996 година во врска со лицата што учествуваат во постапките на Европскиот суд за човекови права. (CETS No. 161).

14. Домашните органи мора да се воздржат од секаква форма на притисок врз жалителите за да ги повлечат или да ги изменат своите жалбени барања. Според Судот, притисокот може да биде во форма на директна принуда и на флагрантен акт на заплашување на жалителите или на потенцијалните жалители, нивните семејства или нивните законски застапници, но, исто така, и во форма на несоодветни индиректни дејства или контакти (*Mamatkulov and Askarov v. Turkey* [GC], § 102).

Судот го испитува обесхрабрувачкиот ефект врз остварувањето на правото на индивидуална жалба (*Colibaba v. Moldova*, § 68).

Посебно мора да се има предвид ранливоста на жалителот и ризикот дека властите може да влијаат врз него (*Iambor v. Romania (no. 1)**, § 212). Подносителите на жалбите можат да бидат особено ранливи кога се наоѓаат во притвор пред судењето и кога им се ограничени контактите со семејството или со надворешниот свет (*Cotleț v. Romania**, § 71).

15. Некои поважни примери:

1. за испрашување од страна на властите во врска со жалбата: *Akdivar and Others v. Turkey* [GC], § 105, и *Tanrikulu v. Turkey* [GC], § 131;
   - закани за поведување на кривична постапка кон адвокатот на жалителот: *Kurt v. Turkey*, §§ 159-65; тужба од страна на властите за адвокатот во домашната постапка: *McShane v. the United Kingdom*, § 151;
   - распит на адвокатот на жалителот и на преведувачот од страна на полицијата во врска со барањето за правичен надомест на штета: *Fedotova v. Russia*, §§ 49-51; во врска со истрагите наредени од страна на владиниот застапник: *Ryabov v. Russia*, §§ 53-65;
2. неможност да се сретнат адвокатот и докторот на жалителот: *Boicenco v. Moldova*, §§ 158-59;
3. непочитување на доверливоста на разговорите меѓу адвокатот и жалителот во просторијата за состаноци: *Oferta Plus SRL v. Moldova*, § 156;
4. закани од страна на затворските власти: *Petra v. Romania*, § 44;
5. одбивање на затворските власти да ја препратат жалбата до Судот заради неисцрпување на домашните правни средства: *Nurmagomedov v. Russia*, § 61;

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

6. притисок врз сведок во случај пред Судот поврзан со условите во притворот: *Novinskiy v. Russia*, §§ 119 и понатаму;
7. обесхрабрувачки забелешки од страна на затворските власти во комбинација со неоправдани пропусти и доцнење при обезбедувањето на затвореникот со писмените материјали за негова кореспонденција и со документите што се потребни за неговата жалба до Судот: *Gagiu v. Romania**, §§ 94 и понатаму;
8. одбивање на властите на притворениот жалител да му обезбедат копии од документацијата што е потребна за неговата жалба до Судот: *Naydyon v. Ukraine*, § 68;
9. заплашување и вршење притисок врз жалителот од страна на властите во врска со предметот што се води пред Судот: *Lopata v. Russia*, §§ 154-60.

16. Околностите на случајот може да ја намалат сериозноста на евентуалното задирање во правото на индивидуална жалба (*Sisojeva and Others v. Latvia* (предметот е симнат од листата на предмети на Судот) [GC], §§ 118 и понатаму). Исто така, види го случајот *Holland v. Sweden* (dec.), каде што Судот утврдил дека уништувањето на лентите со записите од судската расправа во согласност со шведското право, пред да истече рокот од шест месеци за поднесување жалба до Судот, не го спречила жалителот ефективно да си го оствари правото на жалбено барање; и *Farcaş v. Romania** (dec.), каде што Судот сметал дека евентуалната неможност на жалител со телесна спреченост да ги исцрпи домашните правни средства, која се должела на недостигот од специјални установи што овозможуваат пристап до јавните услуги, не го спречила ефективно да си го оствари правото на жалба.

4. Обврски на тужената држава

(а) Членот 39 од Деловникот на Судот

17. Според членот 39 од Деловникот на Судот, Судот може да изрекува времени мерки (*Mamatkulov and Askarov v. Turkey* [GC], §§ 99-129). Членот 34 ќе биде повреден ако властите на државата што е договорна страна не успеат да ги преземат сите разумни чекори што би можеле да се преземат за да се постапи во согласност со мерката што е изречена од страна на Судот (*Paladi v. Moldova* [GC], §§ 87-92).

18. Неколку понови примери:

– неуспех да се обезбеди навремена средба меѓу притвореното лице што бара азил и адвокатот, и покрај привремената мерка содржана во членот 39 за таа цел: *D.B. v. Turkey*, § 67;
– предавање на притвореници на властите во Ирак во спротивност со привремената мерка: *Al-Saadoon and Mufdhi v. the United Kingdom*, §§ 162-65;
– протерување на првиот жалител во спротивност со привремената мерка: *Kamaliyevy v. Russia*, §§ 75-79.

19. Судот е тој што треба да провери дали било постапено во согласност со привремената мерка, додека, пак, државата што смета дека има материјал со кој може да го убеди Судот да ја укине привремената мерка, треба соодветно да го извести Судот (*Paladi v. Moldova* [GC], §§ 90-92; *Olaechea Cahuas v. Spain*, § 70; и *Grori v. Albania*, §§ 181 и понатаму).

Самиот факт дека постои барање за примена на членот 39 не е доволен за да ја обврзе државата да го запре извршувањето на одлуката за екстрадиција (*Al-Moayad v. Germany* (dec.), §§ 122 и следен; исто така, види и за обврската на тужената држава да соработува со Судот со доверба).

(б) Утврдување на фактичката состојба

20. Иако Судот е одговорен за утврдување на фактите, странките се тие што треба да обезбедат активна помош при снабдувањето на Судот со сите суштински информации. Нивното однесување ќе биде земено предвид кога се бара некој доказ (*Ireland v. the United Kingdom*, § 161).

Во смисла на системот на индивидуални жалби, важно е државите да ја обезбедат помошта што е неопходна за ефикасно испитување на жалбата. Ако Владата не успее да ги достави ваквите информации со кои располага, без да даде доволно објаснување, може да придонесе за извлекување заклучоци околу основаноста на тврдењата (*Maslova and Nalbandov v. Russia*, §§ 120-21), но, исто така, во врска со членот 38 на Конвенцијата (недоволен пристап до записниците на полицијата за задржување лица: *Timurtaş v. Turkey*, § 66; недоволен пристап до копиите од списите за истражниот предмет: *Imakayeva v. Russia*, § 201). Што се однесува до неуспешното доставување доверлив извештај до Судот, види *Nolan and K. v. Russia*, §§ 56 и понатаму.

Спречувањето на адвокатот да пристапи до медицинското досие на клиентот, кое е од суштинско значење за целите на конкретната жалба, според членот 34 се смета како пречка за остварување на правото на индивидуална жалба (*Boicenco v. Moldova*, § 158). За средбите меѓу адвокатот и жалителот, кој задолжително бил сместен во психијатриска болница, види го случајот *Shtukaturov v. Russia*, §§ 138 и понатаму. Споредi со доцнењето на Владата да обезбеди определени дополнителни информации, за што се сметало дека „за жал, е направено“, без притоа да биде оценето како пречка за остварување на правото на индивидуална жалба според членот 34 (*Öcalan v. Turkey* [GC], § 201).

Што се однесува до поврзаноста на членовите 34 и 38, види го случајот *Bazorkina v. Russia*, §§ 170 и следен чл. и § 175. Членот 34, кој е создаден за да го обезбеди ефективното остварување на правото на индивидуална жалба, претставува еден вид *lex generalis*, додека членот 38 конкретно бара од државите да соработуваат со Судот.

Судот може да утврди повреда на членот 38 дури и кога не е донесена посебна одлука во врска со допуштеноста (членот 29 § 3): види *Enukidze and Girgvliani v. Georgia*, § 295.

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

(в) Истраги

21. Од тужената држава, исто така, се очекува да помага околу истрагите (членот 38) бидејќи државата е таа што треба да ги обезбеди „потребните капацитети“ за ефективно испитување на жалбите (*Çakıcı v. Turkey* [GC], § 76). Спречувањето на посетите што имаат за цел да се утврди фактичката состојба претставува повреда на членот 38 (*Shamayev and Others v. Georgia and Russia*, § 504).

Б. Статус на жртва

Член 34 – Индивидуални жалби

„Судот прима жалби што му ги доставуваат физички лица, невладини организации или група поединци кои се сметаат за жртва на повреда на правата признаени во Конвенцијата или во нејзините протоколи што ја извршила една од Високите страни договорнички.[4] Високите страни договорнички се обврзуваат со никаква мерка да не го спречуваат ефикасното вршење на ова право.”

22. Според членот 34, само жалителите што се сметаат себеси за жртви на некоја повреда на Конвенцијата можат да се жалат пред Судот. Националните власти се тие што првенствено треба да ја исправат секоја евентуална повреда на Конвенцијата. Оттука, прашањето во врска со тоа дали некој жалител може да тврди дека е жртва на евентуална повреда е суштинско во секоја фаза на постапката пред Судот (*Scordino v. Italy (no. 1)* [GC], § 179).

1. За поимот „жртва“

23. Поимот за „жртва“ се толкува автономно и независно од домашните правила како што се тие што се поврзани со заштитата на интересите или способноста за преземање дејство (*Gorraiz Lizarraga and Others v. Spain*, § 35). Тој не подразбира постоење штета (*Brumărescu v. Romania* [GC], § 50) и доволно би било дејство што има само привремени правни последици (*Monnat v. Switzerland*, § 33).

24. Толкувањето на поимот „жртва“ треба да се развива во контекст на условите во современото општество и мора да се применува без прекумерен формализам (*Gorraiz Lizarraga and Others v. Spain*, § 38; *Monnat v. Switzerland*, §§ 30-33; *Stukus and Others v.*

[4] Во оваа студија, наместо терминот ***договорнички***, ги употребуваме термините ***Висока(и) договорна(и) страна(и)*** и ***држава(и)-договорна(и) страна(и).*** Во вообичаената терминологија на стручната правна јавност во Р. Македонија, најчесто, се употребуваат овие термини, а не термините договорничка и договорнички. Како и во претходниот случај, поради автентичноста на цитирањето на службениот превод на Конвенцијата, таму каде што се цитира се употребуваат посочените термини. И во овој случај, се надеваме дека промената нема да предизвика забуна кај читателите и нагласуваме дека и двата термина имаат истоветно значење (заб. на прав. редактор).

Poland, § 35; и *Ziętal v. Poland**, §§ 54-59). Судот смета дека прашањето за статусот на жртва може да биде во врска со основаноста на предметот (*Siliadin v. France*, § 63).

2. Директна жртва

25. Дејството или пропуштањето дејство за кое станува збор мора директно да влијае врз жалителот (*Amuur v. France*, § 36). Меѓутоа, овој критериум не може да се применува механички и нефлексибилно (*Karner v. Austria*, § 25).

26. Во зависност од случај до случај, Судот прифаќал жалби на „потенцијални" жртви, односно на лица што не можеле да се жалат на директна повреда.

27. Некои примери: пресуда во врска со следење телефонски разговори во Германија (*Klass and Others v. Germany*, § 34); за предмет поврзан со екстрадиција, види *Soering v. the United Kingdom*; за мерки што го ограничуваат доставувањето информации за абортус на жени на возраст на која можат да забременат, види *Open Door and Dublin Well Woman v. Ireland*, § 44.

28. Меѓутоа, сомнежот или претпоставката не се доволни за да се утврди статусот на жртва. Во врска со отсуство на формален налог за протерување види го случајот *Vijayanathan and Pusparajah v. France*, § 46; евентуални последици од парламентарен извештај: *The Christian Federation of Jehovah's Witnesses in France v. France* (dec.); потенцијална парична казна за компанија во својство на жалител: *Senator Lines GmbH v. fifteen Member States of the European Union* (dec.) [GC]; евентуални последици од судска пресуда што се однесува на трето лице што е во кома: *Rossi and Others v. Italy**(dec.). Жалителот не може да тврди дека е жртва во предмет во кој тој или таа делумно е одговорен за евентуална повреда (*Paşa and Erkan Erol v. Turkey**).

29. Повикувајќи се на домашното законодавство, поединци можат да тврдат дека некој закон им ги повредува правата, во отсуство на индивидуална мерка за спроведување, доколку тоа ги обврзува или да го променат своето однесување или да се соочат со обвинение (*Norris v. Ireland*; *Bowman v. the United Kingdom*), или ако припаѓаат на категорија лица што ризикуваат да бидат под директно влијание на законодавството (*Burden v. the United Kingdom* [GC], § 34; *Johnston and Others v. Ireland*). За случај поврзан со Уставот на државата, види *Sejdić and Finci v. Bosnia and Herzegovina* [GC], § 29.

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

3. Индиректна жртва

30. Судот може да прифати индивидуална жалба од лице што се смета за индиректна жртва, ако има лична или посебна поврзаност меѓу директната жртва и жалителот.

31. Примери: според членот 2, жалба од сопругата на жалителот *McCann and Others v. the United Kingdom* [GC]), и од внукот на починатиот (*Yaşa v. Turkey*, § 66). Според членот 3, жалба од мајката на лице што исчезнало додека било во притвор (*Kurt v. Turkey*); меѓутоа, братот на исчезнатото лице не се сметал за жртва (*Çakıcı v. Turkey* [GC], §§98-99). Според членот 5 § 5, случај поврзан со сопругот на жалителот, кој е задолжително задржан на лекување во психијатриска болница (*Houtman and Meeus v. Belgium**, § 30). Според членот 6 § 1 (правична судска постапка) види *Grădinar v. Moldova* (непристрасност на судовите); *Brudnicka and Others v. Poland*, §§ 26 и следен (право на одбрана на угледот на починатиот брачен другар); и *Marie-Louise Loyen and Bruneel v. France** (должина и правичност на постапките). Во врска со членот 6 § 2 види го случајот поврзан со вдовицата на обвинетиот што бил жртва на повреда на неговото право на претпоставка на невиност (*Nölkenbockhoff v. Germany*, § 33). Врз основа на членот 10 види *Dalban v. Romania* [GC], § 39, во врска со интересите на вдовицата на жалителот. Сепак, акционерите во некое трговско друштво не можат да тврдат дека се жртви на повреда на правата на друштвото во согласност со членот 1 од Протоколот број 1 (*Agrotexim and Others v. Greece*, §§ 62 и 64), освен во исклучителни околности (*Camberrow MM5 AD v. Bulgaria* (dec.)).

4. Смрт на жртвата

32. Жалбите може да бидат поднесени само од страна на живи лица или во нивна корист. Починато лице не може да поднесе жалба, дури ниту преку застапник (*Kaya and Polat v. Turkey** (dec.)). Меѓутоа, смртта на жртвата не значи автоматски и симнување на предметот од листата на предмети на Судот.

33. Начелно, семејството на починатиот жалител може да продолжи со жалбата ако покаже дека имало доволен интерес за тоа, кога жалителот починал по поднесувањето на жалбата до Судот. За случаите поврзани со наследници или блиски роднини како што се вдовици и деца, види *Raimondo v. Italy*, § 2, и *Stojkovic v. "the former Yugoslav Republic of Macedonia"*, § 25; за родители, види *X v. France*, § 26; за поинаков случај види *Malhous v. the Czech Republic* (dec.) [GC]; види ја, исто така, и пресудата за предметот *Scherer v. Switzerland*, §§ 31-32; за случај поврзан со универзален легатар, кој не е во роднинска врска со починатиот, види *Thévenon v. France* (dec.); види, исто така, *Léger v. France* (предметот е симнат од листата на предмети на Судот) [GC], §§ 50-51.

34. Меѓутоа, ситуацијата е поинаква кога директната жртва ќе почине пред да ја поднесе жалбата до Судот (*Fairfield v. the United Kingdom* (dec.)).

За жалба што се однесува на жалбени наводи поврзани со смртта на близок роднина, види *Velikova v. Bulgaria* (dec.); за исчезнувањето на близок роднина, види *Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 112.

За жалби во согласност со членот 6, види *Micallef v. Malta* [GC], §§ 48 и следен, и во наведените референци.

Кога станува збор за блиски роднини што поднесуваат жалби во согласност со членовите 8 до 11 и членот 3 од Протоколот бр. 1 во врска со постапките и фактите поврзани со починатиот, види *Gakiyev and Gakiyeva v. Russia*, §§ 164-68 и во наведените референци. Во поглед на пренослив жалби види *Sanles Sanles v. Spain* (dec.).

35. Покрај тоа, Судот има овластување да оцени дали е соодветно да го продолжи своето испитување за целите на заштитата на човековите права (*Karen v. Austria*, § 25 и следен). Овие овластувања се поврзани со постоењето прашање од општ интерес (ibid., § 27, и *Marie-Louise Loyen and Bruneel v. France**, § 29). Тие особено може да се појават тогаш кога жалбата задира во законодавството или во правниот систем или во практиката на тужената држава (види, *mutatis mutandis*, *Karner v. Austria*, §§ 26 и 28; исто така, види *Léger v. France* (предметот е симнат од листата на предмети на Судот) [GC], § 51).

5. Губење на статусот жртва

36. Жалителот мора да е во можност да го оправда својот статус на жртва во текот на постапките (*Burdov v. Russia*, § 30).

37. Како и да е, ублажувањето на казната или усвојувањето мерка од страна на домашните органи што е во корист на жалителот ќе го лиши од статусот жртва само ако повредата е изрично признаена, или, барем, во суштина, и ако подоцна е соодветно надоместена (*Scordino v. Italy (no. 1)* [GC], §§ 178 и следен и § 193). Ова, меѓу другото, ќе зависи од природата на правото, кое, наводно, било повредено, од причините што се наведени во одлуката (*Jensen v. Denmark* (dec.)) и од траењето на последиците што не се погодни за засегнатото лице по донесувањето на таа одлука (*Freimanis and Līdums v. Latvia**, § 68).

38. Примери: *Dalban v. Romania* [GC], § 44 (член 10); *Brumărescu v. Romania* [GC], § 50 (член 1 од Протоколот број 1 и член 6). За жалби според членот 6 во врска со постапки, кои, најверојатно, биле прекинати или кои завршиле со донесување ослободителна пресуда, види *Oleksy v. Poland* (dec.) (и споредi со жалбениот навод што е поврзан со должината на тие постапки); споредi со *Arat v. Turkey*, § 47, и *Bouglame v. Belgium** (dec.); за други специфични ситуации, види *Constantinescu v. Romania*, §§ 40-44; *Guisset v. France*, §§ 66-70; *Chevrol v. France*, §§ 30 и следен; *Moskovets v. Russia*, § 50 (притвор);

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

*Moon v. France**, §§ 29 и следен (парична казна); *D.J. and A.-K. R. v. Romania** (dec.), §§ 77 и следен (член 2 од Протоколот број 4); и *Sergey Zolotukhin v. Russia* [GC], § 115 (член 4 од Протоколот број 7).

39. Обезбедениот надомест на штетата мора да биде соодветен и доволен. Тоа ќе зависи од сите околности на случајот, а особено од природата на повредата на Конвенцијата за која станува збор (*Gäfgen v. Germany* [GC], § 116).

40. Дали некое лице ќе има статус на жртва може да зависи и од висината на надоместот што е доделен од страна на домашните судови и од ефективноста (вклучувајќи ја и брзината) на правното средство со кое бил дозволен тој надомест (*Normann v. Denmark* (dec.), и *Scordino v. Italy (no. 1)* [GC], § 202; исто така, види *Jensen and Rasmussen v. Denmark* (dec.), и *Gäfgen v. Germany* [GC], §§ 118-119).

41. Преседани:

За соодветноста на мерките што ги преземаат домашните власти во врска со членот 2 од Конвенцијата, види *Nikolova and Velichkova v. Bulgaria*, §§ 49-64.

Во врска со членот 3 од Конвенцијата, види *Gäfgen v. Germany* [GC], §§ 115-29; и *Kopylov v. Russia*, § 150. За евентуални повреди на членот 3 во однос на условите во притвор, види *Shilbergs v. Russia*, §§ 66-79. Исто така, види *Ciorap v. Moldova (no. 2)*, §§ 23-25, каде што Судот утврдил дека жалителот сè уште е жртва во смисла на членот 34 од Конвенцијата, бидејќи надоместот што го доделил домашниот суд бил значително понизок од минимумот, главно, доделуван во Стразбур за случаите кога постоела повреда на членот 3.

Во врска со членот 6 § 1 (должина на постапките) види *Scordino v. Italy (no. 1)* [GC], §§ 182-207; *Cocchiarella v. Italy* [GC], §§ 84-107; и *Delle Cave and Corrado v. Italy*, §§ 26 и понатаму. За одложено извршување на конечна судска одлука, види *Kudić v. Bosnia and Herzegovina*, §§ 7-18, и *Burdov v. Russia (no. 2)*.

42. Предметот може да биде симнат од листата со предмети на Судот бидејќи жалителот го загубил статусот на жртва - *locus standi*. Што се однесува до решавањето на предметот на домашно ниво по донесувањето на одлуката за допуштеност, види *Ohlen v. Denmark* (предметот е симнат од листата на предмети на Судот); за договор за пренос на правата што биле предмет на жалба испитана од страна на Судот, види *Dimitrescu v. Romania**, §§ 33-34.

43. Судот, исто така, испитува дали предметот треба да биде симнат од неговата листа на предмети врз една или повеќе основи утврдени во членот 37 на Конвенцијата, во контекст на настаните што се случиле непосредно по поднесувањето на жалбата, без оглед на фактот што жалителот сè уште може да тврди дека е „жртва“ (*Pisano v. Italy* (предметот е симнат од листата на предмети на Судот) [GC], § 39), или дури и независно од тоа дали тој или таа може или не може да продолжи да бара статус на жртва. За

развојот на настаните што се случувале по донесувањето на одлуката за пренесување на надлежноста на Големиот судски совет, види *El Majjaoui and Stichting Touba Moskee v. the Netherlands* (предметот е симнат од листата на предмети на Судот) [GC], §§ 28-35; откако жалбата била прогласена за допуштена: *Shevanova v. Latvia* (предметот е симнат од листата на предмети на Судот) [GC], §§ 44 и следен; и по пресудата на Советот: *Sisojeva and Others v. Latvia* (предметот е симнат од листата на предмети на Судот) [GC], § 96).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

I. ПРОЦЕСНИ ОСНОВИ ЗА НЕДОПУШТЕНОСТ

A. Неисцрпување на домашните правни средства

Член 35 § 1 – Критериуми за прифатливост

„Судот може да прифати случај само откако ќе бидат исцрпени сите домашни правни средства, врз основа на општоприфатените принципи од меѓународното право и во рок од шест месеци сметано од датумот на кој е донесена конечната интерна одлука“.

44. Како што покажува самиот текст на членот 35, ова барање е засновано врз општоприфатените принципи од меѓународното право. Обврската за исцрпување на домашните правни средства е дел од вообичаеното меѓународно право, кое како такво е признаено во судската практика на Меѓународниот суд на правдата (како пример види го случајот на *Interhandel (Switzerland v. the United States)*, пресуда од 21 март 1959 година). Таа, исто така, може да се сретне и во други меѓународни договори за човекови права: во Меѓународниот пакт за граѓански и за политички права (во членот 41(1)(в)), во неговиот Факултативен протокол (членови 2 и 5(2)(б)); Американската конвенција за човекови права (член 46); и Африканската повелба за правата на човекот и на народите (членовите 50 и 56(5)). Како што забележал Судот во *De Wilde, Ooms and Versyp v. Belgium*, државата може да се откаже од потребата на правилото за исцрпување на домашните правни средства, кога е воспоставена долгогодишна меѓународна практика во таа смисла (§ 55).

45. Судот треба да биде супсидијарен во однос на националните системи за заштита на човековите права и е соодветно на националните судови да им се даде можност да ги утврдат прашањата што се однесуваат на усогласеноста на домашното право со Конвенцијата (*A, B and C v. Ireland* [GC], § 142). Ако, сепак, подоцна се достави жалба до Стразбур, Судот треба да извлече корист од ставовите на националните судови затоа што тој е во директен и континуиран контакт со главните сили во тие држави (*Burden v. the United Kingdom* [GC], § 42).

46. Се поставува прашањето дали некое конкретно правно средство е домашно или меѓународно. Ако е домашно, тогаш е вообичаено тоа да биде исцрпено пред да биде поднесена жалбата до Судот. Ако е меѓународно, тогаш жалбата може да биде одбиена во согласност со членот 35 § 2 (б) на Конвенцијата (види ја точката I.E.). Судот треба да донесе одлука дали едно тело е од домашен или од меѓународен карактер така што ќе ги земе предвид сите суштински фактори како што се: правниот карактер, инструментот за неговото основање, неговата надлежност, неговото место (во случај да постои) во постојниот правен систем и неговото финансирање (*Jeličić v. Bosnia and Herzegovina* (dec.); *Peraldi v. France** (dec.)) (види ја точката I.E.).

1. Цел на правилото

47. Образложението на правилото на исцрпување на домашните правни средства е на домашните власти, првенствено на судовите, да им се даде можност да ги спречат или да ги исправат евентуалните повреди на Конвенцијата. Тоа се заснова на претпоставката, содржана во членот 13, дека националниот правен поредок ќе обезбеди право на реална жалба за повреди на правата од Конвенцијата. Ова е важен аспект на супсидијарниот карактер на машинеријата на Конвенцијата (*Selmouni v. France* [GC], § 74; *Kudła v. Poland* [GC], § 152; *Andrášik and Others v. Slovakia* (dec.)). Тој се применува без оглед на тоа дали одредбите на Конвенцијата се инкорпорирани во домашното право (*Eberhard and M. v. Slovenia*). Неодамна Судот повтори дека правилото за исцрпување на домашните правни средства е незаменлив дел од функционирањето на системот за заштита во согласност со Конвенцијата и дека тоа е основно начело (*Demopoulos and Others v. Turkey* (dec.) [GC], §§ 69 и 97).

2. Примена на правилото

(а) Приспособливост

48. Правилото за исцрпување на домашните правни средства повеќе може да се опише како златно правило отколку како правило што е издлабено во камен. Комисијата и Судот постојано ја нагласуваат потребата за примена на ова правило со извесен степен на приспособливост и без прекумерен формализам, во смисла на заштитата на човековите права (*Ringeisen v. Austria*, § 89; *Lehtinen v. Finland* (dec.)). Ова правило не е ниту апсолутно ниту, пак, може автоматски да се применува (*Kozacıoğlu v. Turkey* [GC], § 40). На пример, Судот донел одлука дека би било премногу формалистички да бара од жалителите да го искористат правното средство, кое дури ниту највисокиот суд во државата не ги обврзал да го користат (*D.H. and Others v. the Czech Republic* [GC], §§ 116-18). Во еден случај, Судот ги зел предвид тесните временски рокови што биле определени за одговорот на жалителите, истакнувајќи ја притоа „итноста“ со која требало да ги достават своите поднесоци (види *Financial Times Ltd and Others v. the United Kingdom*, §§ 43-44). Сепак, искористувањето на достапните правни средства во согласност со домашните процедури и со почитување на формалностите што се пропишани во националното право е особено важно во случај кога е загрозено утврдувањето на правната јасност и сигурност (*Saghinadze and Others v. Georgia*, §§ 83-84).

(б) Усогласеност со домашните правила и ограничувања

49. Во секој случај, жалителите мораат да ги почитуваат правилата и постапките на домашното право, а доколку не успеат во тоа, нивната жалба, најверојатно, нема да ги исполнува условите што се пропишани во членот 35 (*Ben Salah Adraqui and Dhaime v. Spain* (dec.); *Merger and Cros v. France* (dec.); *MPP Golub v. Ukraine* (dec.); *Agbovi v. Germany** (dec.)). Членот 35 § 1 не се почитува ако жалбата не е прифатена за

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

испитување поради процедурална грешка причинета од страна на жалителот (*Gäfgen v. Germany* [GC], § 143).

Сепак, треба да се забележи дека кога апелацискиот суд ја испитува основаноста на барањето, дури и ако го смета за недопуштено, се смета дека членот 35 § 1 е почитуван (*Voggenreiter v. Germany*). Ова, исто така, е случај и со жалителите што не се придржувале до формалностите на домашното право, иако надлежните органи ја испитувале суштината на барањето (*Vladimir Romanov v. Russia*, § 52). Истото важи и за многу површно формулираните барања, кои едвај ги задоволуваат законските услови, каде што судот, па дури и само накратко, донел одлука за основаноста: (*Verein gegen Tierfabriken Schweiz (VgT) v. Switzerland (no. 2)* [GC], §§ 43-45).

(в) Постоење повеќе правни средства

50. Ако се достапни повеќе потенцијални реални жалби, од жалителот се бара да искористи само една од нив (*Moreira Barbosa v. Portugal* (dec.); *Jeličić v. Bosnia and Herzegovina* (dec.); *Karakó v. Hungary*, § 14; *Aquilina v. Malta* [GC], § 39). Тоа значи дека ако е искористено едно правно средство, не е потребно за истата цел да се употреби друго правно средство (*Riad and Idiab v. Belgium*,* § 84; *Kozacıoğlu v. Turkey* [GC], §§ 40 и следен; *Micallef v. Malta* [GC], § 58). Жалителот треба да избере кое правно средство е најсоодветно во неговиот предмет. Накратко, ако домашното право нуди неколку паралелни правни средства во различни правни области, жалителот има право да побара надомест на штета за евентуална повреда на Конвенцијата, иако со користење на некое од овие правни средства не мора да се услови и користење на друго правно средство, кое, во суштина, ја има истата цел (*Jasinskis v. Latvia*, §§ 50 и 53-54).

(г) Жалбен навод истакнат во суштина

51. Не е потребно правото од Конвенцијата да биде изрично истакнато во домашните постапки, во случај кога жалбениот навод е истакнат „барем во суштина“ (*Castells v. Spain*, § 32; *Ahmet Sadik v. Greece*, § 33; *Fressoz and Roire v. France*, § 38; *Azinas v. Cyprus* [GC], §§ 40-41). Тоа значи дека ако жалителот не се потпира на одредбите на Конвенцијата, тој или таа мора да истакне аргументи за таа или за слична цел врз основа на домашното право за да им даде можност на домашните судови, пред сè, да ја исправат евентуалната повреда (*Gäfgen v. Germany* [GC], §§ 142, 144 и 146; *Karapanagiotou and Others v. Greece**, § 29; и, во врска со жалбен навод што не бил истакнат, дури ниту имплицитно, во последен степен на надлежност, *Association Les témoins de Jéhovah v. France** (dec.)).

(д) Постоење и соодветност

52. Жалителите се должни да ги исцрпат само домашните правни средства, кои, теоретски и практично, се достапни во соодветно време и кои можат самите директно

да ги вложуваат – односно правни средства што се достапни, кои можат да овозможат надомест во однос на нивните жалбените наводи и нудат разумни изгледи за успех (*Sejdovic v. Italy* [GC], § 46; *Paksas v. Lithuania* [GC], § 75).

53. Дискрециските или вонредните правни средства не мора да се користат, како што е, на пример, барањето судот да ја преиспита својата одлука (*Çınar v. Turkey** (dec.); *Prystavka v. Ukraine* (dec.)); или барањето за повторно отворање на претресот, освен во посебни случаи каде што, на пример, со домашното право било утврдено дека таквото барање, всушност, претставува реална жалба (*K.S. and K.S. AG v. Switzerland* (dec.)); или каде што укинувањето на пресудата, кое станало правосилно, е единственото средство со кое тужената држава може да ги спроведе работите директно преку својот правен систем (*Kiiskinen v. Finland* (dec.); *Nikula v. Finland* (dec.)). Слично на тоа, жалба до повисок орган не претставува реална жалба (*Horvat v. Croatia*, § 47; *Hartman v. the Czech Republic*, § 66); ниту, пак, правно средство што е директно достапно до жалителот, туку тоа зависи од почитувањето на дискрецијата од страна на посредникот (*Tănase v. Moldova* [GC], § 122). Што се однесува до ефективноста на конкретниот случај на жалба, која, во принцип, не мора да биде искористена (Народен правобранител), види го образложението на пресудата *Egmez v. Cyprus*, §§ 66-73. На крајот, домашно правно средство што не подлежи на никаков конкретен временски рок и поради тоа создава несигурност не може да се смета за ефективно. (*Williams v. the United Kingdom* (dec.), и тука наведените референци.).

Доколку жалителот искористил правно средство, кое Судот го смета за несоодветно, времето што му било потребно за преземање на таквото правно средство нема да го запре истекувањето на рокот од шест месеци што, пак, може да доведе до отфрлање на жалбата како ненавремена (*Rezgui v. France* (dec.) and *Prystavska v. Ukraine* (dec.)).

(ѓ) Достапност и ефективност

54. Постоењето на правните средства мора да биде доволно сигурно, не само во теорија, туку и во практика. При определувањето дали некое конкретно правно средство ги задоволува критериумите на достапност и на ефективност, мора да се имаат предвид посебните околности на случајот (види ја точката 4 подолу). Позицијата што ја заземаат домашните судови мора да биде доволно консолидирана во националниот правен поредок. Па, така, Судот смета дека свртувањето кон повисок суд ја губи својата „ефективност“ заради дивергенциите во судската практика на тој суд, сè додека постојат ваквите дивергенции (*Ferreira Alves v. Portugal (no. 6)**, §§ 28-29).

Судот мора реално да ги земе предвид не само формалните правни средства што се достапни во националниот правен систем, туку и општиот правен и политички контекст во чиишто рамки функционираат, како и личните околности на жалителот (*Akdivar and Others v. Turkey* [GC], §§ 68-69; *Khashiyev and Akayeva v. Russia*, §§ 116-17). Тој мора, во сите околности на случајот, да испита дали жалителот направил сè што разумно би

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

можело да се очекува од него или од неа, за да ги исцрпи домашните правни средства (*D.H. and Others v. the Czech Republic* [GC], §§ 116-22).

Овде треба да се забележи дека границите, реални или правни, не претставуваат пречка *per se* за исцрпувањето на домашните правни средства. По правило, жалителите што живеат надвор од рамките на надлежноста на државата што е договорна страна не се исклучени од исцрпувањето на домашните правни средства во таа држава, без оглед на практичната неизводливост или на личната неволност (*Demopoulos and Others v. Turkey* (dec.) [GC], §§ 98 и 101, која се однесува на жалители што не се наоѓаат доброволно под надлежност на тужената држава).

3. Ограничување на примената на ова правило

55. Во согласност со „општоприфатените принципи на меѓународното право“, може да постојат посебни околности што го ослободуваат жалителот од обврската за користење на домашните правни средства што се на располагање (*Sejdovic v. Italy* [GC], § 55) (види ја точката 4 подолу).

Ова правило не се применува тогаш кога управната практика се состои од повторување на дела што не се спои со Конвенцијата, а се покажало дека постои официјална толеранција од страна на државните власти, која ги прави постапките бесмислени или неефективни (*Aksoy v. Turkey*, § 52).

Доколку од жалителот се бара да употреби определено правно средство, тоа во практика би било неразумно и би создало непропорционална пречка за ефективно искористување на правото на индивидуална жалба според членот 34 на Конвенцијата, па затоа Судот ќе заклучи дека жалителот е ослободен од тоа барање (*Veriter v. France**, § 27; *Gaglione and Others v. Italy**, § 22).

Изрекувањето парична казна врз основа на резултатот од жалбата, кога не е утврдена повреда на постапката, го исклучува правниот лек од тие правни средства што мора да бидат исцрпени (*Prencipe v. Monaco**, §§ 95-97).

4. Префрлување на товарот на докажување

56. Кога Владата тврди дека не се исцрпени домашните правни средства, тогаш таа го носи товарот на докажување дека жалителот не искористил правно средство што истовремено било ефективно и достапно (*Dalia v. France*, § 38; *McFarlane v. Ireland* [GC], § 107). Достапноста на секое правно средство мора да биде доволно загарантирана и во законот и во практиката (*Vernillo v. France*). Затоа, основите на правните средства во домашното право мора да бидат јасни (*Scavuzzo-Hager and Others v. Switzerland** (dec.); *Norbert Sikorski v. Poland**, § 117; *Sürmeli v. Germany* [GC], §§ 110-12). Правното средство мора да може да обезбеди надомест во врска со жалбените наводи на жалителите и да

понуди разумни изгледи за успех (*Scoppola v. Italy (no. 2)* [GC], § 71). Развојот и достапноста на правното средство за кое се вели дека постои, вклучувајќи го неговиот опфат и примена, мора јасно да бидат дефинирани и потврдени или надополнети во практиката или во судската практика (*Mikolajová v. Slovakia*, § 34). Ова наоѓа примена дури и во смисла на систем што е инспириран од обичајното право, со пишан устав, кој имплицитно го гарантира правото врз кое може да се потпре жалителот (*McFarlane v. Ireland* [GC], § 117), а кое се однесува на правно средство што било теоретски достапно речиси дваесет и пет години, но никогаш не било употребено).

Секако, владините аргументи ќе имаат поголема тежина доколку содржат повеќе примери од домашната судска практика (*Doran v. Ireland*; *Andrášik and Others v. Slovakia* (dec.); *Di Sante v. Italy** (dec.); *Giummarra and Others v. France** (dec.); *Paulino Tomás v. Portugal* (dec.); *Johtti Sapmelaccat Ry and Others v. Finland* (одлуки)), кои се покажале како суштински (*Sakhnovskiy v. Russia* [GC], §§ 43-44).

57. Кога Владата тврди дека жалителот можел директно да се потпре на Конвенцијата пред националните судови, степенот на сигурност на таквото правно средство ќе треба да биде покажан со конкретни примери (*Slavgorodski v. Estonia* (dec.).

58. За Судот се поприфатливи ваквите тврдења дека домашното законодавство вовело посебно правно средство за да се соочи со предолгото времетраење на судската постапка *Brusco v. Italy* (dec.); *Slaviček v. Croatia* (dec.)). Исто така, види *Scordino v. Italy (no. 1)* [GC], §§ 136-48. Спротивно на тоа е предметот *Merit v. Ukraine*, § 65.

59. Штом Владата ќе се ослободи од својот товар на докажување дека жалителот имал на располагање соодветна и ефективен правен лек, на жалителот останува да покаже дека:

1. правното средство, навистина, било искористено (*Grässer v. Germany* (dec.)); или
2. од некои причини правното средство не било соодветно и ефективно во определени околности на случајот (*Selmouni v. France* [GC], § 76 – на пример, во случај на прекумерно одложување на спроведувањето на истрагата – *Radio France and Others v. France* (dec.), § 34; или правно средство што вообичаено е достапно, како што е жалба врз основа на закон, но која, во поглед на пристапот што се презема во слични случаи не била ефективна во околностите на случајот: *Scordino v. Italy* (dec.); *Pressos Compania Naviera S.A. and Others v. Belgium*, §§ 26-27), дури и кога одлуките за кои станува збор биле донесени неодамна (*Gas and Dubois v. France* (dec.)). Ова, исто така, е случај ако жалителот не бил во можност директно да се жали пред соодветниот суд (*Tănase v. Moldova* [GC], § 122). Во определени посебни околности може да постојат жалители во слични ситуации, а некои од нив не се жалеле пред судот што бил определен од страна на Владата, туку се ослободени од ваквата обврска бидејќи домашното правно средство искористено од страна на други лица во практиката се покажало како неефикасно и би можел и во нивниот случај да се покаже како такво (*Vasilkoski and Others v. "the former Yugoslav Republic of Macedonia"*, §§ 45-46; *Laska and Lika v. Albania*,

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

§§ 45-48). Сепак, ова се применува во исклучително посебни случаи (споредi *Saghinadze and Others v. Georgia*, §§ 81-83); или, пак,

1. дека постоеле посебни околности што го ослободувале жалителот од барањето (*Akdivar and Others v. Turkey* [GC], §§ 68-75; *Sejdovic v. Italy* [GC], § 55; и *Veriter v. France**, § 60).

60. Таков фактор може да биде предизвикан од страна на државните органи кога остануваат сосема пасивни во врска со сериозни тврдења за несоодветно однесување или предизвикување штета од страна на државни службеници, како на пример кога не успеале да преземат истрага или да понудат помош. Може да се каже дека во вакви околности товарот на докажување се пренесува уште еднаш, така што тужената Влада треба да покаже што направила како одговор на степенот и сериозноста на проблемот што е предмет на жалбата (*Demopoulos and Others v. Turkey* (dec.) [GC], § 70).

61. Самиот сомнеж на жалителот во однос на ефективноста на определено правно средство нема да го ослободи од обврската да го испроба правното средство (*Epözdemir v. Turkey* (dec.); *Miloševič v. the Netherlands* (dec.); *Pellegriti v. Italy** (dec.); *MPP Golub v. Ukraine* (dec.)). Напротив, во интерес на жалителот е да се жали до соодветниот суд давајќи му можност на судот да ги развива постојните права преку своите овластувања за нивно толкување (*Ciupercescu v. Romania**, § 169). Во правен систем што обезбедува уставна заштита на основните права вообичаено е лицето што претрпело штета да го провери степенот на таа заштита и, во системот на обичајното право, да им дозволи на домашните судови да ги развиваат овие права по пат на нивно толкување (*A, B and C v. Ireland* [GC], § 142). Доколку предложеното правно средство, во суштина, не нуди разумни изгледи за успех, на пример во поглед на утврдената домашна судска практика, фактот дека жалителот не го искористил правното средство не е пречка за допуштеноста (*Pressos Compania Naviera S.A. and Others v. Belgium*, § 27; *Carson and Others v. the United Kingdom* [GC], § 58).

5. Процесни аспекти

62. Барањето жалителот да ги искористи домашните правни средства, обично, е определено со упатување кон денот кога жалителот ја поднел својата жалба до Судот (*Baumann v. France**, § 47), што е предмет на исклучоци, кои може да бидат оправдани со посебните околности на случајот (види ја точката 6 подолу). Сепак, Судот прифаќа дека последната фаза од таквите правни средства може да се достигне кратко време по поднесувањето на жалбата, но пред да го реши проблемот со допуштеноста (*Karoussiotis v. Portugal**, § 57).

63. Кога Владата има намера да поднесе приговор за неискористување, таа мора да го направи тоа во таа мера колку што дозволуваат карактерот на приговорот и околностите, во нејзините опсервации пред усвојувањето на одлуката за допуштеност,

иако може да постојат исклучителни околности што ќе ја ослободат од ваквата обврска (*Mooren v. Germany* [GC], § 57 и тука наведените референци, §§ 58-59).

Не е невообичаено приговорот за неисцрпување да биде приклучен кон основаноста, особено во случаите што се однесуваат на процесни обврски или гаранции, на пример жалби поврзани со процесните аспекти на членот 2 (*Dink v. Turkey**, §§ 56-58) или на членот 3; во врска со членот 6 (*Scoppola v. Italy (no. 2)* [GC], § 126); членот 8 (*A, B and C v. Ireland* [GC], § 155); и членот 13 (*Sürmeli v. Germany* [GC], § 78, и *M.S.S. v. Belgium and Greece* [GC], § 336).

6. Создавање нови правни средства

64. Процената за тоа дали биле искористени домашните правни средства, обично, се прави земајќи ја предвид состојбата во која се наоѓала постапката на денот кога жалителот ја поднел својата жалба до Судот. Како и да е, постојат исклучоци од ова правило во однос на создавањето нови правни средства (*İçyer v. Turkey* (dec.), §§ 72 и следен). Судот отстапува од ова правило, пред сè, во предметите што се однесуваат на должината на постапката (*Predil Anstalt v. Italy** (dec.); *Bottaro v. Italy** (dec.); *Andrášik and Others v. Slovakia* (dec.); *Nogolica v. Croatia* (dec.); *Brusco v. Italy* (dec.); *Korenjak v. Slovenia* (dec.), §§ 66-71); или што се однесуваат на нов компезациски правен лек за задирањето во имотните права (*Charzyński v. Poland* (dec.); *Michalak v. Poland* (dec.); *Demopoulos and Others v. Turkey* (dec.) [GC]); или неуспех во спроведувањето на домашните пресуди (*Nagovitsyn and Nalgiyev v. Russia* (dec.), §§ 36-40); или пренаселеност на затворите (*Łatak v. Poland* (dec.)).

Судот води сметка за ефективноста и за достапноста на последователни правни средства (*Demopoulos and Others v. Turkey* (dec.) [GC], § 88).

За случај во кој новиот правен лек не е ефективен во конкретниот предмет, види *Parizov v. "the former Yugoslav Republic of Macedonia"*, §§ 41-47. За случај во кој новиот уставен правен лек е ефективен, види *Cvetković v. Serbia*, § 41.

Во врска со денот од кој би било правично да се бара од жалителот да користи правно средство што неодамна било инкорпорирано во правниот систем на држава чијашто судска практика претрпува промени, види *Depauw v. Belgium** (dec.), и воопштено *McFarlane v. Ireland* [GC], § 117; за правно средство што е воведено неодамна по донесување на пилот-пресуда: *Fakhretdinov and Others v. Russia* (dec.), §§ 36-44; и во врска со отстапувањето од домашната судска практика: *Scordino v. Italy (no. 1)* [GC], § 147.

Во случаите *Scordino v. Italy (no. 1)* [GC] и *Cocchiarella v. Italy* [GC] Судот ги навестил карактеристиките што мора да ги имаат домашните правни средства за да бидат ефективни во случаите поврзани со должината на постапката (види, исто така, од неодамна, *Vassilios Athanasiou and Others v. Greece**, §§ 54-56). Начелно, правното средство без превентивен или компензаторен ефект во однос на должината на постапката не треба да биде употребено (*Puchstein v. Austria*, § 31). Правното средство што се однесува на должината на постапката мора, пред сè, да функционира без

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

прекумерни доцнења и да обезбедува соодветен степен на надомест на штета (*Scordino v. Italy (no. 1)* [GC], §§ 195 и 204-07).

65. Таму каде што Судот утврдил структурни или општи недостатоци во домашното право или практика, може да побара од државата да ја провери ситуацијата и, ако е потребно, да преземе ефективни мерки за да спречи слични предмети да бидат изнесени пред Судот (*Lukenda v. Slovenia*, § 98). Тој може да заклучи дека државата или треба да ја измени постојната палета на правни средства или во неа да додаде нови за да осигури оригинално и ефикасно исправување на повредите на правата на Конвенцијата (види ги, на пример, пилот-пресудите во *Xenides-Arestis v. Turkey*, § 40; и *Burdov v. Russia (no. 2)*, §§ 42, 129 и следен, и 140). Посебно внимание треба да ѝ се посвети на потребата за обезбедување ефективни домашни правни средства (види ја пилот-пресудата во *Vassilios Athanasiou and Others v. Greece**, § 41).

Ако тужената држава вовела ново правно средство, Судот ќе испита дали тоа средство е ефективно (на пример, *Robert Lesjak v. Slovenia*, §§ 34-55; *Demopoulos and Others v. Turkey* (dec.) [GC], § 87). Ако тоа е случај, тогаш Судот ќе бара од другите жалители во слични случаи да го искористат новото правно средство, доколку не се спречени да го направат тоа поради застареност. Тој ќе ги прогласи ваквите жалби за недопуштени во согласност со членот 35 § 1, дури и ако тие биле поднесени пред да биде создадено новото правно средство (*Grzinčič v. Slovenia*, §§ 102-10; *İçyer v. Turkey* (dec.), §§ 74 и следен).

Ова се однесува на домашните правни средства што биле достапни по поднесувањето на жалбите. Оценката за тоа дали имало исклучителни околности што ги принудиле жалителите да посегнат кон таквото правно средство, пред сè, ја зема предвид природата на новите домашни регулативи и контекстот во кој биле воведени (*Fakhretdinov and Others v. Russia* (dec.), § 30). Во овој понов предмет, Судот сметал дека ефективното домашно правно средство, воведено по една пилот-пресуда во која го наредил воведувањето на таквото правно средство, би требало да биде искористено пред жалителите да бидат во можност да се жалат пред Судот.

Исто така, Судот ги прецизирал условите за поднесување на жалбата содржани во членот 35 § 1 во согласност со датумот на апликацијата (ibid., §§ 31-33; исто така, види *Nagovitsyn and Nalgiyev v. Russia* (dec.), §§ 29 и следен, и 42).

Б. Непочитување на рокот од шест месеци

Член 35 § 1 – Критериуми за прифатливост

„Судот може да прифати случај само откако ќе бидат исцрпени сите домашни правни средства, врз основа на општоприфатените принципи од меѓународното право и во рок од шест месеци сметано од датумот на кој е донесена конечната интерна одлука“.

1. Цел на правилото

66. Целта на правилото кое се однесува на рокот од шест месеци е да ја промовира правната сигурност, како и да обезбеди предметите кои покренуваат прашања од Конвенцијата да бидат испитани во разумен рок и да ги заштити властите и другите засегнати лица од тоа долго време да бидат во несигурна ситуација (*P.M. v. the United Kingdom* (dec.)).

67. Ова правило, исто така, му дава доволно време на потенцијалниот жалител да размисли дали сака да поднесе жалба и, ако е тоа случај, да донесе одлука за конкретните жалбени наводи и аргументи што треба да бидат истакнати (*O'Loughlin and Others v. the United Kingdom* (dec.)), како и да го олесни утврдувањето на фактичката состојба на случајот, истекот на времето што го прави проблематично секое правично испитување на покренатите прашања (*Nee v. Ireland* (dec.)).

68. Тоа ги поставува временските граници на надзорот што го врши Судот и притоа на обете страни, и на поединците и на државните власти, им го предочува периодот, по чиешто истекување веќе не е возможен таквиот надзор (*İpek v. Turkey* (dec.); *Di Giorgio and Others v. Italy** (dec.)).

69. Судот нема право да отстапи од примената на правилото за рокот од шест месеци (на пример, при недостиг од коментари на Владата за тоа прашање) (*Belaousof and Others v. Greece**, § 38).

70. Правилото што се однесува на рокот од шест месеци не може да бара од жалителот или од жалителката да ја поднесе својата жалба до Судот, пред неговата или нејзината позиција во врска со ова прашање конечно да биде решена на домашно ниво (*Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 157).

2. Датум од кој почнува да тече рокот од шест месеци

(а) Конечна одлука

71. Периодот од шест месеци почнува да тече од донесувањето на конечната одлука во постапката за исцрпување на домашните правни средства (*Paul and Audrey Edwards v. the United Kingdom* (dec.)). Жалителот морал да ги искористи домашните правни средства за кои е извесно дека се ефикасни и доволни (*Moreira Barbosa v. Portugal* (dec.)).

72. Само правните средства што се вообичаени и ефективни може да бидат земени предвид, така што жалителот не може да го прошири строгото временско ограничување

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

што е утврдено во Конвенцијата обидувајќи се да поднесе несоодветна жалба или жалба што ќе биде погрешно сфатена до телата или институциите што немаат овластувања или надлежности да понудат ефикасен надомест на жалбените наводи што се истакнати во согласност со Конвенцијата (*Fernie v. the United Kingdom* (dec.)).

73. Не може да им се даде важност на правните средства чијашто употреба зависи од дискрециската моќ на државните службеници и кои, како последица на тоа, не се директно достапни до жалителот. Слично на тоа, правните средства што немаат точни временски рокови создаваат несигурност и го обезвреднуваат правилото што се однесува на рокот од шест месеци содржано во членот 35 § 1 (*Williams v. the United Kingdom* (dec.)).

74. По правило, членот 35 § 1 не бара од жалителите да поднесат барање за повторно отворање на претресот или да искористат сличен вонреден правен лек и не дозволува временскиот рок од шест месеци да биде продолжен врз основа на тоа дека биле искористени таквите правни средства (*Berdzenishvili v. Russia* (dec.); *Tucka v. the United Kingdom (no. 1)* (dec.)). Сепак, доколку некој вонреден правен лек е единственото судско правно средство што му стои на располагање на жалителот, рокот од шест месеци почнува да истекува од денот на донесувањето на одлуката по однос на тој лек (*Ahtinen v. Finland* (dec.)).

Апликацијата во која жалителот ги поднел своите жалбени наводи во рок од шест месеци од донесувањето на одлуката со која се одбива неговото барање за повторно отворање на претресот е недопуштена, бидејќи одлуката не е „конечна одлука“ (*Sapeyan v. Armenia*, § 23).

Во случаите кога претресот бил повторно отворен или кога конечната одлука била преиспитана, периодот од шест месеци во поглед на првичните постапки или конечната одлука ќе престане да тече само во врска со тие прашања од Конвенцијата, кои послужиле како основа за таквото преиспитување или повторување и биле предмет на испитување пред вонредното апелациско тело (ibid., § 24).

(б) Појдовна точка

75. Периодот од шест месеци почнува да истекува од денот на кој жалителот или неговиот застапник ќе се здобие со доволно сознанија за конечната домашна одлука (*Koç and Tosun v. Turkey** (dec.)).

76. Државата што истакнува приговор за непочитување на рокот од шест месеци треба да го утврди датумот кога жалителот станал свесен за конечната домашна одлука (*Şahmo v. Turkey** (dec.)).

(в) Достава на одлуката

77. Достава до жалителот: Кога жалителот има право на директна достава на копија од конечната домашна одлука, смислата и целта на членот 35 § 1 на Конвенцијата најдобро ќе бидат постигнати ако рокот од шест месеци почне да тече од денот на доставата на копија од одлуката (*Worm v. Austria*, § 33).

78. Достава до адвокатот: Периодот од шест месеци почнува да тече од денот на кој адвокатот на жалителот станал свесен за одлуката со која се комплетира исцрпувањето на домашните правни средства, без оглед на фактот што жалителот дури подоцна станал свесен за одлуката (*Çelik v. Turkey* (dec.)).

(г) Без достава на одлуката

79. Кога доставата не е предвидена во домашното право, најсоодветно е како појдовна точка да се земе датумот кога била изработена конечната одлуката, поточно кога странките, конечно, биле во можност да се запознаат со нејзината содржина (*Papachelas v. Greece* [GC], § 30).

80. Жалителот или неговиот адвокат мора да покаже особена внимателност при обезбедувањето копија од одлуката што е доставена до судската писарница (*Ölmez v. Turkey** (dec.)).

(д) Кога нема правно средство што е на располагање

81. Кога уште на самиот почеток е јасно дека жалителот нема право на реална жалба, рокот од шест месеци почнува да тече од денот на кој се случило дејството, кое е предмет на жалбата, или од денот кога жалителот бил директно засегнат од тоа дејство или станал свесен за него или ги дознал неговите негативни последици (*Dennis and Others v. the United Kingdom* (dec.); *Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 157).

82. Кога жалителот ќе реши да искористи очигледно постоен правен лек и дури подоцна ќе стане свесен за околностите поради кои правното средство станало неефективно, би било соодветно рокот од шест месеци да почне да се смета од денот кога жалителот за првпат станал свесен или требало да стане свесен за таквите околности (*Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 158).

(ѓ) Пресметување на рокот од шест месеци

83. Рокот почнува да тече на денот што следува по денот на јавното објавување на конечната одлука, или по денот на кој жалителот или неговиот застапник биле информирани за одлуката и ќе истече по шест календарски месеци, без оглед на вистинското времетраење на тие календарски месеци (*Otto v. Germany* (dec.)). Почитувањето на рокот од шест месеци се утврдува со користење на критериумите

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

определени со Конвенцијата, а не со критериумите што се утврдени со домашното законодавство на секоја тужена држава (*Benet Praha, spol. s r.o., v. the Czech Republic* (dec.); *Büyükdere and Others v. Turkey**, § 10).

84. Судот може да го утврди датумот на истекување на рокот од шест месеци, кој се разликува од тој што го предвидела тужената држава (*İpek v. Turkey* (dec.)).

(e) Континуирана состојба

85. Концептот за „континуирана состојба“ се однесува на состојбата што настанува со континуирани активности од страна на државата или на некој нејзин дел, кои го доведуваат жалителот во состојба на жртва. Фактот дека некој настан има значајни последици во текот на времето не значи дека тој настан предизвикува „континуирана состојба“ (*Iordache v. Romania**, § 49).

86. Доколку евентуалната повреда предизвикува континуирана состојба против која не постои домашен правен лек што е на располагање, рокот од шест месеци почнува да тече по завршувањето на континуираната состојба (*Ülke v. Turkey** (dec.)). Сè додека продолжува да трае ваквата состојба, правилото што се однесува на рокот од шест месеци не се применува (*Iordache v. Romania**, § 50). Исто така, види *Varnava and Others v. Turkey* [GC], §§ 161 и понатаму.

3. Датум на поднесување на жалбата[5]

(a) Прв допис

87. Според воспоставената практика на институциите на Конвенцијата и според членот 47 § 5 од Деловникот на Судот, датумот на поднесување на жалбата, како општо правило, ќе се смета дека е денот на првата комуникација од страна на жалителот во која тој– дури и само во кратки црти – го дефинира предметот на жалбата, под услов да достави внимателно пополнет формулар за жалба во рамките на рокот што е утврден од страна на Судот (*Kemevuako v. the Netherlands* (dec.)).

88. Датумот на поштенскиот печат што го покажува датумот на кој била испратена жалбата, е датум што се смета за меродавен датум на поднесување на жалбата, а не датумот што покажува кога била примена жалбата (*Kipritci v. Turkey**, § 18). За посебните околности што би можеле да оправдаат поинаков пристап, види *Bulinwar OOD and Hrusanov v. Bulgaria**, §§ 30 и понатаму.

5. Види го Деловникот на Судот и практичните насоки за поведување на постапките.

(б) Разлика меѓу датумот на пишување и датумот на испраќање

89. Во отсуство на какво било објаснување за времето што траело подолго од еден ден меѓу денот на кој бил напишан дописот и денот на кој бил испратен, денот на кој бил испратен дописот ќе се смета за ден кога жалбата била поднесена до Судот (*Arslan v. Turkey* (dec.); *Růžičková v. the Czech Republic** (dec.)).

Ова правило, исто така, се применува и во однос на прашањето дали оригиналниот формулар на жалбата бил испратен во рамките на бараниот рок од осум недели (*Kemevuako v. the Netherlands* (dec.), § 24); и за испраќање по факс (*Otto v. Germany* (dec.)).

(в) Испраќање по факс

90. Не е доволно да се испрати формуларот на жалбата само по факс, без да му се достави оригиналот на Судот во рамките на предвидениот временски рок (*Kemevuako v. the Netherlands* (dec.), §§ 22 и следен).

(г) Време по првата комуникација

91. Спротивно би било на духот и целта на правилото за рокот од шест месеци ако по пат на каква било првична комуникација, жалбата ја придвижи постапката во согласност со Конвенцијата, а потоа да остане неактивна за непрецизирано и неограничено време. Затоа жалителите мораат да продолжат со својата жалба со извесна експедитивност, по каков било првичен воведен контакт (*P.M. v. the United Kingdom* (dec.)). Неуспехот да се почитува рокот од осум недели (види го членот 47 § 5 од Деловникот на Судот и ставот 4 од Практичните насоки за поведување на постапките) ќе го наведе Судот да смета дека денот кога се запознал со жалбата е денот на доставувањето на пополнетиот формулар за жалба (*Kemevuako v. the Netherlands* (dec.), §§ 22-24).

(д) Карактеристики на жалбата

92. Жалбата ја карактеризираат фактите што се наведени во неа, а не правната основа и аргументите врз кои е заснована (*Scoppola v. Italy (no. 2)* [GC], § 54).

(ѓ) Подоцнежни жалбени наводи

93. Што се однесува до жалбените наводи што не се вклучени во првичната жалба, течењето на рокот од шест месеци нема да биде прекинато сè до датумот кога жалбата првпат ќе биде поднесена до органот на Конвенцијата (*Allan v. the United Kingdom* (dec.)).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

94. Жалбените наводи поднесени по истекот на рокот од шест месеци може да бидат испитани само ако претставуваат определени аспекти од првичните жалби што биле поднесени со зачувување на временскиот рок (*Sâmbata Bihor Greco-Catholic Parish v. Romania** (dec.)).

95. Самиот факт дека жалителот се повикал на членот 6 во својата жалба не е доволен за да послужи како истакнување на сите подоцнежни жалбени наводи во согласност со тој член, кога не се дадени почетни индикации за фактичката основа на жалбениот навод, ниту, пак, за природата на евентуалната повреда (*Allan v. the United Kingdom* (dec.); *Adam and Others v. Germany* (dec.)).

96. Обезбедувањето на документите од домашната постапка не е доволно за да се смета како истакнување на сите подоцнежни жалбени наводи базирани на таа постапка. Потребна е, дури и само кратка индикација за природата на евентуалната повреда според Конвенцијата за да се поднесе жалба и така да се прекине истекувањето на рокот од шест месеци (*Božinovski v. "the former Yugoslav Republic of Macedonia"* (dec.)).

4. Примери

(а) Применливост на временските ограничувања во однос на процедуралните обврски од членот 2 на Конвенцијата

97. Во случај на смрт на жалителот, од неговите роднини се очекува да преземат чекори за следење на напредокот на истрагата, или на недостигот од истрага, и да ги поднесат своите жалби со доволна експедитивност веднаш штом ќе станат свесни, или требало да станат свесни за непостоењето на ефективна кривична истрага (*Varnava and Others v. Turkey* [GC], §§ 158 и 162).

98. Во предметите во кои жалителот исчезнал, неопходно е родните на исчезнатото лице да не задоцнат со навременото поднесување на жалбата пред Судот за неефективност на истрагата или за недостиг од таква истрага. Во ваквите предмети жалителите не смеат да чекаат неопределено време пред да дојдат до Стразбур. Тие мора да покажат одреден степен на совесност и иницијатива и да ги поднесат своите жалбени наводи без непотребно одложување (ibid. [GC], § 165, и за одложувањето §§ 162-66).

(б) Услови за примена на правилото што се однесува на рокот од шест месеци во случаите на повеќекратни периоди на притвор во согласност со членот 5 § 3 од Конвенцијата

99. Повеќекратните, периоди на притвор едноподруго треба да се земат како целина, а рокот од шест месеци треба да почне да тече од крајот на последниот период на притворот (*Solmaz v. Turkey*, § 36).

B. Анонимна жалба

Член 35 § 2 (а) – Критериуми за прифатливост

„2. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба поднесена врз основа на членот 34, кога

(а) жалбата е анонимна;…"[6]

1. Анонимна жалба

100. Жалбата пред Европскиот суд за човекови права се смета за анонимна кога списите на предметот не укажуваат на елементи што ќе му овозможат на Судот да го идентификува жалителот (*"Blondje" v. the Netherlands* (dec.)). Ако во никој од доставените формулари или документи не се споменува името, туку само упатувања или псевдоними, и ако застапникот на жалителот е потпишан со „X": идентитетот на жалителот нема да се открие.

101. Жалбата поднесена од страна на здружение во корист на неидентификувани лица, кога здружението не тврди за себе дека е жртва туку се жали на повреда на правото на почитување на приватниот живот во корист на неидентификувани поединци, кои на овој начин станале жалители и кои изјавиле дека се застапувани од здружението, се смета за анонимна (*Federation of French Medical Trade Unions and the National Federation of Nurses v. France* (dec.)).

2. Неанонимна жалба

102. Непотпишан формулар за жалба, кој ги содржи сите лични податоци што се доволни за отстранување на секаков сомнеж во врска со идентитетот на жалителот, кој е придружен со документација што е соодветно потпишана од страна на застапникот на жалителот е неанонимна жалба (*Kuznetsova v. Russia* (dec.)).

103. Жалба поднесена под измислени имиња: поединци што користат псевдоними и кои му објаснуваат на Судот дека околностите на вооружениот конфликт ги обврзале да не ги откриваат своите вистински имиња за да ги заштитат членовите на своите семејства и пријателите. Откривајќи дека „во заднина на тактизирањето за прикривање

6. Анонимната жалба во смисла на членот 35 § 2 (а) на Конвенцијата треба да се разликува од прашањето за неоткривање на идентитетот на жалителот по пат на отстапување од вообичаеното правило за јавно пристапување до информации во постапките пред Судот, и од прашањето за доверливост пред Судот (види ги членовите 33 и 47 § 3 од Деловникот на Судот и упатството за постапување на Судот кон Деловникот, кое е приложено како дополнение).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

на вистинскиот идентитет од разбирливи причини, кога вистинското идентификување на лицата има доволен број индикации, поради нивните вистински имиња…“ и „постоењето доволно блиска врска меѓу жалителите и настаните за кои станува збор“, Судот не ја сметал жалбата за анонимна (*Shamayev and Others v. Georgia and Russia* (dec.)). Исто така, види *Shamayev and Others v. Georgia and Russia*, § 275.

104. Жалбата поднесена од страна на црковно тело или здружение основано за верски и за филозофски цели, со прикриен идентитет на неговите членови, не се отфрла како да е анонимна (членови 9, 10 и 11 на Конвенцијата): види *Omkarananda and the Divine Light Zentrum v. Switzerland* (dec.).

Г. Непотребна жалба

Член 35 § 2 (b) – Критериуми за прифатливост

„2. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба поднесена врз основа на членот 34, кога

…

(b) во суштина е иста како и жалба што Судот претходно ја разгледувал …“[7]

105. Жалбата ќе се смета дека „во суштина, е иста“ со друга жалба кога странките, жалбените наводи и фактичките состојби се исти (*Pauger v. Austria* (dec.); *Verein gegen Tierfabriken Schweiz (VgT) v. Switzerland (no. 2)* [GC], § 63).

Ако се потврди дека ова е случај, тогаш жалбата ќе се прогласи за недопуштена.

1. Исти жалители

106. Жалбите што се однесуваат на истиот предмет, но кои се поднесени заеднички од страна на поединци и од страна на здружение што поднело допис до Комитетот за човекови права при ООН не може да се разгледуваат затоа што се поднесена од исти жалители: (*Folgerø and Others v. Norway* (dec.)) или кога е испратен допис до Канцеларијата на високиот комесар за човекови права од страна на невладина организација, а не од страна на жалителите: *Celniku v. Greece**, §§ 36-41. Истото се применува и за барање поднесено до Работната група за арбитрарен притвор од страна на невладина организација и за барање поднесено од страна на жалители (*Illiu and Others v. Belgium** (dec.)).

7. Оваа одредба првично се појави во членот 27.

107. Меѓудржавна жалба поднесена од страна на Владата не ги лишува индивидуалните жалители од можноста за поднесување своите жалби или за водење на нивните жалбени постапки (*Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 118).

2. Исти жалбени наводи

108. Концептот за жалбен навод е дефиниран во смисла на целта или правната основа на жалбата.

Тој се карактеризира со евентуалните факти во жалбата, а не само со законските основи или аргументи врз кои се потпира жалбата (*Guerra and Others v. Italy*, § 44; *Scoppola v. Italy (no. 2)* [GC], § 54; и *Previti v. Italy** (dec.), § 293).

109. Судот ги анализира жалбите еднаподруга. Само жалбените наводи што во суштина се исти како тие што се испитани во поглед на друга жалба, ќе бидат отфрлени во согласност со членот 35 § 2 (*Dinç v. Turkey** (dec.)).

110. Кога жалителот ги повторува жалбените наводи што тој или таа веќе ги истакнале во претходна жалба, жалбата ќе биде прогласена за недопуштена (*X v. Federal Republic of Germany** (dec.); *Duclos v. France** (dec.); *Clinique Mozart Sarl v. France** (dec.); *Rupa v. Romania** (dec.), § 52; и *Coscodar v. Romania** (dec.), § 27).

111. Доколку предметот што се испитува се однесува на различен стан или на различен станар во истиот станбен блок, новата жалба што се однесува на истите прашања како оние на случајот што претходно биле прогласени за недопуштени, поднесена од страна на ист жалител преку повторување на жалбените наводи што претходно биле формулирани, без притоа да се изведат нови докази, во суштина е иста како и претходната жалба и затоа е недопуштена (*X v. Federal Republic of Germany** (dec.)).

112. Во продолжение, неколку примери за жалби што во својата суштина не се исти:

1. спор што се однесува на условите на задржување на жалителот во полициски притвор не е ист со спорот што се однесува на неговата осуда од страна на Национален совет за безбедност или тој спор што се однесува на загубата на парламентарната должност заради распуштање на партијата во која жалителите членувале (*Sadak v. Turkey**, §§ 32-33);
2. спор што се однесува на условите на задржување на жалителот во полициски притвор и негова осуда од страна на Национален совет за безбедност не е ист со тој што се однесува на загубата на парламентарната должност (*Yurttas v. Turkey**, §§ 36-37).

113. Судот ги извлекува правните заклучоци врз основа на фактичката состојба и не смета дека е врзан за заклучоците дадени од страна на жалителот или од страна на Владата. Според тоа, жалба поднесена со цел да биде преиспитана, во согласност со

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

различни одредби на Конвенцијата, каде што фактите потекнуваат од друга жалба што се однесува на истите жалбени наводи, ќе биде одбиена како недопуштена (*Previti v. Italy** (dec.), §§ 293-94).

3. Исти фактички состојби

114. Фактот дека некој жалбен навод е идентичен со друг, не спречува жалбата да биде прогласена за допуштена доколку се изнесат нови информации.

115. Ако жалителот достави нови информации, тогаш жалбата, во суштина, нема да биде иста како претходната жалба: види *Chappex v. Switzerland** (dec.) и *Patera v. the Czech Republic** (dec.) (жалбените наводи што се однесуваат на факти наведени пред друг меѓународен орган се недопуштени, но новите информации поврзани со факти кои подоцна се појавиле се допуштени).

116. Во спротивно, жалбата ќе биде прогласена за недопуштена (*Hokkanen v. Finland* (dec.); *Adesina v. France* (dec.); *Bernardet v. France** (dec.); *Gennari v. Italy** (dec.); и *Manuel v. Portugal** (dec.)).

Д. Жалба што веќе е поднесена пред друг меѓународен орган

Член 35 § 2 (b) – Критериуми за прифатливост

„2. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба поднесена врз основа на членот 34, кога

…

(b) во суштина е иста како и жалба што Судот претходно ја разгледувал или веќе ја доставил до друга меѓународна истражна или судска инстанца, и доколку не содржи нови факти“.

117. Целта на оваа одредба е да избегне мноштво од меѓународни постапки што се однесуваат на исти случаи.

118. Условите за допуштеност, кои се утврдени со овој став се кумулативни:

1. жалбата, во суштината, не смее да биде иста со друга жалба, односно, фактичките состојби, странките и жалбените наводи не смеат да бидат идентични (види ја точката I.D. за непотребни жалби), и
2. жалбата не смее претходно да биде поднесена и да биде предмет на друга постапка за меѓународни истраги или спогодување.

119. Кога Судот, врз основа на постојна одлука за основаноста на жалбата, во времето во кое го испитува предметот ќе реши дека условите што се пропишани во

членот 35 § 2 (b) се исполнети, мора да ја прогласи за недопуштена жалбата која веќе била испитана од страна на друг меѓународен орган.

120. Со цел да потпадне во опфатноста на членот 35 § 2 (б), случајот што е предмет на испитување мора да има карактеристики што ќе овозможат да се смета за индивидуална жалба во смисла на членот 34.

1. Концептот на постапката

(а) Постапката мора да биде јавна

121. Комитетот за човекови права на Меѓупарламентарната унија, кој е приватно здружение, претставува невладина организација, додека членот 27 на Конвенцијата (сега член 35 § 2) се однесува на меѓувладините институции и постапки (*Lukanov v. Bulgaria* (dec.)).

(б) Постапката мора да биде меѓународна

122. Постапката пред Комората за човекови права на Босна и Херцеговина не е меѓународна постапка и покрај фактот дека Комората е основана со меѓународен договор и дека дел од нејзините членови се меѓународни членови (*Jeličić v. Bosnia and Herzegovina* (dec.)).

(в) Постапката мора да биде независна

123. Ваков е случајот со Работната група на ООН за арбитрарен притвор бидејќи е составена од независни стручњаци, кои се еминентни лица специјализирани во областа на човековите права (*Peraldi v. France** (dec.)).

124. Како и да е, „постапката 1503“ на Комитетот за човекови права на Обединетите нации, во суштина, претставува меѓувладино тело составено од претставници на државата. Таа не е „уште една постапка за меѓународна истрага“ (*Mikolenko v. Estonia* (dec.)).

(г) Постапката мора да биде судска

125. Жалбата мора да биде поднесена пред судско или квазисудско тело (*Zagaria v. Italy** (dec.)).

126. Европскиот комитет за заштита од тортура и од нехуман или деградирачки третман или казнување (ЦПТ), чијашто улога е превентивна, не е такво тело. Информациите што ги прибира ЦПТ се од доверлива природа. Поединци немаат право да учествуваат во постапката или да бидат информирани за препораките што може да

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

бидат усвоени од страна на Комитетот, освен во случај кога се објавени (*Zagaria v. Italy** (dec.); *Annunziata v. Italy** (dec.); *Genovese v. Italy** (dec.); and *Stolder v. Italy**, §§ 16-19).

2. Процесни гаранции

(а) Контрадикторни постапки

127. Лицата што повеле постапки во согласност со „постапката 1503“ пред високиот комесар за човекови права на ООН, не може да учествуваат во постапката, која е доверлива. Тие не добиваат информации за мерките што би ги презеле Обединетите нации, освен во случај кога ќе се објават. Затоа, оваа постапка не може да се смета во рамките на друга постапка за индивидуална жалба во согласност со членот 34 (*Celniku v. Greece**, §§ 39-41).

(б) Услови што му се наметнуваат на судскиот орган

128. Одлуките во актуелната постапка мора да бидат образложени, доставени до странките и објавени (*Peraldi v. France** (dec.)).

3. Улогата на постапката

129. Постапките пред институциите што имаат превентивна улога не може да се сметаат за меѓународни постапки (*Zagaria v. Italy** (dec.); *De Pace v. Italy**; или *Gallo v. Italy** (dec.) (која се однесува на Европскиот комитет за заштита од тортура и од нехуман или деградирачки третман или казнување). Покрај тоа, информациите што ги прибавил овој орган се доверливи. Поединци немаат право да учествуваат во постапките или да бидат информирани за препораките на ваквата институција, освен доколку тие се објават јавно.

130. Истото важи и за органот што ги испитува општите состојби (*Mikolenko v. Estonia* (dec.)), или за посебен известител назначен да изработи извештај за човековите права на притворениците (*Yağmurdereli v. Turkey** (dec.)).

Поднесувањето жалба до Европската комисија од страна на поединци за законите или практиката на некоја земја што е членка не претставува постапка за меѓународна истрага или спогодување. Тоа ѝ дава можност на Комисијата да поведува „постапки за повреда на договорите“ или „претсудски постапки“ – чијашто единствена цел е да обезбедат доброволно почитување на условите од правото на Европската унија од страна на земјата што е членка, или дејство за повреда на правото на Заедницата, чијашто последица не е да се реши индивидуалната ситуација. Жалбата од овој тип не може да се смета за сродна на индивидуалната жалба според членот 34 на Конвенцијата, или заради процедуралниот аспект или заради нејзините потенцијални ефекти. Според тоа, постапката на Комисијата не може да се опише како постапка „за меѓународна истрага или спогодување“ (*Karoussiotis v. Portugal**, §§ 62-77).

(а) Постапката мора да ја утврдува одговорноста

131. Ова не е случај со:

1. Комитетот за исчезнати лица во Кипар бидејќи Турција не е странка во постапките пред овој Комитет, па така Комитетот не може на оваа земја да ѝ припишува одговорност за смртта на кои било исчезнати лица (*Varnava and Others v. Turkey* (dec.));
2. Работната група при Комисијата за човекови права на ООН за присилно или несвоеволно исчезнати лица бидејќи таа не може да утврдува одговорност за смртта на кои било исчезнати лица или да ги открие причините (*Malsagova and Others v. Russia** (dec.)).

132. Сепак, постапката пред Работната група за арбитрарен притвор, која може да дава препораки што дозволуваат одговорноста на државата да се утврдува во врска со предмети за арбитрарен притвор, може да се смета за постапка на меѓународна истрага (*Peraldi v. France** (dec.)).

(б) Постапката мора да има за цел да ѝ стави крај на повредата

133. Целта на препораките на Работната група за арбитрарен притвор, кои се испраќаат до владите, е успешно да им се стави крај на состојбите што се предмет на жалбите (*Peraldi v. France** (dec.); *Illiu and Others v. Belgium** (dec.)).

134. Жртвите на повредата мора да имаат можност да добијат отштета. Ова не е случај со предметите на Комисијата за човекови права при ООН (*Mikolenko v. Estonia* (dec.)) или на Работната група за присилно или несвоеволно исчезнати лица (*Malsagova and Others v. Russia* (dec.)).

(в) Ефективност на постапката

135. Одлуката мора да биде објавена: пред ЦПТ, поединците немаат право да бидат информирани за препораките што може да бидат усвоени, освен во случај кога се јавни (*Zagaria v. Italy** (dec.); *De Pace v. Italy**).

136. Според постапката пред Работната група на ООН за арбитрарен притвор, мислењата, заедно со препораките, испратени до соодветната Влада може да бидат приложени како дополнение на годишниот извештај доставен до Комисијата за човекови права, кој потоа може да му упати препораки на Генералното собрание на ООН. Поради нејзините потенцијални ефекти, оваа постапка може да се смета за постапка по индивидуална жалба (*Peraldi v. France** (dec.)).

137. Според тоа, за „друга меѓународна постапка“ се смета постапката пред:

1. Комитетот на ООН за човекови права (*Calcerrada Fornieles and Cabeza Mato v. Spain* (dec.); *Pauger v. Austria* (dec.); *C.W. v. Finland* (dec.));

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

2. Комитетот за слобода на здружување при Меѓународната организација на трудот (*Cereceda Martín and Others v. Spain* (dec.));
3. Работната група на ООН за арбитрарен притвор (*Peraldi v. France** (dec.)).

Ѓ. Злоупотреба на правото на жалба

Член 35 § 3 (а) – Критериуми за прифатливост

„3. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба доставена врз основа на членот 34, ако оцени дека:

(а) жалбата е неспоива со одредбите на Конвенцијата или со нејзините протоколи, ако е очигледно неоснована или ако со неа се злоупотребува правото на индивидуална жалба; ...“

1. Општа дефиниција

138. Концептот за „злоупотреба“ во смисла на членот 35 § 3 (а) мора да биде сфатен во неговата вообичаена смисла во согласност со општата правна теорија – имено, погрешна примена на правото за цели поинакви од тие за кои е предвидено. Според тоа, секое однесување на жалителот што е очигледно спротивно на целта на правото на индивидуална жалба, така како што е предвидено во Конвенцијата, и го загрозува соодветното функционирање на Судот или правилното водење на постапките пред него, претставува злоупотреба на правото на жалба (*Miroļubovs and Others v. Latvia**, §§ 62 и 65).

139. Од техничка гледна точка, од буквалниот текст на членот 35 § 3 (а) е јасно дека жалбата што е поднесена со злоупотреба на правото на жалба мора да биде прогласена за недопуштена, а не да биде симната од листата на предмети на Судот. Всушност, Судот истакна дека одбивањето на жалбата врз основа на злоупотреба на правото на жалба е исклучителна мерка (*Miroļubovs and Others v. Latvia**, § 62). Случаите во кои Судот открил злоупотреба на правото на жалба може да се групираат во пет типични категории: информации што доведуваат во заблуда; користење навредлив јазик; повреда на обврската за зачувување на доверливоста на постапката по пријателско спогодување; жалба, чиишто наводи се навредливи или неразумни по секоја основа; и сите други случаи што не можат да бидат исцрпно наведени.

2. Доведување на Судот во заблуда

140. Жалбата претставува злоупотреба на правото на жалба ако е намерно заснована на невистинити факти, со цел да го доведе Судот во заблуда (*Varbanov v. Bulgaria*, § 36). Најсериозен и најочигледен пример за ваква злоупотреба е, како прво, поднесувањето жалба под лажен идентитет (*Drijfhout v. the Netherlands* (dec.), §§ 27-29),

и, како второ, испраќањето фалсификувана документација до Судот (*Jian v. Romania** (dec.); *Bagheri and Maliki v. the Netherlands* (dec.); и *Poznanski and Others v. Germany*(dec.)). Злоупотребата од овој вид може да биде извршена и при пропуст, кога жалителот не успеал да го информира Судот уште на почетокот за некој фактор што бил од суштинско значење за испитувањето на предметот (*Al-Nashif v. Bulgaria*, § 89, и *Kerechashvili v. Georgia* (dec.)). Исто така, доколку нови, важни настани се случиле во текот на постапката пред Судот и ако– и покрај јасната обврска за него или неа според Деловникот на Судот – жалителот пропуштил да ги обелодени тие информации пред Судот, на тој начин спречувајќи да се донесе пресуда по предметот со целосно знаење на фактите, неговата или нејзината жалба ќе биде отфрлена како злоупотреба на правото на жалба (*Hadrabová and Others v. the Czech Republic** (dec.), и *Predescu v. Romania*, §§ 25-27).

141. Намерата да се доведе Судот во заблуда секогаш мора да биде заснована на доволна сигурност (*Melnik v. Ukraine*, §§ 58-60; *Nold v. Germany*, § 87; и *Miszczyński v. Poland* (dec.)).

3. Навредлив јазик

142. Злоупотреба на правото на жалба ќе има кога жалителот, при неговата или нејзината кореспонденција со Судот, користи особено вознемирувачки, навредлив, заканувачки или провокативен јазик – било да е тоа против одговорната Влада, владиниот агент, властите на одговорната држава, самиот Суд, неговите судии, неговиот Секретаријат или неговите членови (*Řehák v. the Czech Republic* (dec.); *Duringer and Grunge v. France* (dec.); и *Stamoulakatos v. the United Kingdom* (dec.)).

143. Не е доволно јазикот на жалителот да биде само остар, полемичен или саркастичен. Тој мора да ги надмине „границите на нормален, граѓански и легитимен критицизам“ за да може да се смета како злоупотреба (*Di Salvo v. Italy** (dec.); како спротивен пример, види *Aleksanyan v. Russia*, §§ 116-18). Ако, за време на постапката жалителот престане да употребува навредливи забелешки по дадено формално предупредување од страна на Судот, ако веднаш ги повлече или, уште уште подобро, се извини, жалбата веќе нема да биде отфрлена како злоупотреба на правото на жалба (*Chernitsyn v. Russia*, §§ 25-28).

4. Повреда на начелото за доверливост на постапката со пријателско спогодување

144. Намерната повреда од страна на жалителот на обврската за доверливост на преговорите за пријателско спогодување, наметната на странките во согласност со членот 39 § 2 на Конвенцијата и членот 62 § 2 од Деловникот на Судот, може да се смета за злоупотреба на правото на жалба и да доведе до тоа жалбата да биде одбиена

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

(*Miroļubovs and Others v. Latvia**, § 66; *Hadrabová and Others v. the Czech Republic* (dec.); и *Popov v. Moldova*, § 48).

145. Со цел да се утврди дали жалителот ја повредил обврската за доверливост, прво треба да се дефинираат границите на таа обврска. Тоа секогаш мора да се толкува во контекст на неговите општи намери, имено, олеснувајќи ја постапката за пријателско спогодување преку заштита на странките и на Судот од можен притисок. Според тоа, додека доставувањето на документите што се однесуваат на пријателското спогодување до трето лице може, теоретски, да доведе до злоупотреба на правото на жалба во смисла на членот 35 § 3 (а) на Конвенцијата, тоа не значи дека постои апсолутна и безусловна забрана за прикажување на тие документи или за разговарање за нив со кое било трето лице. Ваквата широка и ригорозна интерпретација би можела да доведе до ризик да се поткопа заштитата на легитимните интереси на жалителот – на пример, кога тој или таа бара совет што се заснова на нивниот интерес во предметот во кој тој или таа е овластен/-а да се застапува себеси пред Судот. Покрај тоа, би било премногу тешко, ако не и невозможно за Судот, да го следи придржувањето до таквата забрана. Членот 39 став 2 на Конвенцијата и членот 62 став 2 од Деловникот на Судот им забрануваат на странките да ги објавуваат суштинските информации, како на пример во медиумите, во кореспонденција што овозможува да биде прочитана од поголем број луѓе или на кој било друг начин (*Miroļubovs and Others v. Latvia**, § 68). Токму овој вид на однесување, со извесен степен на сериозност, претставува злоупотреба на правото на жалба.

146. За да се смета како злоупотреба на правото на жалба, доверливите информации мора да бидат намерно објавени. Директната одговорност на жалителот при објавувањето на ваквите информации секогаш мора да биде утврдена со доволна сигурност. Не е доволно само да постои сомневање (ibid., § 66 *in fine*). Конкретни примери за примената на ова начело: на пример, кога жалбата била одбиена, види кај *Hadrabová and Others v. the Czech Republic* (dec.), во која жалителите конкретно ги цитирале предлозите за пријателско спогодување формулирани од страна на Секретаријатот на Судот во својата кореспонденција со Министерството за правда на нивната земја, што довело до тоа жалбата да биде одбиена поради злоупотреба на жалбата. Како пример за случај во кој жалбата била прогласена за допуштена, види *Miroļubovs and Others v. Latvia**, во кој не било со сигурност утврдено дека сите тројца жалители биле одговорни за обелоденувањето на доверливите информации, што резултирало со отфрлање на првичните владини приговори од страна на Судот.

5. Жалба, чиишто наводи се навредливи или неразумни по секоја основа

147. Жалителот ќе го злоупотреби правото на жалба кога тој или таа постојано ќе поднесува вознемирувачки или очигледно неосновани жалби до Судот, кои се слични

со жалба што тој или таа ја поднел/-а во минатото, а која веќе била прогласена за недопуштена (*M. v. the United Kingdom* (dec.), и *Philis v. Greece* (dec.)).

148. Исто така, Судот може да утврди постоење злоупотреба на правото на жалба кога жалбата очигледно има недостиг од вистинска цел и/или се однесува на незначителна сума пари. Во случајот *Bock v. Germany* (dec.) жалителот се жалел на должината на граѓанската постапка што ја повел за надоместување на трошоците за додатоци во исхраната, кои му биле препишани од неговиот доктор, имено тој барал надомест од 7,99 евра. Судот оценил дека бил преоптоварен со голем број поднесени жалби, кои поставувале сериозни прашања за човековите права, и дека постоела диспропорција меѓу тривијалноста на фактите и користењето на системот за заштита утврден од страна на Конвенцијата имајќи го предвид нискиот износ што бил предмет на жалбата (вклучувајќи го и споредувањето со платата на жалителот) и фактот дека постапката не се однесувала на фармацевтски производ, туку на додаток во исхраната. Исто така, Судот истакнал дека ваквите постапки придонесуваат за пренатрупаност на домашните судови и на тој начин предизвикуваат прекумерна должина на постапките. Затоа, жалбата била отфрлена поради злоупотреба на правото на жалба. По влегувањето во сила на Протоколот број 14 на 1 јуни 2010 година, ваквите жалби се разгледуваат поефикасно во согласност со членот 35 § 3 (b) на Конвенцијата (без поголеми недостатоци).

6. Други случаи

149. Понекогаш пресудите и одлуките на Судот, и предметите што сè уште не се решени пред него, се користат за целите на политичките говори на национално ниво во државите што се договорнички. Жалбата што е инспирирана од желбата за публицитет или пропаганда не претставува злоупотреба на правото на жалба само од оваа причина (*McFeeley and Others v. the United Kingdom* (dec.), и, исто така, *Khadzhialiyev and Others v. Russia*, §§ 66-67). Сепак, злоупотреба може да постои и ако жалителот, мотивиран од политичките интереси, дава интервјуа за печатот или за телевизијата во кои тој или таа изразува неодговорни или несериозни ставови во однос на постапката што е во тек пред Судот (*Georgian Labour Party v. Georgia*).

7. Пристапот што треба да биде применет од одговорната Влада

150. Доколку одговорната Влада смета дека жалителот го злоупотребил правото на жалба, таа мора соодветно да го информира Судот за тоа и да му ги предочи суштинските информации со кои располага, со цел Судот да извлече соодветни заклучоци. Само Судот, а не одговорната Влада, може да надгледува дали жалителот ги почитува процедуралните обврски наметнати со Конвенцијата и со Деловникот на Судот. Сепак, заканите од страна на Владата и на владините тела дека ќе поведат кривична или дисциплинска постапка за жалителот поради евентуалната повреда на нивните процедурални обврски пред Судот би можеле да предизвикаат проблем во

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

согласност со членот 34 *in fine* на Конвенцијата, кој забранува какво било спречување на ефикасното остварување на правото на индивидуална жалба (*Miroļubovs and Others v. Latvia**, § 70).

II. ОСНОВИ ЗА НЕДОПУШТЕНОСТ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА НАДЛЕЖНОСТА НА СУДОТ

A. Неспоивост ratione personae

Член 35 § 3 (а) – Критериуми за прифатливост

„3. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба доставена врз основа на членот 34, ако оцени дека:

(а) жалбата е неспоива со одредбите на Конвенцијата или со нејзините протоколи …“

Член 32 – Надлежност на Судот

„1. Надлежноста на Судот се протега на сите прашања во врска со интерпретацијата и примената на Конвенцијата и на нејзините протоколи што ќе му бидат доставени според условите предвидени во членовите 33, 34, 46 и 47.

2. Во случај на спор во врска со надлежноста на Судот, одлучува Судот“.

1. Начела

151. Споивоста *ratione personae* налага евентуалните повреди на Конвенцијата да бидат извршени од страна на некоја држава што е договорничка или на некој начин да можат нејзе да ѝ се препишат.

152. Дури и ако тужената држава не поднесе никаков приговор за надлежноста на Судот во врска со принципот *ratione personae*, Судот ќе мора по службена должност да го разгледа ова прашање (*Sejdić and Finci v. Bosnia and Herzegovina* [GC], § 27).

153. Основните права што се заштитени со меѓународните договори за човекови права би требало да им бидат обезбедени на поединците што живеат на територијата на засегнатата држава, која е странка во постапката, независно од нејзиниот подоцнежен распад или сукцесија (*Bijelić v. Montenegro and Serbia*, § 69).

154. Државните претпријатија мора да уживаат доволна институционална или оперативна независност од државата, за државата да биде ослободена од одговорноста за нејзините постапки и пропусти во согласност со Конвенцијата (*Mykhaylenky and Others v. Ukraine*, §§ 43-45, и *Cooperativa Agricola Slobozia-Hanesei v. Moldova*, § 19).

155. Жалбата ќе биде прогласена за неспоива *ratione personae* со Конвенцијата од следниве причини:

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

1. ако жалителот не може да биде странка во постапката според членот 34 на Конвенцијата (*Municipal Section of Antilly v. France* (dec.); *Döşemealtı Belediyesi v. Turkey** (dec.); и *Moretti and Benedetti v. Italy**);
2. ако жалителот не може да покаже дека тој или таа е жртва на евентуалната повреда;
3. ако жалбата е поднесена против поединец (*X v. the United Kingdom* (dec.); и *Durini v. Italy* (dec.));
4. ако жалбата е поднесена против држава што не ја ратификувала Конвенцијата (*E.S. v. Federal Republic of Germany* (dec.)), или директно против меѓународна организација што не пристапила кон Конвенцијата (*Stephens v. Cyprus, Turkey and the United Nations* (dec.), последниот став);
5. ако жалбениот навод вклучува некој Протокол од Конвенцијата што не е ратификуван од страна на тужената држава (*Horsham v. the United Kingdom* (dec.); и *De Saedeleer v. Belgium**, § 68).

2. Надлежност

156. Утврдувањето недостиг од надлежност *ratione loci* нема да го ослободи Судот од испитување дали жалителите се под надлежност на една или повеќе држави што се договорни страни во смисла на членот 1 од Конвенцијата (*Drozd and Janousek v. France and Spain*, § 90). Според тоа, приговорите за тоа дека жалителот не е под надлежност на тужената држава повообичаено е да бидат поднесени како барања дека жалбата не е споива *ratione personae* со Конвенцијата (види ги поднесоците на одговорните влади во *Banković and Others v. Belgium and 16 Other Contracting States* (dec.) [GC], § 35; *Ilaşcu and Others v. Moldova and Russia* [GC], § 300; и *Weber and Saravia v. Germany* (dec.)).

157. Споивоста *ratione personae* со Конвенцијата дополнително наложува евентуалните повреди да можат да ѝ се препишат на држава што е договорна страна (*Gentilhomme, Schaff-Benhadji and Zerouki v. France**, § 20). Сепак, поновите предмети го земаат предвид прашањето за одговорноста / припишаните дејства без експлицитно да упатуваат на споивоста *ratione personae* (*Assanidze v. Georgia* [GC], §§ 144 и понатаму; *Hussein v. Albania and 20 Other Contracting States* (dec.); *Isaak and Others v. Turkey* (dec.); и *Stephens v. Malta (no. 1)*, § 45).

3. Одговорност и дејства што ѝ се припишуваат на одговорната држава

158. Државите можат да бидат одговорни за постапките на своите власти, било да се извршени во државните граници или надвор од нив, чиешто дејство се одразува надвор од нивните територии (*Drozd and Janousek v. France and Spain*, § 91; *Soering v. the United Kingdom*, §§ 86 и 91; и *Loizidou v. Turkey* (прелиминарни приговори), § 62). Сепак, ова е случај само во исклучителни ситуации (*Ilaşcu and Others v. Moldova and Russia* [GC],

§ 314, и *Banković and Others v. Belgium and 16 Other Contracting States* (dec.) [GC], § 71), имено, кога државата што е договорна страна има целосна контрола врз некоја територија или барем пресудно влијание врз неа (*Ilaşcu and Others v. Moldova and Russia* [GC], §§ 314-16 и 392; *Medvedyev and Others v. France* [GC], §§ 63-64; и, за концептот на „целосна контрола", *Ilaşcu and Others v. Moldova and Russia* [GC], §§ 315-16; исто така, види *Banković and Others v. Belgium and 16 Other Contracting States* [GC] (dec.), §§ 67 и понатаму, и §§ 79-82; *Cyprus v. Turkey* [GC], §§ 75-81; *Loizidou v. Turkey* (прелиминарни приговори), § 52; и *Markovic and Others v. Italy* [GC], § 54).

159. Државата може да се смета како одговорна за повреди на правата од Конвенцијата на лица што се наоѓаат на територијата на друга држава, но за кои се смета дека се под власт и контрола на поранешна држава, преку нејзините агенти што работат – било да е законски или незаконски – во таа држава (*Issa and Others v. Turkey*, § 71; *Sánchez Ramirez v. France* (dec.); *Öcalan v. Turkey* [GC], § 91; и *Medvedyev and Others v. France* [GC], §§ 66-67).

Во однос на дејствата што се преземаат во „тампон-зоните" на Обединетите нации, види *Isaak and Others v. Turkey* (dec.).

160. Во територииите што законски се под надлежност на некоја држава што е договорна страна, но не се под ефективна власт / контрола на таа држава, жалбите може да се сметаат за неспоиви со одредбите на Конвенцијата (*An and Others v. Cyprus* (dec.)), меѓутоа мора да се имаат предвид позитивните обврски на државата во согласност со Конвенцијата (*Ilaşcu and Others v. Moldova and Russia* [GC], §§ 312-13, §§ 333 et seq.). Исто така, види *Stephens v. Cyprus, Turkey and the United Nations* (dec.).

161. Постојат исклучоци од начелото, кога физичкото присуство на поединец на територијата на држава што е договорна страна има за цел тоа лице да биде ставено под надлежноста на засегнатата држава, на пример кога главното седиште на некоја меѓународна организација против која се упатени жалбените наводи на жалителот е сместено во таа држава. Самиот факт дека еден меѓународен кривичен суд (трибунал) има седиште и работни простории во Холандија не е доволна причина за да се смета дека на оваа држава можат да ѝ се припишат какви било евентуални дејства или пропусти од страна на меѓународен суд во врска со осудата на некој жалител (*Galić v. the Netherlands* (dec.), и *Blagojević v. the Netherlands* (dec.)). Во врска со жалба поднесена против тужената држава каде што се наоѓа седиштето на меѓународната организација, види *Lopez Cifuentes v. Spain** (dec.), §§ 25-26. За прифаќање на меѓународна државна администрација на територијата на одговорната држава, види *Berić and Others v. Bosnia and Herzegovina* (dec.), § 30.

162. Самото учество на државата во постапка поведена против неа од страна на друга држава не се смета за практикување на екстратериторијална надлежност

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

(*McElhinney v. Ireland and the United Kingdom* (dec.) [GC]; *Treska v. Albania and Italy* (dec.); и *Manoilescu and Dobrescu v. Romania and Russia* (dec.), §§ 99-111).

163. Одговорноста на државите што се договорни страни за дејствата на приватни лица, иако традиционално спаѓа под испитување на споивоста *ratione personae*, исто така може да зависи од условите на индивидуалните права од Конвенцијата и од протегањето на позитивната обврска поврзана со тие права (види, на пример, *Siliadin v. France*, §§ 77-81, и *Beganović v. Croatia*, §§ 69-71). Одговорноста на државата може да се утврди во согласност со Конвенцијата како резултат на согласноста на властите или на нивното премолчување на дејствата на поединците со кои се повредуваат правата наведени во Конвенцијата на други поединци, кои се под нивна надлежност (*Ilaşcu and Others v. Moldova and Russia* [GC], § 318).

164. Судот, исто така, има утврдено принципи што се однесуваат на екстериторијалната одговорност за апсење и за притворање во смисла на постапка за екстрадиција (*Stephens v. Malta (no. 1)*, § 52).

4. Прашања во врска со можната одговорност на државите што се договорни страни на Конвенцијата заради дејства или пропуштања на дејства поврзани со нивното членство во меѓународна организација

165. Конвенцијата не може да се толкува на начин што би дозволил предмет на разгледување од страна на Судот да бидат дејствата или пропуштањето на дејства од страна на државите што се договорни страни, кои се под резолуциите на Советот за безбедност при ООН и кои се случиле пред или во текот на мисиите на ООН за обезбедување на меѓународен мир и безбедност. Ако се направи тоа, тоа би значело вмешување во исполнувањето на клучната мисија на ООН (*Behrami and Behrami v. France and Saramati v. France, Germany and Norway* (dec.) [GC], §§ 146-52).

166. Што се однесува до одлуките на меѓународните судови, Судот во многубројни одлуки покажа дека нема надлежност *ratione personae* да одлучува по жалбите, што се однесуваат на актуелните постапки пред Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија, кој беше основан со резолуција на Советот за безбедност на ООН (*Galić v. the Netherlands* (dec.) и *Blagojević v. the Netherlands* (dec.)). За отпуштањето на државни службеници со одлука на Високиот претставник за Босна и Херцеговина, чиишто овластувања произлегуваат од резолуциите на Советот за безбедност при ООН, види *Berić and Others v. Bosnia and Herzegovina* (dec.), §§ 26 и следен.

167. Евентуалните повреди на Конвенцијата не може да ѝ се припишат на држава што е договорна страна врз основа на одлука или мерка што потекнува од тело или од меѓународна организација на која државата е членка, каде што не било утврдено или барем тврдено дека заштитата на основните права што ја нуди соодветната

меѓународна организација, во принцип, не е „еквивалентна“ со заштитата што ја обезбедува Конвенцијата и кога засегнатата држава не е директно или индиректно вклучена во вршењето на спорното дејство (*Gasparini v. Italy and Belgium** (dec.)).

168. Според тоа, Судот сметал дека нема надлежност *ratione personae* да одлучува по жалбите што се упатени против поединечни одлуки донесени од страна на надлежен орган на некоја меѓународна организација, во врска со работни спорови што целосно потпаѓаат во внатрешниот правен поредок на таа организација, со правен субјективитет што е поинаков од тој на нејзините земји што се членки, кога овие држави не интервенираат директно или индиректно во спорот и не постојат дејства или пропуштање дејства од нивна страна што би биле дел од нивната одговорност според Конвенцијата (*Boivin v. 34 Member States of the Council of Europe* (dec.) – поединечен работен спор со Евроконтрол; *Lopez Cifuentes v. Spain** (dec.) – дисциплински постапки во Меѓународниот совет за маслиново масло, §§ 28-29; и *Beygo v. 46 Member States of the Council of Europe** (dec.) – дисциплински постапки во Советот на Европа). За евентуални повреди на Конвенцијата, кои произлегуваат од отпуштањата на службеници во Европската комисија и за жалбената постапка пред Судот од прв степен и Европскиот суд на правдата на Европските заедници, види *Connolly v. 15 Member States of the European Union** (dec.). За постапки пред Европската канцеларија за патенти, види *Rambus Inc. v. Germany* (dec.).

Корисно е да се споредат овие наводи со испитувањата што ги врши судот Судот во врска со тврдењата за структурни недостатоци на внатрешните механизми на некоја меѓународна организација на која засегнатите држави што се членки ѝ имаат пренесено дел од својата суверена власт, кога се тврди дека заштитата на основните права од страна на организацијата не е „еквивалентна“ со таа заштита што е обезбедена со Конвенцијата (*Gasparini v. Italy and Belgium** (dec.)).

169. Судот усвојува различен пристап по предметите што вклучуваат директна или индиректна интервенција на одговорната држава во наведениот спор, а чијашто меѓународна одговорност е вклучена: види *Bosphorus Hava Yolları Turizm ve Ticaret Anonim Şirketi v. Ireland* [GC], § 153, и спореди со *Behrami and Behrami v. France and Saramati v. France, Germany and Norway* (dec.) [GC], § 151. Исто така, види ги и следниве примери:

1. одлука да не се регистрира жалителот како гласач врз основа на договор направен со Европската заедница (*Matthews v. the United Kingdom* [GC]);
2. извршување против жалител според француското право за примена на директива на Европската заедница (*Cantoni v. France* [GC]);
3. одбивање пристап до германските судови (*Beer and Regan v. Germany* [GC], и *Waite and Kennedy v. Germany* [GC];
4. затворање на територијата на одговорната држава од страна на нејзините власти по налог на министер, во согласност со нејзините законски обврски произлезени од правото на Заедницата (*Bosphorus Hava Yolları Turizm ve Ticaret Anonim Şirketi v.*

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Ireland) (Регулатива на Заедницата донесена по донесувањето на резолуција на Советот на безбедност при ООН – види §§ 153-54);

5. жалба од домашен суд до Судот на правдата при Европската заедница (*Cooperatieve Producentenorganisatie van de Nederlandse Kokkelvisserij U.A. v. the Netherlands* (dec.)).

170. Според тоа, во поглед на Европската унија, жалбите поднесени за поединечни земји што се членки во врска со нивната примена на правото на Заедницата нема да бидат нужно недопуштени по оваа основа (*Bosphorus Hava Yolları Turizm ve Ticaret Anonim Şirketi v. Ireland* [GC], § 137, и *Matthews v. the United Kingdom* [GC], §§ 26-35).

171. Што се однесува до жалбите поднесени директно против институција на Европската заедница, која не е дел од Конвенцијата, постојат некои постари одлуки во кои овие жалби се прогласени за недопуштени *ratione personae* (*Confédération française démocratique du travail v. the European Communities* (dec.), алтернативно: за нејзините земји што се членки (a) заедно и (b) одделно; и референците наведени во *Bosphorus Hava Yolları Turizm ve Ticaret Anonim Şirketi v. Ireland*, § 152; за понова одлука, *Cooperatieve Producentenorganisatie van de Nederlandse Kokkelvisserij U.A. v. the Netherlands* (dec.)).

Овој став бил усвоен за Европската канцеларија за патенти (*Lenzing AG v. Germany* (dec.)).

172. Во врска со тоа дали некоја држава може да се повика на одговорност и во однос на нејзиниот Устав, кој е анекс на меѓународен договор, види *Sejdić and Finci v. Bosnia and Herzegovina* [GC], § 30.

Б. Неспоивост *ratione loci*

Член 35 § 3 (а) – Критериуми за прифатливост

„3. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба доставена врз основа на членот 34 ако оцени дека:

(а) жалбата е неспоива со одредбите на Конвенцијата или со нејзините протоколи …“

Член 32 – Надлежност на Судот

„1. Надлежноста на Судот се протега на сите прашања во врска со интерпретацијата и примената на Конвенцијата и на нејзините протоколи што ќе му бидат доставени според условите предвидени во членовите 33, 34, 46 и 47.

2. Во случај на спор во врска со надлежноста на Судот, одлучува Судот“.

1. Начела

173. Споивоста *ratione loci* бара евентуалните повреди на Конвенцијата да настанале во рамки на надлежноста на тужената држава или на територијата под нејзина ефикасна контрола (*Cyprus v. Turkey* [GC], §§ 75-81, и *Drozd and Janousek v. France and Spain*, §§ 84-90).

174. Кога жалбите се засноваат на настани на територија надвор од државата што е договорна страна и кога не постои поврзаност меѓу овие настани и кои било власти под надлежност на државата што е договорна страна, тие се одбиваат како неспоиви *ratione loci* со Конвенцијата.

175. Кога жалбените наводи се однесуваат на дејства што се случиле надвор од територијата на државата што е договорна страна, Владата може да истакне првичен приговор дека жалбата е неспоива *ratione loci* со одредбите на Конвенцијата (*Loizidou v. Turkey* (првични приговори), § 55, и *Rantsev v. Cyprus and Russia*, § 203). Ваквиот приговор ќе се испитува во согласност со членот 1 на Конвенцијата (за опфатноста на концептот за „надлежност“ според овој член, види *Banković and Others v. Belgium and 16 Other Contracting States* (dec.) [GC], § 75).

176. Понекогаш приговорите се истакнуваат од страна на одговорната влада дека жалбата не се допушта затоа што е неспоива *ratione loci* со одредбите на Конвенцијата врз основа на тоа што, во текот на постапката, жалителот бил жител на друга држава што е договорна страна, но повел постапка во тужената држава затоа што таму законските услови биле поповолни. Судот ќе ги испитува и таквите жалби од аспект на членот 1 (*Haas v. Switzerland** (dec.)).

177. Јасно е, сепак, дека државата ќе биде одговорна за дејствата на нејзините дипломатски и конзуларни претставништва во странство и дека никакво прашање за неспоивост *ratione loci* не може да биде истакнато во врска со дипломатските мисии (*X v. Federal Republic of Germany* (dec.), и *M. v. Denmark* (dec.), § 1 и наведените референци) или дејствата настанати во воздухоплови и бродови регистрирани во таа држава или кои летаат под знамето на таа држава (*Banković and Others v. Belgium and 16 Other Contracting States* (dec.) [GC], § 73).

178. Конечно, пронаоѓањето недостиг од надлежност *ratione loci* нема да го спречи Судот да испита дали жалителите биле под надлежност на една или на повеќе држави што се договорни страни за целите наведени во членот 1 на Конвенцијата (*Drozd and Janousek v. France and Spain*, § 90).

Според тоа, приговорите дека жалителите не биле под надлежност на тужената држава ќе мора да бидат истакнати како барања за неспоивост на жалбите *ratione personae* со Конвенцијата (види ги поднесоците на одговорните влади во *Banković and*

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Others v. Belgium and 16 Other Contracting States (dec.) [GC], § 35; *Ilaşcu and Others v. Moldova and Russia* [GC], § 300; и *Weber and Saravia v. Germany* (dec.)).

2. Посебни случаи

179. Во поглед на жалбите што се однесуваат на територија што сè уште не здобила независност, доколку државата што е договорна страна нема дадено изјава за согласност според членот 56 (поранешен член 63) за проширување на примената на Конвенцијата на територијата за која станува збор, жалбата ќе биде неспоива *ratione loci* (*Gillow v. the United Kingdom*, §§ 60-62; *Bui Van Thanh and Others v. the United Kingdom* (dec.); и *Yonghong v. Portugal* (dec.). По пат на проширување, ова се применува и на протоколите кон Конвенцијата (*Quark Fishing Limited v. the United Kingdom* (dec.)).

Кога државата што е договорна страна дала таква изјава според членот 56, ваквото прашање за неспоивост нема да биде поттикнато (*Tyrer v. the United Kingdom*, § 23).

180. Ако ваквата територија здобие независност, тогаш изјавата автоматски престанува да важи. Подоцнежните жалби против целата територија на државата ќе бидат прогласени за неспоиви *ratione personae* (*Church of X v. the United Kingdom* (dec.)).

181. Кога зависната територија ќе стане дел од вкупната територија на државата што е договорна страна, Конвенцијата автоматски се применува на поранешната зависна територија (*Hingitaq 53 and Others v. Denmark* (dec.)).

B. Неспоивост ratione temporis

Член 35 § 3 (а) – Критериуми за прифатливост

„3. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба доставена врз основа на членот 34 ако оцени дека:

(а) жалбата е неспоива со одредбите на Конвенцијата или со нејзините протоколи…“

Член 32 – Надлежност на Судот

„1. Надлежноста на Судот се протега на сите прашања во врска со интерпретацијата и примената на Конвенцијата и на нејзините протоколи што ќе му бидат доставени според условите предвидени во членовите 33, 34, 46 и 47.

2. Во случај на спор во врска со надлежноста на Судот, одлучува Судот“.

1. Општи начела

182. Во согласност со општите правила на меѓународното право (принципот на непостоење ретроактивно дејство на договорите), одредбите од Конвенцијата не ја обврзуваат државата што е договорна страна во врска со кое било дејство или фактичка состојба што настанале, или состојба што престанала да постои, пред датумот на влегување во сила на Конвенцијата во поглед на таа држава (*Blečić v. Croatia* [GC], § 70; *Šilih v. Slovenia* [GC], § 140; и *Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 130).

183. Надлежноста *ratione temporis* го покрива само периодот по ратификацијата на Конвенцијата и нејзините протоколи од страна на одговорната држава. Сепак, Конвенцијата не наметнува посебна обврска за државата што е договорна страна за да обезбеди отштета за грешките или за штетите што се случиле пред тој датум (*Kopecký v. Slovakia* [GC], § 38).

184. Од датумот на ратификацијата, па натаму, сите евентуални дејства и пропуштање дејства од страна на државите мора да бидат во согласност со Конвенцијата и со нејзините протоколи и подоцнежните факти се под надлежност на Судот, дури и да се само продолжение на веќе постојната ситуација (*Almeida Garrett, Mascarenhas Falcão and Others v. Portugal*, § 43). Сепак, Судот ќе ги земе предвид фактите пред ратификацијата ако може да се смета дека тие создале ситуација што го надминува датумот на ратификација или би можеле да бидат релевантни за разбирањето на фактите што настанале по тој датум (*Hutten-Czapska v. Poland* [GC], §§ 147-53).

185. Судот е обврзан да ја испита својата надлежност *ratione temporis* по службена должност и во која било фаза на постапката бидејќи ова повеќе е прашање што потпаѓа под надлежноста на Судот отколку прашање во врска со допуштеноста во потесна смисла на зборот (*Blečić v. Croatia* [GC], § 67).

2. Примена на овие начела

(a) Меродавен датум во врска со ратификацијата на Конвенцијата или прифаќањето на надлежноста на институциите на Конвенцијата

186. Во принцип, меродавен датум за одредување на времената надлежност на Судот е датумот кога Конвенцијата и Протоколите влегуваат во сила во поглед на засегнатата држава (на пример, види *Šilih v. Slovenia* [GC], § 164).

187. Сепак, Конвенцијата од 1950 година ѝ дала надлежност на Комисијата да ги испитува индивидуалните жалби (член 25) и надлежноста на Судот (член 46), во зависност од посебните изјави за согласност на државите што се договорни страни за таа цел. Овие изјави би можеле да бидат подложени на ограничувања, особено на временски ограничувања. Во поглед на државите што дале такви изјави по датумот на

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

ратификација на Конвенцијата, Комисијата и Судот ги прифатиле временските ограничувања на нивната надлежност во поглед на фактичката состојба во тој период, меѓу влегувањето во сила на Конвенцијата и на релевантните изјави (*X v. Italy* (dec.), и *Stamoulakatos v. Greece (no. 1)*, § 32).

188. Кога не постојат такви временски ограничувања во владините изјави (види ја изјавата на Франција од 2 октомври 1981 година), институциите на Конвенцијата го признаваат повратното дејство на прифаќањето на нивната надлежност (*X v. France* (dec.)).

Временските ограничувања што се дел од овие изјави остануваат да важат при утврдувањето на надлежноста на Судот за примање индивидуални жалби во согласност со актуелниот член 34 на Конвенцијата и според членот 6 од Протоколот број 11[8] (*Blečić v. Croatia* [GC], § 72). Судот, земајќи го предвид претходниот систем како целина, сметал дека има надлежност, според првата изјава со која е признаено правото на индивидуална жалба до Комисијата, независно од временската разлика меѓу изјавата и признавањето на надлежноста на Судот (*Cankoçak v. Turkey*, § 26; *Yorgiyadis v. Turkey*, § 24; и *Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 133).

(б) Фактичка состојба настаната непосредно пред влегувањето во сила на Конвенцијата или изјавата за согласност или по неа

189. Привремената надлежност на Судот мора да биде утврдена според фактите што ја дефинираат евентуалната повреда. За таа цел од особена важност е, во секој поединечен случај да се определи точното време на евентуалната повреда. Притоа, Судот мора да води сметка како за фактите што се предмет на жалбените наводи на жалителот така и за обемот на правата на Конвенцијата, кои, наводно, се повредени (*Blečić v. Croatia* [GC], § 82, и *Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 131).

190. Кога овој тест се применува за различни судски одлуки пред и по меродавниот датум, Судот ја зема предвид конечната пресуда, која сама по себе може да ги повредила правата на жалителот (пресуда на Врховниот суд со која е донесена одлука за правото на закуп на жалителот во *Blečić v. Croatia* [GC], § 85; или пресуда на Окружниот суд во *Mrkić v. Croatia* (dec.)), наспроти постоењето на последователни правни лекови што би резултирале со тоа нарушувањето да продолжи да постои (последователна одлука на Уставниот суд во *Blečić v. Croatia* [GC], § 85; или двете одлуки на Врховниот суд и на Уставниот суд во *Mrkić v. Croatia* (dec.)).

Последователното неискористување на правните средства што имаат надомест на штетата предизвикана со нарушувањето не може да биде под привремена надлежност

8. „Кога Високата договорна страна дала изјава со која ја признава надлежноста на Комисијата или надлежноста на Судот во согласност со поранешниот член 25 или 46 на Конвенцијата во поглед на прашањата што се појавуваат по или се засноваат на фактите настанати по која било таква изјава, ова ограничување ќе остане да важи за надлежноста на Судот врз основа на овој Протокол“.

на Судот (*Blečić v. Croatia* [GC], §§ 77-79). Судот повторил дека домашните судови не се принудени ретроактивно да ја применуваат Конвенцијата во врска со нарушувањата што настанале пред меродавниот датум (*Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 130).

191. Примери на предмети:

1. нарушување на правата што настанале пред меродавниот датум и конечните судски одлуки донесени по тој датум (*Meltex Ltd v. Armenia* (dec.));
2. нарушувања што настанале по меродавниот датум (*Lepojić v. Serbia*, § 45, и *Filipović v. Serbia*, § 33);
3. користење докази добиени како резултат на нечовечко однесување настанато пред меродавниот датум во судски одлуки донесени по тој датум (*Harutyunyan v. Armenia*, § 50);
4. тужба за поништување на правото на сопственост поднесена пред меродавниот датум, но чијашто постапка завршила потоа (*Turgut and Others v. Turkey**, § 73);
5. датум на правосилно поништување на правото на сопственост (*Fener Rum Patrikliği (Ecumenical Patriarchy) v. Turkey** (dec.)).

192. Исто така, види за:

6. осуда на жалител во отсуство (*in absentia)* од страна на грчките судови пред да биде дадена грчката изјава за согласност според членот 25, и покрај крајно неуспешните жалби поднесени против осудителната пресуда по тој датум (*Stamoulakatos v. Greece (no. 1)*, § 33);
7. конечно решение на Централната изборна комисија, пред ратификацијата, со кое се одбива барањето на жалителот да ја потпише петицијата без да стави печат на неговата патна исправа, каде што постапките поведени по тоа прашање биле спроведени по тој датум (*Kadiķis v. Latvia** (dec.));
8. отпуштање на жалителот од работа и граѓанска тужба поднесена од него пред ратификацијата, по што следувала одлуката на Уставниот суд донесена по тој датум (*Jovanović v. Croatia* (dec.));
9. министерски налог за трансформација на менаџментот на компанијата на жалителот преку одбор назначен од страна на министерот за економија, лишувајќи го на овој начин од правото на пристап до суд, додека пресудата на Врховниот суд со која се одбива жалбата на жалителот била донесена по меродавниот датум (*Kefalas and Others v. Greece*, § 45);
10. осуда на жалителот по дадената изјава за согласност според членот 46 врз основа на изјави дадени од новинари непосредно пред тој датум (*Zana v. Turkey*, § 42);
11. претрес во просториите на компанијата на жалителот и заплена на документацијата, иако подоцнежните постапки биле поведени по ратификацијата (*Veeber v. Estonia (no. 1)*, § 55; исто така, види *Kikots and Kikota v. Latvia** (dec.)).

193. Сепак, ако жалителот поднесе посебна жалба за спорноста на подоцнежните постапки според некој член од Конвенцијата, Судот може да се прогласи за надлежен

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

ratione temporis во поглед на правните средства по предметната постапка (касациска жалба до Врховниот суд против налогот на првостепениот суд за прекинување на производството и за дистрибуцијата на весници: види *Kerimov v. Azerbaijan* (dec.)).

194. Тестот и критериумите утврдени во *Blečić v. Croatia* [GC] се од општ карактер. Посебната природа на определени права, како што се тие што се предвидени во членовите 2 и 3 од Конвенцијата, мора да се земе предвид при примената на овие критериуми (*Šilih v. Slovenia* [GC], § 147).

3. Посебни ситуации

(a) Континуирани повреди

195. Институциите на Конвенцијата го прифатија проширувањето на нивната надлежност *ratione temporis* на ситуации што вклучуваат континуирана повреда што почнала пред Конвенцијата да влезе во сила, но продолжила да трае и по тој датум (*De Becker v. Belgium** (dec.)).

196. Судот го следи овој пристап во неколку предмети, кои се однесуваат на правото на сопственост:

1. долготрајно незаконско користење земја во сопственост на жалителите од страна на воена морнарица, без плаќање надомест (*Papamichalopoulos and Others v. Greece*, § 40);
2. одбивање пристап до имотот на жалител во Северен Кипар (*Loizidou v. Turkey* (првични приговори), §§ 46-47);
3. неисплаќање надомест за национализиран имот (*Almeida Garrett, Mascarenhas Falcão and Others v. Portugal*, § 43);
4. континуирана неможност на жалител да го врати имотот во своја сопственост и да добие соодветна рента за закуп на својата куќа, според правото што било во сила пред и по ратификацијата на Протоколот број 1 од страна на Полска (*Hutten-Czapska v. Poland* [GC], §§ 152-53).

197. Ограничувања: Самото лишување на поединци од нивните домови или имот е, во принцип, „моментно дејство“ и не создава континуирана состојба на „лишување“ во поглед на засегнатите права (*Blečić v. Croatia* [GC], § 86 и наведените референци). Во специфичниот предмет на лишување од сопственост по 1945 година под поранешниот режим, види ги референците наведени во *Preussische Treuhand GmbH & Co. Kg a. A. v. Poland* (dec.), §§ 55-62.

198. Континуираниот карактер на повредата, исто така, може да се утврди во врска со кој било друг член на Конвенцијата (за членот 2 и смртната казна изречена против

жалителот пред меродавниот датум, види *Ilaşcu and Others v. Moldova and Russia* [GC], §§ 406-08).

(б) „Континуирана“ процесна обврска за истраги во врска со исчезнувања што настапиле пред меродавниот датум

199. Исчезнувањето не е „моментно“ дејство или настан. Напротив, Судот го смета исчезнувањето за посебен феномен, кој се карактеризира со долготрајна состојба на несигурност и на неодговорност, каде што има недостиг од информации, па дури и намерно прикривање и затајување на тоа што се случило. Покрај тоа, подоцнежниот неуспех да се води сметка за местото каде што се исчезнатите лица и нивната судбина предизвикува континуирана состојба. Според тоа, процедуралната обврска за истражување потенцијално ќе постои сè дури не се најде објаснување за судбината на исчезнатото лице. Долготрајниот неуспех да се обезбеди потребната истрага ќе се смета за континуирана повреда, дури и кога, евентуално, постојат претпоставки дека лицето починало (*Varnava and Others v. Turkey* [GC], §§ 148-49). За жалбата во случајот *Varnava*, види *Palić v. Bosnia and Herzegovina*, § 46.

(в) Процесна обврска според членот 2 за истраги во случај на смрт: постапки поврзани со факти надвор од привремената надлежност на Судот

200. Судот прави разлика меѓу обврската да се истражи сомнителна смрт или убиство и обврската да се истражи сомнително исчезнување.

Според тоа, тој смета дека позитивната обврска за спроведување успешна истрага според членот 2 од Конвенцијата претставува посебна обврска за државата дури и кога смртта настапила пред меродавниот датум (*Šilih v. Slovenia* [GC], § 159 – случајот се однесува на смрт што настапила пред меродавниот датум, каде што грешките или пропустите во водењето на истрагата настанале по тој датум). Неговата привремена надлежност за преиспитување на усогласеноста со таквите обврски се врши во рамките на определени ограничувања утврдени од него земајќи го притоа предвид начелото за правна сигурност (*Šilih v. Slovenia* [GC], §§ 161-63). Прво, само процесните дејства и/или пропуштања дејства што настанале по меродавниот датум може да потпаднат под привремената надлежност на Судот (§ 162). Второ, Судот нагласува дека за да влезат во сила процесните обврски мора да постои реална поврзаност меѓу смртта и влегувањето во сила на Конвенцијата од аспект на одговорната држава. Според тоа, мора да се обезбеди значителен број процедурални чекори – вклучувајќи ја притоа не само ефективната истрага за смртта на засегнатото лице туку и поведувањето соодветни постапки заради утврдување на причините за смртта и санкционирање на одговорните лица – кои биле или требало да бидат спроведени по ратификацијата на Конвенцијата од страна на засегнатата држава. Сепак, Судот не би отфрлил дека во определени околности поврзаноста, исто така, би можела да се заснова на потребата за обезбедување вистинска и ефикасна заштита на гаранциите и основните вредности на

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Конвенцијата (§ 163). За подоцнежна примена на тестот за „вистинската поврзаност“, види, на пример, *Şandru and Others v. Romania**, § 57. Во врска со жалба по пресудата *Šilih*, види *Çakir and Others v. Cyprus* (dec.).

201. Во случајот *Tuna v. Turkey**, во кој станува збор за смрт како последица на мачење, Судот за првпат ги примени начелата утврдени во пресудата *Šilih* по пат на испитување на процедуралните жалби во согласност со членовите 2 и 3 земени заедно. Судот ги повтори начелата во однос на „разделувањето“ на процесните обврски, особено двата критериума што се користат при определувањето на неговата надлежност *ratione temporis* каде што фактите што се однесуваат на суштинскиот аспект на членовите 2 и 3 се случиле, како што е во овој случај, надвор од периодот што е покриен со неговата надлежност, каде што фактите што се однесуваат на процесниот аспект - односно последователната постапка - настанале, барем делумно, во рамките на тој период.

(г) Земање предвид на претходните фактички состојби

202. Судот го зазема ставот дека може „да ги земе предвид фактите што настанале пред ратификацијата, ако може да се смета дека тие создале ситуација што се протега по тој датум или можат да бидат суштински при разбирањето на фактите што се случиле по тој датум“ (*Broniowski v. Poland* (dec.) [GC], § 74).

(д) Постапки што се во тек или притвор

203. Една посебна ситуација произлегува од жалбите поврзани со должината на судските постапки (член 6 § 1), кои биле поднесени пред ратификацијата, но продолжуваат и по тој датум. Иако надлежноста на Судот е ограничена на периодот што следува по меродавниот датум, тој често како мерило го зема предвид статусот на постапките до тој датум (на пример, *Humen v. Poland* [GC], §§ 58-59, и *Foti and Others v. Italy*, § 53).
Истото се применува и во случаите што се однесуваат на притворот пред судењето (член 5 § 3: види *Klyakhin v. Russia*, §§ 58-59) или на условите во притворот (член 3: види *Kalashnikov v. Russia*, § 36).

204. Што се однесува до правичноста на постапките, Судот може да испита дали недостатоците во фазата на судењето може да се надоместат преку процесните гаранции во истрагата што е спроведена пред меродавниот датум (*Barberà, Messegué and Jabardo v. Spain*, §§ 61 and 84). Во таа смисла, судиите во Стразбур ги разгледуваат постапките како целина (види, исто така, *Kerojärvi v. Finland*, § 41).

205. Процесната жалба според членот 5 § 5 не може да потпадне под привремената надлежност на Судот кога лишувањето од слобода се случило пред Конвенцијата да влезе во сила (*Korizno v. Latvia** (dec.)).

(ѓ) Право на надомест за погрешна осуда

206. Судот ја прогласи својата надлежност за одлучување по жалби според членот 3 на Протоколот број 7 кога лицето било осудено пред меродавниот датум, а осудата била укината по тој датум (*Matveyev v. Russia*, § 38).

Г. Неспоивост ratione materiae

Член 35 § 3 (а) – Критериуми за прифатливост

„3. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба доставена врз основа на членот 34 ако оцени дека:

(а) жалбата е неспоива со одредбите на Конвенцијата и со нејзините протоколи…“

Член 32 – Надлежност на Судот

„1. Надлежноста на Судот се протега на сите прашања во врска со интерпретацијата и примената на Конвенцијата и на нејзините протоколи што ќе му бидат доставени според условите предвидени во членовите 33, 34, 46 и 47.

2. Во случај на спор во врска со надлежноста на Судот, одлучува Судот“.

207. Споивоста *ratione materiae* на жалба или жалбен навод со Конвенцијата произлегува од материјалната надлежност на Судот. За еден жалбен навод да биде споив *ratione materiae* со Конвенцијата, правото на кое се потпира жалителот мора да биде заштитено со Конвенцијата и со нејзините протоколи што влегле во сила. На пример, жалбите се недопуштени кога се однесуваат на правото за издавање возачка дозвола (*X v. Federal Republic of Germany* (dec.)), правото на самоопределување (*X v. the Netherlands* (dec.)), и правото на странски државјани да влезат и да престојуваат во држава што е договорна страна (*Peñafiel Salgado v. Spain** (dec.)), затоа што тие права, како такви, не спаѓаат меѓу правата и слободите загарантирани од Конвенцијата.

208. Иако Судот не е надлежен да ги испитува евентуалните повреди на правата заштитени со други меѓународни инструменти, при дефинирање на значењето на термините и на поимите во текстот на Конвенцијата тој може и мора да ги земе предвид другите елементи на меѓународното право, а не само Конвенцијата (*Demir and Baykara v. Turkey* [GC], § 85).

209. Судот е должен да испита дали има надлежност *ratione materiae* во секоја фаза на постапката, независно од тоа дали Владата се воздржала од поднесување приговор или не. (*Tănase v. Moldova* [GC], § 131).

210. Жалбите што се однесуваат на одредба од Конвенцијата во однос на која тужената држава изразила воздржаност, се прогласуваат за неспоиви *ratione materiae*

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

со Конвенцијата (види, на пример, *Kozlova and Smirnova v. Latvia* (dec.)), под услов воздржувањето да е признаено од страна на Судот во согласност со членот 57 од Конвенцијата (за изјава што треба да се толкува како прогласена за невалидна, види *Belilos v. Switzerland*).

211. Покрај тоа, Судот нема надлежност *ratione materiae* да испита дали договорната страна ги исполнила обврските што ѝ биле наметнати со една од пресудите на Судот. Судот не може да постапува по жалбени наводи од овој вид без да задира во надлежностите на Комитетот на министри на Советот на Европа, кој во согласност со членот 46 § 2 на Конвенцијата го надгледува извршувањето на пресудите. Сепак, улогата на Комитетот на министри во оваа област не значи дека мерките преземени од страна на тужената држава за превенција од повреда утврдена од страна на Судот не можат да постават ново прашање кое не е одлучено со пресуда и кое, како такво, е предмет на нова жалба што може да биде разгледувана од Судот (*Verein gegen Tierfabriken Schweiz (VgT) v. Switzerland (no. 2)* [GC], § 62). Со други зборови, Судот може да постапува по жалба таму каде што повторното отворање на претресот на домашно ниво по пат на спроведување на една од неговите пресуди доведува до нова повреда на Конвенцијата (ibid., и *Lyons v. the United Kingdom* (dec.)).

212. Сепак, голем број одлуки што прогласуваат дека жалбите не може да се допуштат врз основа на неспоивост *ratione materiae* се задржуваат на границите од опфатноста на членовите на Конвенцијата и на нејзините протоколи, особено на членот 6 (право на правично судење), членот 8 (право на почитување на приватниот и на семејниот живот, домот и преписката), и членот 1 од Протоколот број 1 (заштита на сопственоста).

1. Концептот за „граѓански права и обврски“

Член 6 § 1 – Право на правична судска постапка

„1. Секој има право правично … пред… суд…да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски… [а] …“

(а) Општи услови за применливост на членот 6 § 1

213. Концептот за „граѓански права и обврски“ не може да се толкува само преку повикување на домашното право на одговорната држава. Тоа е „автономен концепт“, кој произлегува од Конвенцијата. Членот 6 § 1 на Конвенцијата се применува независно од статусот на страните, карактерот на законодавството, кое одредува како треба да се определи спорот и карактерот на власта што е надлежна за тоа прашање (*Georgiadis v. Greece*, § 34).

214. Сепак, начелото според кое автономните концепти содржани во Конвенцијата мора да се толкуваат во контекст на моменталните услови не му дава овластување на Судот да го толкува членот 6 § 1 како придавката „граѓански“ (со ограничувањата што придавката нужно ги става во категоријата „права и обврски“ на која се однесува овој член) да не е присутна во текстот (*Ferrazzini v. Italy* [GC], § 30).

215. Применливоста на членот 6 § 1 во граѓанските предмети првенствено зависи од постоењето на спорот. Второ, спорот мора да е во врска со „права и обврски“, кои барем, може да се каже дека се признаени според домашното право. Конечно, овие „права и обврски“ мора да бидат „граѓански“ во смисла на Конвенцијата, иако членот 6 сам по себе не им дава никаква посебна содржина во правните системи на државите што се договорни страни.

(б) За поимот „спор“

216. На зборот „спор“ (на француски, „*contestation*“) мора да му се даде повеќе материјално отколку формално значење (*Le Compte, Van Leuven and De Meyere v. Belgium*, § 40). Потребно е да се погледне надвор од појавното и употребениот јазик и да се концентрира на реалната ситуација на секој случај поединечно (ibid., и *Gorou v. Greece (no. 2)* [GC], §§ 27 и 29). Членот 6 не се применува за вонпроцесни постапки и за еднострани постапки што не ги вклучуваат спротивните страни и е достапен само кога не постои спор околу правата (*Alaverdyan v. Armenia* (dec.), § 33).

217. „Спорот“ мора да биде вистински и од сериозна природа (*Sporrong and Lönnroth v. Sweden*, § 81). Ова ги исклучува, на пример, граѓанските постапки преземени против затворските власти поради присуството на затвореници инфицирани со ХИВ (*Skorobogatykh v. Russia* (dec.)). На пример, Судот сметал дека „спорот“ е реален во случајот што се однесувал на барањето до јавниот обвинител за поднесување барање за заштита на законитоста затоа што бил составен дел на целата постапка во која жалителот се вклучил како граѓанска страна заради добивање надомест (*Gorou v. Greece (no. 2)* [GC], § 35).

218. Тој може да е во врска не само со самото постоење на правото, туку и со неговата опфатност и со начинот на кој се практикува (*Benthem v. the Netherlands*, § 32). Спорот, исто така, може да се однесува и на прашања поврзани со фактичката состојба.

219. Резултатот од постапката мора да биде директно пресуден за релевантното право (на пример, *Ulyanov v. Ukraine* (dec.)). Според тоа, слабата поврзаност или далечните последици не се доволни за повикување на членот 6 § 1. На пример, Судот утврдил дека постапките со кои се оспорувала законитоста на продолжувањето на дозволата за работење на нуклеарна станица не потпаѓа под членот 6 § 1 затоа што врската меѓу одлуката за продолжување и правото за заштита на животот, физичкиот интегритет и за сопственоста била „премногу слаба и далечна“, така што жалителите не

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

успеале да покажат дека тие лично биле изложени на опасност, која не само што била специфична туку, пред сè, била непосредна (*Balmer-Schafroth and Others v. Switzerland*, § 40, и *Athanassoglou and Others v. Switzerland* [GC], §§ 46-55; види, од неодамна, *Sdruzeni Jihoceske Matky v. the Czech Republic** (dec.); за случај во врска со ограничено загадување со бучава во фабрика, види *Zapletal v. the Czech Republic** (dec.), или хипотетичкото влијание врз животната средина на постројка за отстранување отпад од минирање: *Ivan Atanasov v. Bulgaria*, §§ 90-95). Слично на тоа, постапките што биле иницирани од двајца службеници од јавниот сектор за да го оспорат назначувањето на нивни колега на работното место би можело да има само далечни ефекти врз нивните граѓански права (особено, врз нивното право на назначување: види *Revel and Mora v. France** (dec.)).

220. Спротивно на тоа, случајот што се однесувал на изградба на брана што би го поплавила селото на жалителите (*Gorraiz Lizarraga and Others v. Spain*, § 46) и случајот во врска со дозволата за работа на рудник со злато, кој користи цијаниден протек блиску до селото на жалителите (*Taşkın and Others v. Turkey*, § 133; исто така, види *Zander v. Sweden*, §§ 24-25) потпаѓаат под членот 6 § 1. Во еден друг случај, кој се однесувал на жалба поднесена од страна на локалното здружение за заштита на животната средина, за повторно судско разгледување на дозволата за градба, Судот сметал дека постои доволна врска меѓу спорот и правото што го бара правниот субјект, особено во однос на статусот на здружението и неговите основачи, како и фактот дека целта кон која се стремело била просторно и суштински ограничена (*L'Erablière A.S.B.L. v. Belgium**, §§ 28-30).

(в) Постоењето спорно право во домашното законодавство

221. Членот 6 не пропишува специфична содржина за „правото" во домашното законодавство на државите што се договорнички и, во принцип, Судот мора да се повика на домашното право во определувањето на тоа дали правото постои. Судот може да донесе одлука дека правата како што се правото на живот, на здравје, на здрава животна средина и на почитување на сопственоста се признаени во домашното право (*Athanassoglou and Others v. Switzerland* [GC], § 44).

222. Релевантното право мора да има законска основа во домашното законодавство. Судот не може, по пат на толкување на членот 6 § 1, да создаде материјално граѓанско право кое нема законска основа во засегнатата држава (*Fayed v. the United Kingdom*, § 65).

223. Сепак, дали некое лице има барање по кое може да се постапува во домашна постапка, може да зависи не само од содржината на релевантното граѓанско право така како што е дефинирано во националното законодавство, туку и од постоењето на процесни пречки што ги спречуваат или ги ограничуваат

можностите за истакнување на можните барања пред судот. Во последната категорија на случаи, членот 6 § 1 на Конвенцијата може да се примени (*Al-Adsani v. the United Kingdom* [GC], §§ 46-47, и *Fogarty v. the United Kingdom* [GC], § 25). Како и да е, во принцип, членот 6 не може да најде никаква примена на материјалните ограничувања на правото, кои постојат според домашното право (*Roche v. the United Kingdom* [GC], § 119).

224. При одлучувањето дали има граѓанско „право“ и дали ограничувањата треба да се класификуваат како материјални или процедурални, прво мора да се земат предвид релевантните одредби на домашното право и начинот на кој се толкуваат од домашните судови (*Masson and Van Zon v. the Netherlands*, § 49). Потребно е да се погледне надвор од првичните изгледи и да се испита како домашното право го класификува определеното ограничување и вниманието целосно да се насочи кон реалноста (*Van Droogenbroeck v. Belgium*, § 38). Конечно, конечната судска одлука нужно не ги лишува ретроспективно жалбите на жалителите од нивната подобност за расправа (*Le Calvez v. France*, § 56). На пример, ограниченото обем на судското разгледување на дејство од надворешната политика (воздушните напади на НАТО врз Србија) не може да ги направи жалбените барања на жалителите против државата ретроспективно неподобни за расправа бидејќи домашните судови за првпат биле повикани да донесат одлука за ова прашање (*Markovic and Others v. Italy* [GC], §§ 100-02).

225. Применувајќи ја разликата меѓу материјалните ограничувања и процесните пречки во контекст на овие критериуми, Судот, на пример, признал дека под членот 6 § 1 потпаѓаат граѓанските тужби за небрежност против полицијата (*Osman v. the United Kingdom*) или против локалните власти (*Z. and Others v. the United Kingdom* [GC]) и разгледувал дали определено ограничување (исклучување од гонење или неодговорност) било пропорционално од аспект на членот 6 § 1. Од друга страна, Судот сметал дека изземањето на Круната од граѓанската одговорност кон припадниците на вооружените сили произлегува од материјалното ограничување и дека соодветно на тоа домашното право не го признава „правото“ во смисла на членот 6 § 1 на Конвенцијата (*Roche v. the United Kingdom* [GC], § 124; исто така види *Hotter v. Austria* (dec.), и *Andronikashvili v. Georgia* (dec.)).

226. Жалителите, исто така, мора да имаат разумни барања во врска со правата признаени од домашното право. Судот прифатил дека здруженијата, исто така, се квалификуваат за заштита во согласност со членот 6 § 1 доколку бараат признавање на посебни права и интереси на своите членови (*Gorraiz Lizarraga and Others v. Spain*, § 45) или дури и на определени права што им следуваат како правни лица (како што е правото на „јавност“ на информациите и на земање учество во одлуките поврзани со животната средина: види *Collectif national d'information et d'opposition à*

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

*l'usine Melox – Collectif Stop Melox et Mox v. France** (dec.)), или кога тужбата на здружението не може да се смета за *actio popularis* (*L'Erablière A.S.B.L. v. Belgium**).

227. Таму каде што законодавството ги поставува условите за пристапување кон занимање или професија, кандидатот што ги задоволува ваквите услови има право да биде примен на работа (*De Moor v. Belgium*, § 43). На пример, ако жалителот има спор дека тој не ги исполнува правните услови за регистрација како доктор, членот 6 се применува (*Chevrol v. France*, § 55; види, спротивно на ова, *Bouilloc v. France** (dec.)). Во сите случаи кога законитоста на постапката што се однесува на граѓанското право може да биде оспорена со правен лек вложен од страна на жалителот, треба да биде донесен заклучокот дека постоел „спор" во однос на „граѓанското право", дури и кога подоцна ќе се утврди дека жалителот не ги исполнил законските услови (правото да продолжи да ја практикува медицинската специјализација, која жалителот ја здобил во странство: види *Kök v. Turkey**, § 37).

(г) „Граѓанската" природа на правото

228. Дали правото ќе се смета за граѓанско во контекст на Конвенцијата или, пак, не, мора да се определи преку повикување на материјалната содржина и ефект на правото – а не на неговата правна класификација – според домашното право на засегнатата држава. При вршењето на својата надзорна функција, Судот, исто така, мора да ги земе предвид предметот и целта на Конвенцијата, како и националните правни системи на другите држави што се договорни страни (*König v. Germany*, § 89).

229. Во принцип, применливоста на членот 6 § 1 за споровите меѓу приватни лица што се класификувани како граѓански во домашното право не се оспорува пред Судот (за случај на судски развод, види *Airey v. Ireland*, § 21).

(д) Приватна природа на правото: материјалната димензија

230. Судот смета дека во опфатноста на членот 6 § 1 спаѓаат тие постапки, кои, во домашното право, потпаѓаат под „јавно право" и чиишто резултати се пресудни за приватните права и обврски. Таквите постапки, *меѓу другото*, може да се однесуваат на дозволите за продажба на земјиште (*Ringeisen v. Austria*, § 94), водење приватна клиника (*König v. Germany*, §§ 94-95), дозвола за градење (види, *меѓу другото*, *Sporrong and Lönnroth v. Sweden*, § 79), сопственост и користење верски објект (*Sâmbata Bihor Greco-Catholic Parish v. Romania**, § 65), административна дозвола во врска со барање за продолжување работен однос (*Benthem v. the Netherlands*, § 36), дозвола за служење алкохолни пијалоци (*Tre Traktörer Aktiebolag v. Sweden*, § 43), или спор во врска со исплата на надомест за болест или за несреќа на работното место (*Chaudet v. France**, § 30).

На истата основа членот 6 е применлив и за дисциплински постапки пред судови за работни спорови каде што е засегнато правото за вршење на професијата (*Le Compte,*

Van Leuven and De Meyere v. Belgium), тужба за небрежност против државата (*X v. France*), тужба за укинување на административна одлука што ги повредува правата на жалителот (*De Geouffre de la Pradelle v. France*), управна постапка што се однесува на забрана за риболов во водите на жалителот (*Alatulkkila and Others v. Finland*, § 49) и постапка за доделување тендер во која е засегнато некое граѓанско право – како што е правото на забрана за дискриминација на религиозна основа или на основа на политички став при наддавање за договор за јавни работи (*Tinnelly & Sons Ltd and Others and McElduff and Others v. the United Kingdom*, § 61; спротивно на тоа *I.T.C. Ltd v. Malta* (dec.)).

231. Членот 6 § 1 се применува и за жалбите на граѓанската страна во кривична постапка (*Perez v. France* [GC], §§ 70-71), освен во случаите на граѓанска тужба поднесена исклучително заради добивање приватна одмазда, или од казнени причини (*Sigalas v. Greece**, § 29, и *Mihova v. Italy** (dec.)). Конвенцијата не доделува никакво право како такво за да се гонат трети лица или да се казнуваат за кривично дело. За да потпадне под полето на примена на Конвенцијата, таквото право мора да биде неделиво од правото на жртвата да поведе граѓанска постапка во домашното право, дури и ако тоа е само за да се обезбеди симболичен надомест или заштита на граѓанското право какво што е правото на „добар углед“ (*Perez v. France* [GC], § 70; исто така, во врска со симболичниот надомест, види *Gorou v. Greece (no. 2)* [GC], § 24). Оттука, членот 6 се применува за постапки што вклучуваат жалби на граѓанските странки од моментот кога жалителот се придружил како граѓанска странка, освен во случај кога тој недвосмислено се откажал од правото на надомест.

232. Членот 6 § 1, исто така, се применува за граѓанска тужба што бара надомест заради нечовечки третман, кој, наводно, е направен од службеници на државата (*Aksoy v. Turkey*, § 92).

(ѓ) Проширување кон други видови спорови

233. Судот утврдил дека членот 6 § 1 е применлив за спорови што се однесуваат на социјални прашања, вклучувајќи ги постапките поврзани со отпуштање вработени од приватна фирма (*Buchholz v. Germany*), постапки поврзани со придобивки од социјално осигурување (*Feldbrugge v. the Netherlands*), дури и кога не се на основа на придонес (*Salesi v. Italy*), како и постапки што се однесуваат на задолжителните придонеси од социјално осигурување (*Schouten and Meldrum v. the Netherlands*). Во овие случаи Судот зазел став дека аспектите на приватното право превладуваат во однос на тие на јавното право. Покрај тоа, тој утврдил дека имало сличности меѓу правото на доделување социјална помош и право на компензација за прогон од страна на нацистите од страна на приватна фондација (*Woś v. Poland*, § 76).

234. Споровите што се однесуваат на јавните службеници, во принцип, потпаѓаат под опфатноста на членот 6 § 1. Во *Pellegrin v. France* [GC], §§ 64-71, Судот го усвоил

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

„функционалниот“ критериум. Судот одлучил да усвои нов пристап во својата пресуда *Vilho Eskelinen and Others v. Finland* [GC], §§ 50-62. Принципот е дека сега ќе постои претпоставка дека членот 6 се применува и дека одговорната влада ќе треба прво да покаже дека жалителот, кој е државен службеник, нема право на пристап до судот според националното право и, второ, дека исклучувањето на правата од членот 6 е оправдано за државниот службеник. Доколку жалителот според националното право има право на пристап до суд, членот 6 се применува (дури и на активните воени офицери и на нивните барања пред воените судови: види *Pridatchenko and Others v. Russia*, § 47). Што се однесува до вториот критериум, исклучокот мора да биде оправдан врз „објективни основи во интерес на државата“ што ја обврзува државата да покаже дека предметот на спорот за кој станува збор е поврзан со вршењето на државните функции или дека тоа ја довело во прашање посебната врска меѓу државниот службеник и државата. Според тоа, во принцип, не може да постои оправданост за исклучувањето на гаранциите на членот 6 за обичните работни спорови, како што се тие што се поврзани со плати, надомест или слични права, врз основа на посебната природа на врската меѓу определени државни службеници и засегнатата држава (на пример, види за спор поврзан со правото на посебен надомест на полицискиот персонал во *Vilho Eskelinen and Others v. Finland* [GC]). Во последно време, од аспект на критериумите што се дефинирани во пресудата *Vilho Eskelinen*, Судот го прогласи членот 6 § 1 за применлив во постапките за неправично отпуштање вработен во амбасада (секретарка и телефонски оператор во полската амбасада: види *Cudak v. Lithuania* [GC], §§ 44-47), постар полициски службеник (*Šikić v. Croatia*, §§ 18-20) или воен офицер во воените судови (*Vasilchenko v. Russia*, §§ 34-36), за постапките поврзани со правото да се добие работно место како парламентарен асистент (*Savino and Others v. Italy**), за дисциплинска постапка против судија (*Olujić v. Croatia*), за жалба поднесена од јавен обвинител против претседателски декрет со кој се наложува негово преместување (*Zalli v. Albania* (dec.), и тука наведените референци), и за постапки што се однесуваат на професионалната кариера на царински службеник (право на аплицирање на интерен конкурс за унапредување: види *Fiume v. Italy**, §§ 33-36).

235. Уставните спорови, исто така, можат да влезат во полето на примена на членот 6, ако уставната постапка има пресудно значење за исходот на споровите (за „граѓанското“ право) пред редовните судови (*Ruiz-Mateos v. Spain*). Ова не наоѓа примена во спорови поврзани со претседателски декрет со кој на лицето му се доделува државјанство како исклучителна мерка или со определување на тоа дали претседателот ја прекршил својата уставна заклетва бидејќи таквите постапки не се однесуваат на кривични права и обврски (*Paksas v. Lithuania* [GC], §§ 65-66). За примената на членот 6 § 1 во врска со привремена мерка донесена од страна на Уставниот суд, види *Kübler v. Germany*, §§ 47-48.

236. Конечно, членот 6, исто така, се применува и за други прашања што не се строго од парична природа, како што е животната средина, каде што може да се појават

спорови во врска со правото на живот, на здравје или на здрава животна средина (*Taşkın and Others v. Turkey*); згрижување деца (*McMichael v. the United Kingdom*); одлуки во врска со образованието на децата (*Ellès and Others v. Switzerland**, §§ 21-23); правото на утврдување татковство (*Alaverdyan v. Armenia* (dec.), § 33); правото на слобода (*Laidin v. France (no. 2)**); ограничување на правата на затворениците (на пример, спорови поврзани со ограничувањата на кои се подложени затворениците како последица на нивното држење во високообезбедени објекти (*Enea v. Italy* [GC], §§ 97-107) или во високообезбедени затворски ќелии (*Stegarescu and Bahrin v. Portugal**)), или дисциплински постапки со кои се ограничуваат семејните посети во затворот (*Gülmez v. Turkey*, § 30); правото на добар углед (*Helmers v. Sweden*, § 27); правото на пристап до административни документи (*Loiseau v. France* (dec.)), или жалба против запис во полициското досие, кој го нарушува правото на углед, правото на заштита на сопственоста и можноста да се најде работа и според тоа да се заработува за живот (*Pocius v. Lithuania*, §§ 38-46, и *Užukauskas v. Lithuania*, §§ 32-40); правото на членување во здружение (*Sakellaropoulos v. Greece** (dec.) – слично на тоа, постапките што се однесуваат на регистрацијата на здружение ги засегаат граѓанските права на здружението, дури и ако, според домашното законодавство, прашањето за слободата на здружување припаѓа во сферата на јавното право: види *APEH Üldözötteinek Szövetsége and Others v. Hungary*, §§ 34-35); и, конечно, правото да се продолжат студиите од високото образование (*Emine Araç v. Turkey*, §§ 18-25), позиција што се применува *a fortiori* во контекст на примарното образование (*Oršuš and Others v. Croatia* [GC], § 104). Ова проширување на Судот му овозможува да го смета граѓанскиот аспект на членот 6 како таков што покрива не само права од материјална природа, туку и индивидуални права од лична природа.

(е) Исклучени прашања

237. Самиот показател дека спорот е материјален по природа сам по себе не е доволен за да покаже применливоста на членот 6 § 1 од неговиот граѓански аспект (*Ferrazzini v. Italy* [GC], § 25).

238. Прашањата што се надвор од опфатноста на членот 6 вклучуваат даночни постапки: даночните прашања сè уште сочинуваат дел од цврстото јадро на привилегиите на јавната власт, така што јавната природа на врската меѓу даночниот обврзник и заедницата продолжува да доминира (ibid., § 29). Слично на ова, исклучени се постапките за издавање привремени налози во врска со царинските обврски или трошоци (*Emesa Sugar N.V. v. the Netherlands* (dec.)).

239. Истото се применува во областа на имиграцијата, за влегувањето, престојот или за отселувањето на странците, во однос на постапките за доделување политички азил или депортација (жалба поради налог со кој се укинува налогот за депортација: види *Maaouia v. France* [GC] § 38; екстрадиција: види *Peñafiel Salgado v. Spain** (dec.) и *Mamatkulov and Askarov v. Turkey* [GC], §§ 81-83; и тужба на барател на азил за

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

предизвикана штета поради решението со кое се одбива доделувањето на азил: види *Panjeheighalehei v. Denmark* (dec.)), и покрај можните сериозни последици по неговиот приватен или семеен живот или изгледите за вработување. Оваа неприменливост се проширува и на вклучувањето странец во шенгенскиот информациски систем (*Dalea v. France** (dec.)). Правото на патна исправи и правото на националност не се граѓански права за целите од членот 6 (*Smirnov v. Russia* (dec.)). Како и да е, правото на странецот да аплицира за работна дозвола може да спадне под членот 6 и за работникот и за работодавецот, дури и кога, според домашното право, работникот нема *locus standi* да аплицира за неа, доколку тоа што е во прашање, едноставно, претставува процедурална пречка што не влијае врз суштината на правото (*Jurisic and Collegium Mehrerau v. Austria*, §§ 54-62).

240. Според *Vilho Eskelinen and Others v. Finland* [GC], споровите во врска со јавните службеници не потпаѓаат под опфатноста на членот 6 кога се исполнети двата утврдени критериуми (види го параграфот 234, погоре). Ова е случај со војник отпуштен од служба на дисциплинска основа, кој не е во можност да ја оспори таа одлука пред судовите бидејќи била оспорена посебната врска меѓу жалителот и државата (*Sukût v. Turkey* (dec.)). Истото се применува и за спор поврзан со враќањето на судија на должност, по поднесена оставка (*Apay v. Turkey** (dec.)).

241. На крајот, политичките права какво што е правото на кандидирање на избори и на задржување на позицијата (спор во врска со избори: види *Pierre-Bloch v. France*, § 50), правото на пензија како поранешен член на парламентот (*Papon v. France* (dec.)), или правото на политичка партија да продолжи со своите политички активности (за случајот поврзан со распуштање на партија, види *Refah Partisi (The Welfare Party) and Others v. Turkey** (dec.)) не може да се сметаат за граѓански права во смисла на членот 6 § 1 од Конвенцијата. Слично на тоа, постапката со која на невладина организација што врши надгледување на парламентарните избори ѝ е одбиен пристапот до документацијата што не содржи информации поврзани со самиот жалител, не потпаѓа под опфатноста на членот 6 § 1 (*Geraguyn Khorhurd Patgamavorakan Akumb v. Armenia* (dec.)).

Покрај тоа, Судот неодамна потврди дека правото да се известува за работите што се изјавени во отворени судски расправи не е граѓанско право (*Mackay and BBC Scotland v. the United Kingdom*, §§ 20-22).

(ж) Применливост на членот 6 за постапки надвор од главната постапка

242. Прелиминарните постапки, како што се тие што се однесуваат на дозволување на времени мерки како што се забраните, вообичаено не се сметале дека ги „определуваат“ граѓанските права и обврски и затоа вообичаено не се во рамки на заштитата на членот 6 (види, *inter alia*, *Verlagsgruppe News GmbH v. Austria* (dec.), и *Libert v. Belgium** (dec.)). Сепак, Судот неодамна ја напушти својата претходна судска практика и зазеде нов пристап. Во случајот *Micallef v. Malta* [GC], §§ 83-86,

Судот утврдил дека применливоста на членот 6 за времените мерки ќе зависи од тоа дали се исполнети определени услови. Прво, засегнатото право и во главната постапка и во постапката за судски налог треба да биде „граѓанско“ во смисла на Конвенцијата. Второ, треба да биде разгледана природата на времената мерка, нејзиниот предмет и цел, како и нејзините ефекти врз засегнатото право. Членот 6 ќе се применува секогаш кога ќе се смета дека времената мерка ефективно го определува граѓанското право или засегнатата обврска, независно од должината на периодот додека е во сила.

Членот 6 е применлив за времени постапки што ја следат истата цел како и главната постапка што е во тек, каде што привремениот судски налог веднаш е спроведлив и повлекува донесување одлука во врска со истото право (*RTBF v. Belgium**, §§ 64-65).

243. Што се однесува до кривичните и до граѓанските постапки, ако националниот суд на државата овозможува постапки што се состојат од две фази – каде што во првата од нив судот одлучува за тоа дали постои правото на надомест на штета и втората во која тој го дефинира износот – разумно е, за целите на членот 6 § 1 од Конвенцијата, граѓанското право да се смета како право што не е определено сè додека не се донесе одлука за точниот износ: определувањето на правото подразбира одлучување не само во врска со постоењето на правото, туку и во врска со неговата опфатност или со начинот на кој ќе се остварува, што се разбира дека вклучува и процена на штетата (*Torri v. Italy*, § 19).

244. Што се однесува до извршувањето на судските одлуки, членот 6 § 1 од Конвенцијата се применува во сите фази на судската постапка за „определување на ... граѓанските права и обврски“, без да се исклучат фазите што следуваат по мериторното одлучување. Извршувањето на пресудата донесена до кој било суд затоа мора да се смета како составен дел на „судењето“ за целите на членот 6 (*Hornsby v. Greece*, § 40, и *Romańczyk v. France**, § 53, во врска со извршувањето на пресуда со која се одобрува наплатата на долгот за одржување). Без оглед на тоа дали членот 6 се применува за првичната постапка, извршната исправа што ги определува граѓанските права не мора нужно да произлегува од постапката во која членот 6 наоѓа примена (*Buj v. Croatia*, § 19). E*xequatur* на налогот за заплена на странски суд потпаѓа под полето на примена на членот 6, но само во неговиот граѓански аспект (*Saccoccia v. Austria* (dec.)).

245. Што се однесува до жалбите за повторно отворање на постапките, членот 6 не се применува за постапките што се однесуваат на жалби за повторно отворање на граѓанските постапки што биле завршени со конечна одлука (*Sablon v. Belgium**, § 86). Ова образложение, исто така, се применува и за жалба за повторно отворање на постапка откако Судот ја утврдил повредата на Конвенцијата (*Verein gegen Tierfabriken Schweiz (VgT) v. Switzerland (no. 2)* [GC], § 24). Сепак, постојат многу исклучителни

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

случаи во кои постапката дефинирана во домашниот правен систем како жалба за повторно отворање на постапката беше единственото правно средство за барање отштета во врска со граѓанските барања, а нејзиниот резултат, според тоа, се сметаше дека е пресуден за „граѓанските права и обврски“ на жалителот (*Melis v. Greece**, §§ 19-20).

2. Поимот за „кривично обвинение“

Член 6 § 1 – Право на правична судска постапка

„1. Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите ..... какви било кривични обвинија против него“.

(а) Општи начела

246. Концептот за „кривично обвинение“ има „автономно“ значење, независно од категоризациите на националните правни системи во државите што се членки (*Adolf v. Austria*, § 30).

247. Концептот за „обвинение“ треба да се разбере во рамки на значењето на Конвенцијата. Оттука, тој може да се дефинира како „официјално известување на лицето од страна на надлежниот орган, во врска со наводи дека направил кривично дело“, дефиниција, која, исто така, кореспондира со испитувањето за тоа дали „имало суштинско влијание врз ситуацијата на [осомничениот]“ (види, на пример, *Deweer v. Belgium*, §§ 42 и 46, и *Eckle v. Germany*, § 73). Па, така, на пример, исказите што лицето ги дало за време на проверката што била спроведена на улица, без да биде информирано за причините за неговото испрашување или за природата и за поводот за сомнение против него или без да му се каже дека неговите искази може да бидат употребени против него, „суштински влијаеле“ врз неговата ситуација иако не бил формално обвинет за какво било кривично дело (*Aleksandr Zaichenko v. Russia*, § 43). Судот, исто така, сметал дека лицето што се наоѓало во полициски притвор, од кое било побарано да положи заклетва пред да биде испрашано како сведок, било предмет на „кривично обвинение“ и имало право да молчи (*Brusco v. France**, §§ 46-50).

248. Што се однесува до автономниот поим „кривична“, Конвенцијата не е против чекорите во насока на „декриминализација“ меѓу државите што се договорнички. Сепак, деликтите што биле класификувани како „прекршоци“ по декриминализацијата може да потпаднат под автономниот поим „кривично“ дело. Ако на државите им се даде дискреција да ги исклучат овие дела, тоа може на крајот да доведе до неусогласеност со предметот и со целите на Конвенцијата (*Öztürk v. Germany*, § 49).

249. Појдовната точка за процена на применливоста на кривичниот аспект на членот 6 на Конвенцијата е заснована врз критериумите утврдени во *Engel and Others v. the Netherlands* (§§ 82-83): (1) класификација на домашното право; (2) природа на стореното дело; и (3) тежината на казната што засегнатото лице ризикува да му биде изречена.

250. Првиот критериум има релативна тежина и служи само како појдовна точка. Ако домашното право го класификува стореното дело како кривично, тогаш тоа ќе биде пресудно. Во спротивно, Судот ќе гледа надвор од националната класификација и ќе ја испитува суштинската реалност на соодветната постапка.

251. При оцена на вториот критериум, кој се смета дека е поважен (*Jussila v. Finland* [GC], § 38), може да се земат предвид следниве фактори:

1. дали суштинската правна норма е насочена само кон определена група или има општообврзувачки карактер (*Bendenoun v. France*, § 47);
2. дали постапката е поведена од страна на јавно тело со извршни надлежности (*Benham v. the United Kingdom* [GC], § 56);
3. дали правната норма има за цел казна или превенција (*Öztürk v. Germany*, § 53, и *Bendenoun v. France*, § 47);
4. дали наметнувањето на каква било казна зависи од утврдувањето на вината (*Benham v. the United Kingdom* [GC], § 56);
5. како се класификувани компатибилните постапки во други држави што се членки на Советот на Европа (*Öztürk v. Germany*, § 53);
6. фактот дека делото не значи отворање криминално досие може да биде значаен, но не е пресуден затоа што тој, обично, претставува одраз на домашната класификација (*Ravnsborg v. Sweden*, § 38).

252. Третиот критериум е дефиниран преку повикување на максималната потенцијална казна што е пропишана од соодветниот закон (*Campbell and Fell v. the United Kingdom*, § 72, и *Demicoli v. Malta*, § 34).

253. Вториот и третиот критериум содржани во *Engel and Others v. the Netherlands* се алтернативни и не се нужно кумулативни критериуми. За да се смета членот 6 за применлив, доволно е делото за кое станува збор по својата природа да се смета за „кривично“ од аспект на Конвенцијата, или дека делото го изложува одговорното лице на санкција, која, по својата природа и степен на сериозност, начелно ѝ припаѓа на „кривичната“ сфера (*Öztürk v. Germany*, § 54, и *Lutz v. Germany*, § 55). Како и да е, кумулативниот пристап може да биде прифатен таму каде што одделни анализи на секој критериум оневозможуваат да се дојде до јасен заклучок во врска со постоењето на кривичното обвинение (*Bendenoun v. France*, § 47).

254. При употреба на термините „кривично обвинение“ и „поднесено е кривично обвинение за него/неа“, трите става на членот 6 се однесуваат на идентични ситуации.

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Затоа, тестот за проверка на применливоста на членот 6 со својот кривичен аспект ќе биде ист за сите три става.

(б) Примена на општите начела

Дисциплински постапки

255. Делата против воената дисциплина, за кои е предвидена казна со распоредување во дисциплинска единица за период од неколку месеци, потпаѓаат под кривичниот аспект на членот 6 од Конвенцијата (*Engel and Others v. the Netherlands*, § 85). Спротивно на тоа, строгото апсење во траење од два дена се смета дека е премногу кратко за да припадне во сферата „кривичното право“ (ibid.).

256. Членот 6 од Конвенцијата јасно се применува за постапките пред воените судови (*Findlay v. the United Kingdom*, § 69).

257. Во поглед на професионалните дисциплински постапки, прашањето останува отворено бидејќи Судот сметал дека не е неопходно да донесе одлука по предметот, заклучувајќи дека постапката потпаѓа под граѓанскиот аспект (*Albert and Le Compte v. Belgium*, § 30). Во случај на дисциплинска постапка што резултира со задолжително пензионирање на државен службеник, Судот сметал дека таквата постапка не е „кривична“ во смисла на членот 6, затоа што домашните власти успеваат да ја држат таа одлука во чисто административната сфера (*Moullet v. France* (dec.)).

258. Земајќи го „соодветно предвид“ контекстот на затворот и на неговиот посебен дисциплински режим, членот 6 може да се примени за дела против затворската дисциплина, поради природата на обвиненијата и сериозноста на казните (обвиненија за закана за убиство на службено лице задолжено за условен отпуст и напад на затворски службеник, кои резултирале со четириесет и седум дополнителни дена во притвор соодветно во *Ezeh and Connors v. the United Kingdom* [GC], § 82; спротивно на ова, види *Štitić v. Croatia*, §§ 51-63, каде што се сметало дека членот 6 не е применлив за дисциплниска постапка што резултира со казнување со седумдневна самица и ограничување на движењето на жалителот во затворот во времетраење од три месеци, без да се продолжи неговата казна затвор).

259. Сепак, постапките што се однесуваат на затворскиот систем како таков не потпаѓаат во кривичниот аспект на членот 6. Па така, на пример, сместувањето на затвореникот во оддел што се наоѓа под висок надзор не се однесува на кривично обвинение. Пристапот до суд за да се оспори таквата мерка и ограничувањата што се поврзани со неа треба да бидат испитани според граѓанскиот аспект на членот 6 § 1 (*Enea v. Italy* [GC], § 98).

260. Мерките што ги наредил судот, според правилата во врска со непримерното однесување во постапките пред него (навреда на судот), се смета дека потпаѓаат надвор од полето на примена на членот 6 бидејќи се слични со вршењето на дисциплинската надлежност (*Ravnsborg v. Sweden*, § 34, и *Putz v. Austria*, §§ 33-37). Сепак, природата и сериозноста на казната може да го направат членот 6 применлив за осуда поради навреда на судот, која во домашното право е класификувана како кривично дело (случајот *Kyprianou v. Cyprus* [GC], §§ 61-64, кој се однесува на казна затвор во траење од пет дена) или прекршок (случајот *Zaicevs v. Latvia*, §§ 31-36, кој се однесува на казна административен притвор во траење од три дена).

261. Што се однесува до повредата на доверливоста на судската истрага, мора да се направи разлика меѓу лицата што над сите други се обврзани за доверливоста на истрагата, како што се судиите, адвокатите и сите други лица што е тесно поврзано со функционирањето на судовите, од една страна, и на странките, кои не влегуваат во дисциплинската сфера на судскиот систем, од друга страна (*Weber v. Switzerland*, §§ 33-34).

262. Што се однесува до навредата на Парламентот, Судот прави разлика меѓу надлежности на законодавната власт да ги регулира сопствените постапки за повреда на привилегиите што се применуваат на нејзините членови, од една страна, и проширената надлежност за казнување на лицата што не се нејзини членови за дејства што се случиле на друго место, од друга страна. Првата ситуација може да се смета за дисциплинска по својата природа, додека Судот ја смета втората ситуација за кривична земајќи ја предвид општата примена и сериозноста на потенцијалната казна, која би можела да биде наметната (затворање до 60 дена и парична казна во *Demicoli v. Malta*, § 32).

Управни, даночни, царински постапки и постапки во врска со правото на конкуренција

263. Следниве административни дела може да потпаднат под кривичниот аспект на членот 6:

1. сообраќајни прекршоци што се казнуваат со парични казни или ограничување на возењето, како што се казнени поени или исклучување од сообраќајот (*Lutz v. Germany*, § 182; *Schmautzer v. Austria*; и *Malige v. France*);
2. помали дела, кои предизвикуваат вознемирување (*Lauko v. Slovakia*);
3. дела против законите од областа на социјалното осигурување (непријавување работник, и покрај скромната природа на казната што се наметнува: види *Hüseyin Turan v. Turkey**, §§ 18-21).

264. Спротивно на тоа, Судот не го смета членот 6 за применлив за предупредувачките мерки како што е итното повлекување на возачката дозвола (*Escoubet v. Belgium* [GC]).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

265. Било утврдено дека членот 6 се применува за постапките на доплата на данок врз основа на следниве елементи: (1) дека законот што ги утврдува казните ги покрива сите граѓани во нивното својство како даночни обврзници; (2) дека доплатата не е наменета да биде материјален надомест на штета, туку, во основа, да биде казнување заради спречување на повторување на делото; (3) дека било наметнато со општо правило истовремено и со превентивна и со казнена цел; и (4) дека доплатата била од суштинско значење (*Bendenoun v. France*). Кривичната природа на делото може да биде доволна за да се смета дека членот 6 е применлив, независно од нискиот износ на даночната доплата (10 проценти од повторно пресметаното даночно оптоварување во случајот *Jussila v. Finland* [GC], § 38).

266. Сепак, членот 6 не се протега ниту на „чистите" постапки за даночно пресметување ниту за постапките поврзани со интересите за задоцнето плаќање, особено доколку се наменети, во суштина, да овозможат материјален надомест на штета предизвикана од даночните власти отколку да спречат повторување на делото (*Mieg de Boofzheim v. France* (dec.)).

267. Членот 6 во својот кривичен аспект е утврдено дека се применува за царинското право (*Salabiaku v. France*), правото на конкуренција (*Société Stenuit v. France*) и за казните наметнати од суд со надлежност за постапување по финансиски прашања (*Guisset v. France*).

Политички прашања

268. Санкционирањата поврзани со изборите, како што е исклучувањето од правото на кандидирање на избори и обврската на државната каса да ѝ се плати сума што е еднаква на износот на прекумерните изборни трошоци, не потпаѓаат под кривичниот аспект на членот 6 (*Pierre-Bloch v. France*, §§ 53-60).

269. Постапките поврзани со расформирањето на политички партии се однесуваат на политички права и соодветно на тоа не спаѓаат во полето на примена на членот 6 § 1 (*Refah Partisi (the Welfare Party) and Others v. Turkey** (dec.)).

270. Утврдено е дека членот 6 не се применува за истражни комисии што се формирани од страна на Парламентот бидејќи овие тела истражуваат прашања од општ и јавен интерес (*Montera v. Italy** (dec.)).

271. Што се однесува во постапките за лустрација, Судот неодамна заклучи дека превладувањето на аспектите што имаат кривична конотација (природата на делото – невистинити искази за лустрација – и природата и сериозноста на казната – забрана за вршење одредени професии за подолг период) може да ги доведе овие постапки под кривичниот аспект на членот 6 од Конвенцијата (*Matyjek v. Poland* (dec.); спротивно на ова, види *Sidabras and Džiautas v. Lithuania* (dec.)).

272. Утврдено е дека членот 6 не се применува во својот кривичен аспект за постапки на разрешување од функција на претседател на држава заради голема повреда на Уставот (*Paksas v. Lithuania* [GC], §§ 66-67).

Протерување и екстрадиција

273. Постапките за протерување на странци не потпаѓаат под кривичниот аспект на членот 6, независно од фактот што можат да се доведат во контекст на кривична постапка (*Maaouia v. France* [GC], § 39). Истиот исклучителен пристап се применува и на постапките за екстрадиција (*Peñafiel Salgado v. Spain** (dec.)) или за постапките поврзани со европскиот налог за апсење (*Monedero Angora v. Spain** (dec.)).

274. Сепак, спротивно на тоа, замената на затворска казна со депортација и со протерување од националната територија за период од десет години, каде што на засегнатото лице не му е дадена можност да ги изнесе своите гледишта и каде што не се земени предвид никакви околности, освен квазиавтоматското применување на новите одредби од кривичното право, мора да се смета за казна на истите основи како и казната што била изречена во времето на првичната осуда (*Gurguchiani v. Spain**, §§ 40 and 47-48).

Различни фази на кривичната постапка, придружни постапки и соодветни правни средства

275. Мерките усвоени за превенција од немири или криминал не се покриени со гаранциите во членот 6 (посебен надзор од страна на полицијата: види *Raimondo v. Italy*, § 43; или предупредување дадено од страна на полицијата на малолетно лице што извршило непристојни напади врз девојчиња од неговото училиште: види *R. v. the United Kingdom* (dec.)).

276. Членот 6 може да се применува во случаи на принуда да се дадат докази дури и во отсуство на други постапки или кога жалителот е ослободен во основната постапка (на пример, кога лице што е регистрирано како сопственик на возилото парично се казнува поради одбивање да даде информација за идентитетот на возачот што, евентуално, сторил сообраќаен прекршок, иако основната постапка никогаш не се водела: види *O'Halloran and Francis v. the United Kingdom* [GC], § 35).

277. Кривичниот аспект на членот 6 § 1, во принцип, не наоѓа примена во постапките што се однесуваат на жалби за бесплатна правна помош (*Gutfreund v. France*, §§ 36-37).

278. Во принцип, мерките за заплена, кои влијаат неповолно врз имотните права на трети лица, во отсуство на секаква закана од кривична постапка за нив, не се сведуваат на „одлучување по кривичното обвинение" (заплена на воздухоплов во *Air Canada v. the United Kingdom*, § 54; и заплена на златни монети во *AGOSI v. the United Kingdom*, §§ 65-66).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Сепак, административното предупредување и конфискацијата на публикација (што предизвикала етничка омраза), во поглед на нивната превентивна и казнена цел и сериозноста на казната припаѓаат во кривичната сфера (*Balsytė-Lideikienė v. Lithuania*, § 61).

279. Што се однесува до фазата на истражната постапка (испитување, истрага), Судот гледа на кривичната постапка како на целина. Затоа, некои барања од членот 6, како што е барањето за разумен рок или правото на одбрана, исто така, може да бидат суштински во оваа фаза на постапката доколку правичноста на судењето може сериозно да се повреди за време на првичниот неуспех да се исполнат (*Imbrioscia v. Switzerland*, § 36). Сепак, начинот на кој се применуваат овие гаранции за време на првичната истрага зависи од посебните карактеристики на постапките и на околностите на случајот (*John Murray v. the United Kingdom*, § 62).

280. Иако истражните судии не одлучуваат по „кривичното обвинение“, чекорите што ги преземаат имаат директно влијание врз спроведувањето и правичноста на подоцнежните постапки, вклучувајќи го и самото судско рочиште. Соодветно на тоа, членот 6 § 1 може да се смета за применлив во истражната постапка спроведена од истражен судија, иако некои од процесните гаранции предвидени во членот 6 § 1 можно е да не се применуваат (*Vera Fernández-Huidobro v. Spain**, §§ 108-14).

281. Што се однесува до запирањето на кривичната постапка врз основа на парламентарен имунитет, иако не постои право на определен резултат од кривичната постапка во согласност со членот 6 на Конвенцијата или, како резултат на тоа, право на формална осуда или ослободување од обвинението по поднесувањето на кривичната пријава, неспорно постои правото на сослушување на случајот на некое лице пред суд во разумен рок, веднаш штом ќе почне судскиот процес. Соодветно на тоа, неможноста да се симне парламентарниот имунитет од некој член на парламентот за да може да се брани во кривичната постапка што била запрена сè до истекувањето на неговиот мандат, потпаѓа под опфатноста на членот 6 § 1 (*Kart v. Turkey* [GC], §§ 67-70).

282. Членот 6 § 1 е применлив низ целата постапка на одлучување по „кривичното обвинение“, вклучувајќи го и процесот на казнување (како на пример, постапката за конфискација, која на националниот суд му овозможува да го процени износот содржан во наредбата за конфискација: види *Phillips v. the United Kingdom*, § 39). Членот 6, исто така, може да се примени во својот кривичен аспект за постапки што резултираат со уривање куќа изградена без градежна дозвола бидејќи уривањето би можело да се смета за „казна“ (*Hamer v. Belgium*, § 60; види, во врска со членот 7, заплена на земјиште врз основа на незаконска градба во крајбрежна област во *Sud Fondi Srl and Others v. Italy** (dec.)). Сепак, овој член не се применува за постапки за усогласување на првичната казна со поповолните одредби на новиот Кривичен законик (*Nurmagomedov v. Russia*, § 50).

283. Постапките што се однесуваат на извршувањето на казните – како што се постапките за примена на амнестија (*Montcornet de Caumont v. France* (dec.)), постапките за условна осуда (*Aldrian v. Austria* (dec.)), постапките за трансфер во согласност со Конвенцијата за трансфер на осуденици (*Szabó v. Sweden* (dec.), но види, за спротивни наводи, *Buijen v. Germany*, §§ 40-45, од аспект на посебните околности на случајот) – или *exequatur* постапки поврзани со извршување налог за конфискација издаден од странски суд (*Saccoccia v. Austria* (dec.)) не потпаѓаат под кривичниот аспект на членот 6.

284. Гаранциите од членот 6, во принцип, се применуваат во постапките по ревизија (*Meftah and Others v. France* [GC], § 40) и за уставните постапки (*Gast and Popp v. Germany*, §§ 65-66); исто така, види *Caldas Ramírez de Arrellano v. Spain* (dec.) каде што таквите постапки се дополнителна фаза на релевантната кривична постапка и нивните резултат може да бидат пресудни за осудените лица.

285. На крајот, членот 6 не се применува за постапки по предлог за повторување на постапката затоа што лицето, чијашто казна станала правосилна и кое поднесува барање за повторно отворање на неговиот случај, не се „товари за сторено кривично дело“ во смисла на овој член (*Fischer v. Austria* (dec.)). Само новите постапки, по одобрувањето на ваквото барање може да се сметаат како постапки за одлучување по кривичното обвинение (*Löffler v. Austria*, §§ 18-19). Слично на тоа, членот 6 не се применува во врска со предлог за повторување на кривичната постапка, што следува откако Судот утврдил повреда (*Öcalan v. Turkey** (dec.)). Сепак, постапките за надзорен преглед, кои резултираат со промена на конечната пресуда, потпаѓаат под кривичниот аспект на членот 6 (*Vanyan v. Russia*, § 58).

(в) Поврзаност со други членови на Конвенцијата или со нејзините протоколи

286. Потточката (в) од членот 5 § 1 дозволува лишување од слобода само во врска со кривичните постапки. Ова е очигледно од самиот буквален текст на овој член, кој мора да се чита во врска со потточката (а) и со ставот 3, кои заедно со него образуваат една целина (*Ciulla v. Italy*, § 38). Оттука, поимот за „кривично обвинение“, исто така, е релевантен за применливоста на гаранциите од членот 5 §§ 1 (а) и (в) и 3 (види, на пример, *Steel and Others v. the United Kingdom*, § 49). Следи дека постапките поврзани со притвор само по еден од основите наведени во другите потточки на членот 5 § 1, како што е притворањето на ментално заболено лице (потточка (д)), не потпаѓаат под кривичниот аспект на членот 6 (*Aerts v. Belgium*, § 59).

287. Иако постои блиска врска меѓу членот 5 § 4 и членот 6 § 1 во сферата на кривичната постапка, мора да се има на ум дека двата члена следат различни цели и како резултат на тоа кривичниот аспект на членот 6 не се применува на постапките за

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

преиспитување на законитоста на притворот, што потпаѓа под опфатноста на членот 5 § 4, кој е *lex specialis* во однос на членот 6 (*Reinprecht v. Austria*, §§ 36, 39, 48 и 55).

288. Поимот „казна“ според членот 7 на Конвенцијата, исто така, претставува автономен концепт (*Welch v. the United Kingdom*, § 27). Судот како појдовна точка на секоја оцена за постоењето „казна“ го зема предвид прашањето за тоа дали мерката за која станува збор била наметната по осудата за „кривичното дело“. Во овој поглед, мора се усвои тројниот тест прикажан во случајот *Engel and Others* (*Brown v. the United Kingdom* (dec.)).

289. На крајот, поимите „кривично дело“ и „казна“, исто така, може да бидат релевантни за применливоста на членовите 2 и 4 од Протоколот број 7 (*Grecu v. Romania**, § 81, и *Sergey Zolotukhin v. Russia* [GC], §§ 52-57).

3. Концептите за „приватен живот“ и за „семеен живот“

Член 8 – Право на почитување на приватниот и семејниот живот

„1. Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.

2. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество“.

(а) Опфатност на членот 8

290. Додека членот 8 има за цел да ги штити четирите области на личната слобода - приватниот живот, семејниот живот, домот и преписката – овие области не се исклучуваат меѓусебно и една мерка може истовремено да задира и во приватниот и во семејниот живот (*Menteş and Others v. Turkey*, § 73; *Stjerna v. Finland*, § 37; *López Ostra v. Spain*, § 51; *Burghartz v. Switzerland*, § 24; и *Płoski v. Poland*, § 32).

(б) Сферата на „приватен живот“

291. Не постои исцрпна дефиниција на поимот приватен живот (*Niemietz v. Germany*, § 29), но ова е широк поим (*Peck v. the United Kingdom*, § 57, и *Pretty v. the United Kingdom*, § 61) и ги опфаќа следниве области:

1. физичкиот, психолошкиот или моралниот интегритет на поединецот (*X and Y v. the Netherlands*, § 22), вклучувајќи го и медицинското лекување и психијатриските прегледи (*Glass v. the United Kingdom*, §§ 70-72; *Y.F. v. Turkey*, § 33, кој се однесува на принуден гинеколошки преглед; *Matter v. Slovakia*, § 64; и *Worwa v. Poland*, § 80) и

менталното здравје (*Bensaid v. the United Kingdom*, § 47); физичкиот интегритет на бремените жени, во однос на абортусот (*Tysiąc v. Poland*, §§ 107 и 110, и *A, B and C v. Ireland* [GC], §§ 244-46); и физичкиот и психолошкиот интегритет на жртвите на семејно насилство (*Hajduová v. Slovakia*, § 46);

2. аспекти на физичкиот и на социјалниот интегритет на поединецот (на пример, правото да се добијат информации заради откривање на нечие потекло и идентитетот на неговите родители: види *Mikulić v. Croatia*, § 53, и *Odièvre v. France* [GC], § 29); како и заплена на документи потребни за да се докаже нечиј идентитет, види *Smirnova v. Russia*, §§ 95-97;

1. лично име и презиме на поединецот (*Mentzen v. Latvia* (dec.); *Burghartz v. Switzerland*, § 24; *Guillot v. France*, §§ 21-22; *Güzel Erdagöz v. Turkey**, § 43; и *Losonci Rose and Rose v. Switzerland**, § 26);
2. брачен статус на лицето како составен дел од неговиот социјален идентитет (*Dadouch v. Malta*, § 48);
3. утврдување на законските одредби со кои се уредува односот на таткото со неговото евентуално дете (на пример, во постапките за оспорување на татковството, *Rasmussen v. Denmark*, § 33, и *Yildirim v. Austria* (dec.));
4. право на слика и на фотографија од некое лице (*Von Hannover v. Germany*, §§ 50-53; *Sciacca v. Italy*, § 29; и *Reklos and Davourlis v. Greece*, § 40);
5. углед на поединецот (*Chauvy and Others v. France*, § 70; *Pfeifer v. Austria*, § 35; *Petrina v. Romania**, § 28; и *Polanco Torres and Movilla Polanco v. Spain**, § 40) и чест (*A. v. Norway*, § 64);
6. родов идентитет (*B. v. France*, §§ 43-63), вклучувајќи го правото на правно признавање на постоперативните транссексуалци (*Christine Goodwin v. the United Kingdom* [GC], § 77);
7. сексуална ориентација (*Dudgeon v. the United Kingdom*, § 41);
8. сексуален живот (ibid.; *Laskey, Jaggard and Brown v. the United Kingdom*, § 36; и *A.D.T. v. the United Kingdom*, §§ 21-26);
9. право на воспоставување и на развој на врски со други човечки суштества и со надворешниот свет (*Niemietz v. Germany*, § 29);
10. социјални врски меѓу населени мигранти и заедницата во која живеат, независно од тоа дали постои „семеен живот“ или не (*Üner v. the Netherlands* [GC], § 59);
11. емотивни врски меѓу две лица од ист пол (*Mata Estevez v. Spain* (dec.));
12. право на личен развој и на лична автономија (случајот *Pretty v. the United Kingdom*, §§ 61 и 67, кој се однесувал на на изборот на една жена да го избегне тоа што сметала дека ќе има недостоинствени и непријатни последици по нејзиниот живот), иако тоа не ја покрива секоја јавна активност во која лицето би сакало да се вклучи заедно со други луѓе (на пример, лов на диви животни со ловечки кучиња во случајот *Friend and Others v. the United Kingdom* (dec.), §§ 40-43);
13. право на поединецот да реши кога и како би требало да заврши неговиот живот, ако се земе предвид дека е во можност да ја креира својата слободна волја во тој поглед и соодветно да постапува (*Haas v. Switzerland**, § 51);

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

14. право да се почитува изборот дали да се биде родител или не, во биолошка смисла (*Evans v. the United Kingdom* [GC], § 71), вклучувајќи го и правото да се изберат околностите во кои лицето ќе стане родител (случајот *Ternovszky v. Hungary*, § 22, кој се однесува на раѓањето деца во домашни услови). Сепак, Судот го остави отворено прашањето за тоа дали правото на посвојување треба или не треба да потпадне под опфатноста на членот 8 само по себе, додека, пак, признава дека правото на одделни лица да се пријават за дозвола за посвојување во согласност со националното законодавство, потпаѓа „во областа на заштита“ на членот 8 (*E.B. v. France* [GC], §§ 46 и 49; исто така, види, во однос на постапката за обезбедување пристап до правото на посвојување, *Schwizgebel v. Switzerland**, § 73). Конвенцијата не го гарантира правото на лице што посвоило дете да ја заврши постапката на посвојување (*Goția v. Romania** (dec.));
15. дејства од професионална или од деловна природа (*Niemietz v. Germany*, § 29; *Halford v. the United Kingdom*, § 44; и *Özpınar v. Turkey**, § 46) и ограничување на пристапот до одредени професии или вработување (*Sidabras and Džiautas v. Lithuania*, §§ 47-50; *Bigaeva v. Greece**, §§ 22-25);
16. досиеја или податоци од лична или од јавна природа (на пример, информации за политичките активности на некое лице) собрани и чувани од страна на службите за обезбедување или од други државни органи (*Rotaru v. Romania* [GC], §§ 43-44; *Amann v. Switzerland* [GC], §§ 65-67; и *Leander v. Sweden*, § 48; во врска со ДНА профилите, примероци од клетки и отпечатоци од прсти, види *S. and Marper v. the United Kingdom* [GC], §§ 68-86; во врска со записите во базата на податоци со сексуални престапници, види *Gardel v. France**, § 58);
17. информации во врска со здравјето на лицето (на пример, информација за инфицираност со ХИВ: види *Z. v. Finland*, § 71, и *C.C. v. Spain**, § 33; или можностите за репродукција: види *K.H. and Others v. Slovakia*, § 44), и информации во врска со ризиците по здравјето на лицето (*McGinley and Egan v. the United Kingdom*, § 97, и *Guerra and Others v. Italy*, § 60);
18. етнички идентитет (*S. and Marper v. the United Kingdom* [GC], § 66, и *Ciubotaru v. Moldova*, § 53) и право на членовите на националното малцинство да го задржат својот идентитет и да водат приватен и семеен живот во согласност со традицијата (*Chapman v. the United Kingdom* [GC], § 73);
19. информации за личните верски и филозофски убедувања (*Folgerø and Others v. Norway* [GC], § 98);
20. определени права на лицата со хендикеп: членот 8 се смета дека е применлив за барањето од некое лице да го плати данокот за исклучување од воената служба, иако бил прогласен за неспособен за вршење на службата (*Glor v. Switzerland**, § 54), но не и за правото на некое лице со хендикеп да пристапи до плажа или море за време на одморите (*Botta v. Italy*, § 35).

292. Можните форми за нарушување на правото за почитување на приватниот живот го вклучуваат следново:

21. претреси и запленувања (*McLeod v. the United Kingdom*, § 36, и *Funke v. France*, § 48);
22. застанување и претрес на лице на јавно место (*Gillan and Quinton v. the United Kingdom*, §§ 61-65);
23. следење на комуникациите и телефонските разговори (*Halford v. the United Kingdom*, § 44, и *Weber and Saravia v. Germany* (dec.), §§ 76-79), иако не е нужна потребата од користење тајни агенти (*Lüdi v. Switzerland*, § 40);
24. видеонадзор на јавни места каде што се снимаат визуелни податоци, се чуваат и се прикажуваат во јавноста (*Peck v. the United Kingdom*, §§ 57-63);
25. ГПС надзор на лице, обработување и користење на податоците што се прибавени на овој начин (*Uzun v. Germany**, § 52);
26. видеонадзор на вработен од страна на работодавец (случајот *Köpke v. Germany* (dec.), кој се однесува на касиер во супермаркет осомничен за кражба);
27. сериозно загадување на животната средина, кое потенцијално влијае врз благосостојбата на лицата и ги спречува да уживаат во своите домови и на тој начин неповолно влијае врз нивниот приватен и семеен живот (*López Ostra v. Spain*, § 51, и *Tătar v. Romania**, § 97), вклучувајќи и неподнослив лош мирис од депонија блиску до затвор, кој допира до ќелијата на затвореникот, која се смета за единствен „простор за живеење“ што му е на располагање неколку години (*Brânduşe v. Romania**, §§ 64-67), и загадување со бучава (случајот *Deés v. Hungary*, §§ 21-24, кој се однесува на бучава што е предизвикана од патниот сообраќај, и случајот *Mileva and Others v. Bulgaria*, § 97, кој се однесува на вознемирување предизвикано од компјутерски клуб во станбен блок);
28. прашања што се однесуваат на погреб на членови на семејството, каде што членот 8, исто така, се применува, понекогаш без појаснување од страна на Судот за тоа дали нарушувањето е поврзано со концептот за приватен или за семеен живот: прекумерно доцнење од страна на институциите да го вратат телото на детето по извршена аутопсија (*Pannullo and Forte v. France*, § 36); одбивање да се пренесе урната што ги содржи посмртните останки од сопругот на жалителката (*Elli Poluhas Dödsbo v. Sweden*, § 24); давање право на мајка да присуствува на погребот на своето мртвородено дете, по можност проследено со погребна церемонија и во соодветно возило да го пренесе телото на детето (*Hadri-Vionnet v. Switzerland**, § 52);
29. забрана за абортирање кога таа се бара од здравствени причини и/или заради благосостојба, иако членот 8 не може да се толкува како член што го доделува правото на абортирање (*A, B and C v. Ireland* [GC], §§ 214 и 216);
30. арбитрерно одбивање на прием во државјанство во определени околности, иако правото да се стекне определена националност како такво не е загарантирано во Конвенцијата (*Karassev and family v. Finland* (dec.)).

293. Додека членот 8 на лицата им обезбедува сфера во која слободно ќе се стремат кон развој и исполнување на својата личност (*Brüggemann and Scheuten v. Germany*, § 55), тој не е ограничен на мерки што се одразуваат врз домовите или приватните простории на лицата: постои зона на интеракција меѓу едно лице и други лица, дури и

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

во јавен контекст, која може да потпадне под опфатноста на приватниот живот (*P.G. and J.H. v. the United Kingdom*, §§ 56-57).

294. Не секое дејство што влијае негативно врз физичкиот или моралниот интегритет ќе се вмеша во правото за почитување на приватниот живот. Сепак, постапките што не го достигнуваат прагот на сериозност од членот 3 може да предизвикаат повреда на членот 8 во неговиот аспект за приватниот живот, таму каде што има доволно негативни ефекти врз физичкиот и моралниот интегритет (*Costello-Roberts v. the United Kingdom*, § 36). Може да постојат околности во кои членот 8 би можел да овозможи заштита во врска со условите за време на притворот, кои не го достигнуваат нивото на сериозност што се бара во членот 3 (*Raninen v. Finland*, § 63).

(в) Сферата на „семеен живот“

295. Поимот за семеен живот е автономен концепт (*Marckx v. Belgium*, пресуда на Судот, § 31, и *Marckx v. Belgium**, извештај на Комисијата, § 69). Според тоа, дали постои „семеен живот“ или не, во суштина, претставува прашање на фактичката состојба, кое зависи од реалното постоење во практиката на блиски лични врски (*K. v. the United Kingdom* (dec.)). Затоа, Судот ќе ги разгледува *de facto* семејните врски, како што се жалители што живеат заедно без да постои какво и да било правно признавање на семејниот живот (*Johnston and Others v. Ireland*, § 56). Другите фактори ќе ја вклучат должината на врската и, во случај на двојки, дали ја покажале посветеноста еден на друг преку имање заеднички деца (*X, Y and Z v. the United Kingdom* [GC], § 36). Повторно, додека не постои исцрпна дефиниција за опфатноста на семејниот живот, според судската практика на Судот, таа го опфаќа следново:

Право да се стане родител

296. Исто како поимот „приватен живот“, поимот „семеен живот“ го содржи правото да се почитува одлуката да се стане биолошки родител (*Dickson v. the United Kingdom* [GC], § 66). Соодветно на тоа, правото на една двојка да користи медицински потпомогнато зачнување влегува во полето на примена на членот 8, како израз на приватниот и на семејниот живот (*S.H. and Others v. Austria*, § 60). Сепак, одредбите од членот 8 сами по себе не го гарантираат ниту правото на формирање семејство, ниту правото на посвојување (*E.B. v. France* [GC]).

Во однос на деца

297. За природната врска меѓу мајка и дете види го случајот *Marckx v. Belgium*, § 31, и *Kearns v. France*, § 72.

298. Дете родено во брачна заедница е *ipso jure* дел од таквиот однос. Па, така, од моментот на раѓање на детето и со самиот тој факт, постои врска меѓу детето и родителите, која резултира со семеен живот, кој не може да биде прекинат со

подоцнежни настани, освен во исклучителни околности (*Ahmut v. the Netherlands*, § 60; *Gül v. Switzerland*, § 32; *Berrehab v. the Netherlands*, § 21; и *Hokkanen v. Finland*, § 54).

299. За биолошкиот татко и за неговото дете што е родено вонбрачно, релевантните фактори може да го вклучуваат заедничкото живеење, природата на односот меѓу родителите и неговиот интерес за детето (*Keegan v. Ireland*, §§ 42-45; *M.B. v. the United Kingdom* (dec.); *Nylund v. Finland* (dec.); *L. v. the Netherlands*, §§ 37-40; и *Shavdarov v. Bulgaria**, § 40).

300. Како и да е, општо земено, заедничкото живеење не претставува услов *sine qua non* за постоење семеен живот меѓу родителите и децата (*Berrehab v. the Netherlands*, § 21).

301. Во врска со посвоените деца и нивните посвоители, види го случајот *X v. France* (dec.); *X v. Belgium and the Netherlands* (dec.); и *Pini and Others v. Romania*, §§ 139-40 и 143-48. Законското и вистинското посвојување може да создаде „семеен живот", дури и кога не постои заедничко живеење или каква било реална врска меѓу посвоеното дете и посвоителите (ibid., §§ 143-48).

302. Судот може да го признае постоењето на *de facto* „семеен живот" меѓу родители кај кои детето привремено е згрижено и детето, земајќи го предвид времето што го поминале заедно, квалитетот на односот и улогата што ја одиграл возрасниот *vis-à-vis* детето (*Moretti and Benedetti v. Italy**, §§ 48-52).

303. За врските меѓу детето и блиските роднини, како на пример врските на бабите и на дедовците со внуците (затоа што таквите роднини може да одиграат значајна улога во семејниот живот), види го случајот *Price v. the United Kingdom* (dec.), и *Bronda v. Italy*, § 51.

304. Семејниот живот не завршува кога детето е згрижено (*Johansen v. Norway*, § 52) или кога родителите ќе се разведат (*Mustafa and Armağan Akın v. Turkey*, § 19).

305. Во предметите поврзани со имиграција, нема да постои семеен живот меѓу родителите и возрасните деца, освен во случај кога можат да покажат дополнителни елементи на зависност, која се разликува од емотивните врски (*Kwakye-Nti and Dufie v. the Netherlands** (dec.) и *Slivenko v. Latvia* [GC], § 97). Сепак, таквите врски може да бидат земени предвид како дел од „приватниот живот" (ibid.). Судот прифатил во некои случаи што се однесуваат на младинци што сè уште не формирале свое семејство дека нивниот однос со родителите и со другите блиски роднини, исто така, сочинува „семеен живот" (*Maslov v. Austria* [GC], § 62).

Во однос на двојки

306. Поимот „семејство" во членот 8 не се однесува само на врски што се засновани на брак и може да опфатат други *de facto* „семејни врски" каде што странките живеат заедно во вонбрачна заедница (*Johnston and Others v. Ireland*, § 56).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

307. Дури и во отсуство на заедничко живеење, сè уште може да постојат врски доволни за семеен живот (*Kroon and Others v. the Netherlands*, § 30).

308. Брачните заедници што не се во согласност со националното право не претставуваат пречка за семеен живот (*Abdulaziz, Cabales and Balkandali v. the United Kingdom*, § 63). Двојка што стапила само во религиски брак, кој не е признаен со домашното право, може да потпадне под опфатноста на „семејниот живот“ во смисла на членот 8. Сепак, членот 8 не може да се толкува како член што ѝ наметнува обврска на државата да го признае религискиот брак, на пример во однос на правото на наследство и на пензиите за преживеаните членови од семејството (*Şerife Yiğit v. Turkey* [GC], §§ 97-98 и 102).

309. Свршувачката не создава сама по себе семеен живот (*Wakefield v. the United Kingdom* (dec.)).

310. Двојките од ист пол, кои живеат во стабилна врска, влегуваат во поимот „семеен живот“, на ист начин како врските на двојките од различен пол (*Schalk and Kopf v. Austria*, §§ 92-94, и *P.B. and J.S. v. Austria*, § 30).

Во однос на други врски

311. Семејниот живот, исто така, може да постои меѓу браќа и сестри (*Moustaquim v. Belgium*, § 36, и *Mustafa and Armağan Akın v. Turkey*, § 19) и тетки / чичковци и внуки / внуци (*Boyle v. the United Kingdom*, §§ 41-47). Сепак, според традиционалниот пристап блиските врски кај кои едвај би можело да стане збор за „семеен живот“, начелно, спаѓаат во опфатноста на „приватен живот“ (*Znamenskaya v. Russia*, § 27 и наведените референци).

Материјални интереси

312. „Семејниот живот“ не вклучува само социјални, морални или културни врски. Тој, исто така, содржи интереси од материјална природа, како што е, меѓу другото, обврската за издршка и местото што го има резервираниот дел од наследството (на француски “*réserve héréditaire*”) во домашните правни системи на мнозинството држави што се договорнички. Па, така, Судот прифатил дека правото на наследство меѓу децата и родителите и меѓу внуците и бабите и дедовците е толку тесно поврзано со семејниот живот, така што тоа влегува во полето на примена на членот 8 (*Marckx v. Belgium*, § 52, и *Pla and Puncernau v. Andorra*, § 26). Членот 8, сепак, не бара право на детето да биде признаено како наследник на починато лице заради целите на наследувањето (*Haas v. the Netherlands*, § 43).

313. Судот сметал дека преку доделувањето на семејниот надомест државите можат да „покажат дека го почитуваат семејниот живот“ во смисла на членот 8 на

Конвенцијата. Затоа надоместот потпаѓа под опфатноста на таа одредба (*Fawsie v. Greece**, § 28).

314. Концептот за „семеен живот“ не се применува во врска со барања за надомест на штета од трето лице, по смртта на свршеникот на жалителот (*Hofmann v. Germany* (dec.)).

4. Концептите за „дом“ и за „преписка“

Член 8 – Право на почитување на приватниот и семејниот живот

„1. Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.

2. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество“.

(а) Опфатност на членот 8

315. Додека членот 8 има цел да заштити четири области на личната слобода – приватниот живот, семејниот живот, домот и преписката – овие области не се исклучуваат меѓусебно и мерката може истовремено да засега во правото на почитување и на приватниот и на семејниот живот и на домот или на преписката (*Menteş and Others v. Turkey*, § 73; *Klass and Others v. Germany*, § 41; *López Ostra v. Spain*, § 51; и *Margareta and Roger Andersson v. Sweden*, § 72).

(б) Опфатност на концептот за „дом“

316. Домот е автономен концепт, па така, дали некое определено живеалиште претставува „дом“ заштитен со членот 8 § 1 или не, ќе зависи од фактичките околности, а, пред сè, од постоењето доволни и континуирани врски со определено место (*Prokopovich v. Russia*, § 36; *Gillow v. the United Kingdom*, § 46; и *McKay-Kopecka v. Poland* (dec.)). Покрај тоа, поимот „дом“ во англиската верзија на членот 8 не треба да се толкува ограничено, ако се земе предвид дека францускиот еквивалент “*domicile*” има поширока конотација (*Niemietz v. Germany*, § 30). Концептот:

1. покрива користење куќа што му припаѓа на друго лице како место за живеење, доколку тоа е за определени периоди на годишна основа (*Menteş and Others v. Turkey*, § 73). Жалителот не мора да биде сопственик на „домот“ за целите на членот 8;
2. не е ограничен на живеалишта што се законски изградени (*Buckley v. the United Kingdom*, § 54, и *Prokopovich v. Russia*, § 36);

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

3. затоа може да биде применлив и на социјални станови закупени од страна на жалителот, иако, според домашното законодавство, престанало правото на закупување (*McCann v. the United Kingdom*, § 46);
4. не е ограничен на традиционалните живеалишта, па така, на пример, ќе вклучи карвани и други подвижни живеалишта (*Buckley v. the United Kingdom*, мислење на Комисијата, § 64, и *Chapman v. the United Kingdom* [GC], §§ 71-74);
5. исто така, може да покрие втор дом или дом за одмор (*Demades v. Turkey*, §§ 32-34);
6. може да се применува за деловни простории во случај кога не постои јасна дистинкција меѓу канцеларијата и приватното живеалиште, или меѓу приватните и деловните активности на поединецот (*Niemietz v. Germany*, §§ 29-31);
7. исто така, може да се примени за регистрираното седиште не некоја компанија, подружниците или другите деловни простории (*Société Colas Est and Others v. France*, § 41);
8. не се применува во случај кога постои само намера да се изгради живеалиште на некоја парцела или на фактот дека некое лице потекнува од определена област (*Loizidou v. Turkey* (основаност), § 66);
9. не се применува за пералница, која заеднички им припаѓа на сосопствениците на зградата и која е наменета за повремена употреба (*Chelu v. Romania**, § 45), на гардеробите на изведувачите (*Hartung v. France** (dec.)) или на земјиштето на кое сопствениците спортуваат или дозволуваат спортски активности (на пример лов: види *Friend and Others v. the United Kingdom* (dec.), § 45).

Сепак, кога се бара признавање на „домот“ во однос на имотот, кој никогаш, или речиси никогаш, не бил во владение на жалителот или кога не бил во владение определено време, можно е врските со тој имот да се толку слаби што престануваат да поставуваат какво и да е, или какво и да е одделно, прашање според членот 8 (види, на пример, *Andreou Papi v. Turkey*, § 54). Можноста за наследување на таков имот не создава доволно конкретна врска за тој да се смета како „дом“ (*Demopoulos and Others v. Turkey* (dec.) [GC], §§ 136-37).

(в) Примери за нарушување

317. Можните нарушувања на правото на почитување на нечиј дом вклучуваат:

1. намерно уништување на домот (*Selçuk and Asker v. Turkey*, § 86);
2. одбивање да се дозволи на раселените лица да се вратат во своите домови (*Cyprus v. Turkey* [GC], §§ 165-77);
3. претреси (*Murray v. the United Kingdom*, § 88; *Chappell v. the United Kingdom*, §§ 50-51; и *Funke v. France*, § 48) и други форми на влегувања во домот од страна на полицијата (*Evcen v. the Netherlands* (dec.), и *Kanthak v. Germany* (dec.));
4. одлуки во врска со просторното планирање (*Buckley v. the United Kingdom*, § 60) и наредби за задолжително купување имот (*Howard v. the United Kingdom* (dec.));

5. еколошки проблеми (*López Ostra v. Spain*, § 51; *Powell and Rayner v. the United Kingdom*, § 40; и *Deés v. Hungary*, §§ 21-24);
6. следење на телефонските разговори (*Klass and Others v. Germany*, § 41);
7. неможност да се заштитат личните добра што се составен дел на домот (*Novoseletskiy v. Ukraine*).

318. Некои мерки што допираат во уживањето во домот, сепак, би требало да бидат испитани во согласност со членот 1 од Протоколот број 1. Тие би можеле да вклучат:

1. стандардни случаи на експропријација (*Mehmet Salih and Abdülsamet Çakmak v. Turkey**, § 22; *Mutlu v. Turkey*, § 23);
8. одделни аспекти на закупот, како што е нивото на закуп (*Langborger v. Sweden*, § 39).

319. На истиот начин, некои мерки што резултираат со повреда на членот 8 нема неопходно да доведат до констатација за повреда на членот 1 од Протоколот број 1 (*Surugiu v. Romania**).

320. Во однос на позитивните обврски, почитувањето на домот, исто така, може да го опфати усвојувањето на мерките што треба да го обезбедат тоа право од страна на државните органи, дури и во сферата на односите меѓу поединците, како што е спречувањето на нивното влегување и нарушување на домот на жалителот (ibid., § 59 и наведените референци, и *Novoseletskiy v. Ukraine*, § 68).

(г) Опфатност на концептот за „преписка“

321. Правото на почитување нечија преписка има за цел да ја заштити доверливоста на приватната комуникација (*B.C. v. Switzerland* (dec.)) и како такво се толкува покривајќи ги следниве области:

9. писма меѓу физички лица, дури и кога испраќачот или примачот е затвореник (*Silver and Others v. the United Kingdom*, § 84, и *Mehmet Nuri Özen and Others v. Turkey**, § 41), вклучувајќи и пакети одземени од страна на царинските службеници (*X v. the United Kingdom* (dec.));
10. телефонски разговори (*Klass and Others v. Germany*, §§ 21 и 41; *Malone v. the United Kingdom*, § 64; и *Margareta and Roger Andersson v. Sweden*, § 72), вклучувајќи и информации поврзани со нив, како што е датумот, времетраењето и броевите што биле избирани (*P.G. and J.H. v. the United Kingdom*, § 42);
1. пораки на пејџер (*Taylor-Sabori v. the United Kingdom*);
2. постари форми на електронска комуникација, како што е телекс (*Christie v. the United Kingdom* (dec.));
3. електронски пораки (е-маил) и информации изведени од следењето на личната употреба на интернетот (*Copland v. the United Kingdom*, §§ 41-42);
4. приватно радио (*X and Y v. Belgium* (dec.)), но не кога тоа е на јавна бранова должина и на тој начин е пристапно до други лица (*B.C. v. Switzerland* (dec.));

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

5. преписка што се следи во текот на деловните активности или од деловните простории (*Kopp v. Switzerland*, § 50, и *Halford v. the United Kingdom*, §§ 44-46);
6. електронски податоци собрани за време на претрес во адвокатска канцеларија (*Wieser and Bicos Beteiligungen GmbH v. Austria*, § 45).

322. Содржината на преписката не е суштинска за прашањето во врска со нарушувањето (*A. v. France*, §§ 35-37, и *Frérot v. France*, § 54).

323. Не постои принцип *de minimis* за да настане нарушувањето: доволно е да се отвори едно писмо (*Narinen v. Finland*, § 32).

324. Засега, Судот бил подготвен да ги утврди следниве позитивни обврски, особено во врска со преписката:

– обврската да се спречи откривање на приватните разговори во јавноста (*Craxi v. Italy (no. 2)*, §§ 68-76);
7. обврската да им помогне на затворениците во писмената кореспонденција преку обезбедување на потребните материјали (*Cotleț v. Romania**, §§ 60-65).

5. Концептот за „имот“

Член 1 од Протоколот бр. 1 – Заштита на сопственоста

„Секое физичко или правно лице има право на мирно уживање на својот имот...“

(а) Заштитен имот

325. Жалителот може да изнесе наводи за повреда на членот 1 од Протоколот број 1, само ако оспорената одлука е во врска со неговиот „имот“ во смисла на оваа одредба. „Имот“ може да биде или „постоен имот“ или имотни вредности, вклучувајќи ги и побарувањата во однос на кои жалителот може да тврди дека има барем „легитимно очекување“ да се стекне со ефективно уживање на некое имотно право (*J.A. Pye (Oxford) Ltd and J.A. Pye (Oxford) Land Ltd v. the United Kingdom* [GC], § 61; *Maltzan and Others v. Germany* (dec.) [GC], § 74 (c); и *Kopecký v. Slovakia* [GC], § 35 (c)).

„Очекувањето“ е „легитимно“ ако е засновано или врз законска одредба или врз правен акт што го содржи засегнатиот имотен интерес (*Saghinadze and Others v. Georgia*, § 103).

(б) Автономно значење

326. Концептот за „имот“ во првиот дел на членот 1 од Протоколот број 1 има автономно значење, кое не е ограничено на сопственоста на материјални добра и е независно од формалната класификација во домашното право: определени други права

и интереси, кои претставуваат имотни вредности, исто така, може да се сметаат за „имотни права“, а, според тоа, и како „имот“ за целите на оваа одредба. Прашањето што треба да биде испитано во секој случај е во врска со тоа дали околностите на случајот, земени во целина, му дозволуваат на жалителот да биде носител на суштински интерес заштитен со членот 1 од Протоколот број 1 (*Depalle v. France* [GC], § 62; *Anheuser-Busch Inc. v. Portugal* [GC], § 63; *Öneryıldız v. Turkey* [GC], § 124; *Broniowski v. Poland* [GC], § 129; *Beyeler v. Italy* [GC], § 100; и *Iatridis v. Greece* [GC], § 54).

Во случај на нематеријални добра, Судот особено зема предвид дали засегнатата правна положба поттикнува финансиски права и интереси и на тој начин има економска вредност (*Paeffgen GmbH v. Germany* (dec.)).

(в) Постоен имот

327. Членот 1 од Протоколот број 1 се применува само за постојниот имот на поединецот (*Marckx v. Belgium*, § 50, и *Anheuser-Busch Inc. v. Portugal* [GC], § 64). Тој не го гарантира правото да се стекне имот (*Slivenko and Others v. Latvia* (dec.) [GC], § 121, и *Kopecký v. Slovakia* [GC], § 35 (b)).

328. Лицето што се жали на повреда на неговото имотно право прво мора да покаже дека тоа право постоело (*Pištorová v. the Czech Republic*, § 38; *Des Fours Walderode v. the Czech Republic* (dec.); и *Zhigalev v. Russia*, § 131).

329. Кога постои спор во однос на тоа дали жалителот има имотен интерес што треба да се заштити во согласност со членот 1 од Протоколот број 1, од Судот се бара да ја определи правната положба на жалителот (*J.A. Pye (Oxford) Ltd and J.A. Pye (Oxford) Land Ltd v. the United Kingdom* [GC], § 61).

(г) Побарувања и долгови

330. Кога имотниот интерес во својата природа е побарување, тој може да се смета за „имотна вредност“ само ако има доволна основа во националното законодавство, на пример кога постои постојана судска практика на домашните судови, кои го потврдуваат тоа (*Plechanow v. Poland*, § 83; *Vilho Eskelinen and Others v. Finland* [GC], § 94; *Anheuser-Busch Inc. v. Portugal* [GC], § 65; *Kopecký v. Slovakia* [GC], § 52; и *Draon v. France* [GC], § 68).

331. Долг што е доволно утврден во судска пресуда, која е извршна, претставува „имот“ (*Stran Greek Refineries and Stratis Andreadis v. Greece*, § 59, и *Burdov v. Russia*, § 40).

332. Судската практика не претпоставува постоење на „вистински спор“ или на „спорно барање“ како критериум за определување на тоа дали постои „легитимно очекување“ заштитено со членот 1 од Протоколот број 1 (*Kopecký v. Slovakia* [GC], § 52, и *Vilho Eskelinen and Others v. Finland* [GC], § 94).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

333. Не може да се рече дека постои легитимно очекување кога постои спор во врска со правилното толкување и примена на домашното законодавство и кога поднесоците на жалителот се одбиени едноподруго од страна на националните судови (*Anheuser-Busch Inc. v. Portugal* [GC], § 65, и *Kopecký v. Slovakia* [GC], § 50).

(д) Реституција на имот

334. Членот 1 од Протоколот број 1 не може да се толкува на начин што наметнува каква било општа обврска за државите што се договорнички за враќање на имотот што им бил пренесен пред да ја ратификуваат Конвенцијата. Членот 1 од Протоколот број 1 не наметнува ниту никакви ограничувања на слободата на државите што се договорнички за определување на опфатноста на имотот што треба да биде вратен и за дефинирање на условите под кои се согласуваат да им ги вратат имотните права на поранешните сопственици.

335. Поточно, државите што се договорнички уживаат широка слобода на сопствена процена во однос на исклучувањето на определени категории поранешни сопственици од тие што го имаат таквото право. Кога категориите сопствениците се исклучени на овој начин, нивните барања за реституција не можат да претставуваат основа за „легитимно очекување“, кое бара заштита на членот 1 од Протоколот број 1.

336. Од друга страна, штом државата што е договорничка, која ја ратификувала Конвенцијата заедно со Протоколот број 1, ќе донесе закон што обезбедува целосна или делумна реституција на имотот запленет во претходниот режим, може да се смета дека таквиот закон создава нови имотни права заштитени со членот 1 од Протоколот број 1 за лица што ги задоволуваат критериумите за стекнување на ова право. Истото може да се примени и во однос на мерките за реституција или за компензација, кои биле утврдени во законодавството што важело пред ратификацијата, доколку таквото законодавство останало во сила по ратификацијата на Протоколот број 1 од страна на државата што е договорничка (*Maltzan and Others v. Germany* (dec.) [GC], § 74 (d), и *Kopecký v. Slovakia* [GC], § 35 (d)).

337. Надежта за признавање на имотно право што било невозможно ефективно да се оствари, не е доволна. Ниту условното побарување, кое застарело како резултат на неисполнување на условот, не може да се смета за „имот“ во смисла на членот 1 од Протоколот број 1. (*Malhous v. the Czech Republic* (dec.) [GC], и *Kopecký v. Slovakia* [GC], § 35 (c)).

338. Верувањето дека законот што претходно влегол во сила би можел да се измени во прилог на жалителот, не може да се смета како форма на легитимно очекување за целите на членот 1 од Протоколот број 1. Постои разлика меѓу чистата надеж за реституција, колку и да е разбирлива таквата надеж, и легитимно очекување, кое мора

да биде од природа што е поконкретна од чистата надеж и да биде засновано на правна одредба или на правен акт, како на пример судска одлука (*Gratzinger and Gratzingerova v. the Czech Republic* (dec.) [GC], § 73, и *Maltzan and Others v. Germany* (dec.) [GC], § 112).

(ѓ) Иден приход

339. Идниот приход претставува „имот“ само ако бил заработен или ако постои извршно побарување во однос на него (*Ian Edgar (Liverpool) Ltd v. the United Kingdom* (dec.); *Wendenburg v. Germany* (dec.); *Levänen and Others v. Finland* (dec.); и *Anheuser-Busch Inc. v. Portugal* [GC], § 64).

(е) Деловна клиентела

340. Применливоста на членот 1 од Протоколот број 1 се проширува на деловното работење и на клиентелата бидејќи тие се субјекти со определена вредност, кои во многу аспекти имаат природа на приватно право и на тој начин претставуваат имотни добра, а оттука и имот во смисла на првата реченица на членот 1 (*Lederer v. Germany* (dec.); *Buzescu v. Romania*, § 81; *Wendenburg and Others v. Germany* (dec.); *Olbertz v. Germany* (dec.); *Döring v. Germany* (dec.); и *Van Marle and Others v. the Netherlands*, § 41).

(ж) Дозвола за деловно работење

341. Дозволата за деловно работење претставува имот. Нејзиното одземање претставува нарушување на правото загарантирано со членот 1 од Протоколот број 1 (*Megadat.com SRL v. Moldova*, §§ 62-63; *Bimer S.A. v. Moldova*, § 49; *Rosenzweig and Bonded Warehouses Ltd v. Poland*, § 49; *Capital Bank AD v. Bulgaria*, § 130; и *Tre Traktörer Aktiebolag v. Sweden*, § 53).

(з) Инфлација

342. Членот 1 од Протоколот број 1 не им наметнува никаква општа обврска на државите за одржување на куповната моќ на износите што се депонирани во финансиските институции преку систематска индексација на заштедите (*Rudzińska v. Poland* (dec.); *Gayduk and Others v. Ukraine* (dec.); и *Ryabykh v. Russia*, § 63).

Тој, исто така, не ги принудува ниту државите да ја одржуваат вредноста на побарувањата ниту да применат затезна камата за приватните побарувања, која е компатибилна на инфлацијата (*Todorov v. Bulgaria* (dec.)).

(s) Интелектуална сопственост

343. Членот 1 од Протоколот број 1 се применува за интелектуалната сопственост како таква (*Anheuser-Busch Inc. v. Portugal* [GC], § 72).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

344. Тој се применува во врска со барањата за регистрација на трговска марка (ibid., § 78).

(и) Акции во трговското друштво

345. Акциите во трговското друштво со економска вредност може да се сметаат за имот (*Olczak v. Poland* (dec.), § 60, и *Sovtransavto Holding v. Ukraine*, § 91).

(ј) Придонеси за социјално осигурување

346. Не постои основа за правење разлика меѓу придонесите со или без партиципација за целите на примена на членот 1 од Протоколот број 1.

347. Иако членот 1 од Протоколот број 1 не го вклучува правото за примање придонеси за социјално осигурување од каков било вид, доколку државата договорничка има законодавство во сила, кое предвидува право на исплата на социјална помош – било тоа да е условено со претходно плаќање придонеси или, пак, не – таквото законодавство мора да се смета како законодавство што генерира имотни интереси, кои влегуваат во полето на примена на членот 1 од Протоколот број 1 за лицата што ги задоволуваат неговите услови (*Stec and Others v. the United Kingdom* (dec.) [GC], §§ 53-55; *Andrejeva v. Latvia* [GC], § 77; и *Moskal v. Poland*, § 38).

III. НЕДОПУШТЕНОСТ ВРЗ БАЗА НА ОСНОВАНОСТА

A. Очигледна неоснованост

Член 35 § 3 (а) – Критериуми за прифатливост

„3. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба доставена врз основа на членот 34, ако оцени дека:

(а) жалбата е неспоива со одредбите на Конвенцијата или со нејзините протоколи, ако е очигледно неоснована или ако со неа се злоупотребува правото на индивидуална жалба; …“

1. Општ вовед

348. Дури и кога жалбата е споива со Конвенцијата и кога се исполнети сите формални услови за допуштеност, Судот може, во секој случај, да ја прогласи за недопуштена од причини што се однесуваат на испитувањето на основаноста. Убедливо најчеста причина за ова е очигледната неоснованост на жалбата. Вистина е дека употребата на поимот „очигледна“ во членот 35 § 3 (а) би можела да доведе до забуна: ако се разгледува буквално, би можело да се разбере дека тоа значи дека жалбата ќе биде прогласена за недопуштена по оваа основа само доколку е веднаш очигледно за просечниот читател дека таа е нереална и дека има недостиг од заснованост. Сепак, од утврдената и богата судска практика на институциите на Конвенцијата јасно е (тоа е Судот и, пред 1 ноември 1998 година, Европската комисија за човекови права) дека изразот треба широко да се толкува, во смисла на крајниот резултат од случајот. Всушност, секоја жалба ќе се смета за „очигледно неоснована“ ако првичното испитување на нејзината суштина не открива никаква појава на повреда на правата што се загарантирани со Конвенцијата, што доведува до нејзино прогласување за недопуштена на почетокот, без да се пристапи кон формално испитување на основаноста (што вообичаено би резултирало со пресуда).

349. Фактот дека Судот, со цел да заклучи дека некоја жалба е очигледно неоснована, понекогаш треба да побара мислење од странките и да се впушти во долго и детално образложение на својата одлука, со ништо не придонесува за промена на „очигледната“ неоснована природа на жалбата (*Mentzen v. Latvia* (dec.)).

350. Мнозинството очигледно неосновани жалби се прогласуваат за недопуштени *de plano* од страна на судија поединец или на комитет од тројца судии (членови 27 и 28 на Конвенцијата). Сепак, некои жалби од овој вид се испитуваат од страна на совет или дури и – во исклучителни случаи – од страна на Големиот судски совет (*Gratzinger and Gratzingerova v. the Czech Republic* (dec.) [GC], и *Demopoulos and Others v. Turkey* (dec.) [GC]).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

351. Поимот „очигледно неоснована“ може да се применува на жалбата како целина или на определен жалбен навод во рамките на поширокиот контекст на случајот. Оттука, во некои случаи, еден дел од жалбата може да се отфрли затоа што за него треба да се одлучува во четврта инстанца, додека другиот дел се прогласува за допуштен и може дури и да доведе до утврдување на повреда на Конвенцијата. Затоа попрецизно е да се зборува за „очигледно неосновани жалбени наводи“.

352. Со цел да се разбере значењето и опфатноста на поимот „очигледно неоснована“, важно е да се запомни дека еден од основните принципи врз кои се заснова целиот систем на Конвенцијата е принципот на супсидијарност. Во специфичниот контекст на Европскиот суд за човекови права, ова значи дека задачата да се обезбеди почитување на спроведувањето и на остварувањето на правата што се предвидени во Конвенцијата првенствено е во рацете на органите на државите што се договорнички, отколку на Судот. Судот може да интервенира само таму каде што домашните органи не успеале да ги исполнат своите обврски (*Scordino v. Italy (no. 1)* [GC], § 140). Затоа најдобро е да се утврдат фактите на случајот и да се испитаат прашањата, колку што е можно на домашно ниво, така што домашните органи, кои поради своите директни и постојани контакти со виталните сили на своите држави се во најдобра позиција да го направат тоа, ќе можат да дејствуваат за да ги исправат сите евентуални повреди на Конвенцијата (*Varnava and Others v. Turkey* [GC], § 164).

353. Очигледно неоснованите жалбени наводи може да се поделат во четири категории: жалби од „четврта инстанца“, жалби во кои е јасно и очигледно дека не постои повреда, незасновани жалби и, на крајот, конфузни или нереални жалби.

2. „Четврта инстанца“

354. Една особена категорија на жалбени наводи поднесени до Судот се состои од тоа што најчесто се нарекува жалбен навод од „четврта инстанца“. Овој поим – кој не се појавува во текстот на Конвенцијата и кој е утврден преку судската практика на институциите на Конвенцијата (*Kemmache v. France (no. 3)*, § 44) – на некој начин е парадоксален бидејќи акцентот го става на тоа што не е Судот: тој не е апелациски суд или суд што може да укинува одлуки што се донесени од страна на судовите во државите што се договорни страни на Конвенцијата или повторно да суди за предметите за кои веќе пресудиле, ниту, пак, може повторно да испитува случаи на истиот начин како Врховен суд. Според тоа, жалбите од четврта инстанца произлегуваат од лошата претстава на жалителите за улогата на Судот и за природата на судската машинерија воспоставена од страна на Конвенцијата.

355. И покрај своите изразени особености, Конвенцијата останува меѓународен договор што ги почитува истите правила како другите меѓудржавни договори, особено тие што се утврдени во Виенската конвенција за договорно право (*Demir and Baykara v.*

Turkey [GC], § 65). Затоа, Судот не може да ги пречекорува границите на општите овластувања, кои му ги пренеле државите што се договорнички со нивната суверена волја. Овие ограничувања се утврдени во членот 19 на Конвенцијата, кој предвидува:

> **„Со цел да се обезбеди почитување на обврските што за Високите страни договорнички произлегуваат од оваа Конвенција и нејзините протоколи, се основа Европски суд за правата на човекот …“**

356. Соодветно на тоа, овластувањата на Судот се ограничени на проверка на усогласеноста на државите што се договорнички со обврските за почитување на човековите права што ги презеле со пристапувањето кон Конвенцијата (и нејзините протоколи). Понатаму, во отсуство на овластувања за директно влијание во правните системи на државите што се договорнички, Судот мора да ја почитува автономијата на нивните правни системи. Тоа значи дека не е негова задача да се соочува со погрешното утврдување на фактичката состојба, кое, наводно, е направено од страна на некој национален суд, освен во случај кога, и само ако ваквите грешки можеле да ги повредат правата и слободите што се заштитени со Конвенцијата. Тој не може самиот да ги оценува фактите што довеле до тоа националниот суд да усвои една одлука место друга. Во спротивно, Судот ќе дејствуваше како суд од трета или од четврта инстанца, што би значело непочитување на ограничувањата што му се наметнати во однос на неговото дејствување (*García Ruiz v. Spain* [GC], § 28, and *Perlala v. Greece**, § 25).

357. Во контекст на споменатото, Судот не може, како општо правило, да ги доведе во прашање констатациите и заклучоците на домашните судови во однос на:

1. утврдувањето на фактичката состојба на случајот;
2. толкувањето и примената на националното право;
3. допуштеноста и оцената на доказите во текот на судењето;
4. правичноста на резултатот на граѓанскиот спор од аспект на материјалното право;
5. вината или невиноста на обвинетиот во кривичната постапка.

358. Единствената околност во која Судот може, како исклучок од ова правило, да ги доведе во прашање констатациите и заклучоците за кои станува збор, е кога тие се очигледно или јасно арбитрарни, на начин што се судира со лицето на правдата и со здравиот разум и самиот претставува повреда на Конвенцијата (*Sisojeva and Others v. Latvia* (жалбата е симната од листата на предмети) [GC], § 89).

359. Жалбените наводи од четврта инстанца може да бидат поднесени во согласност со која и да било материјална одредба на Конвенцијата и независно од правната сфера на која ѝ припаѓаат постапките на домашно ниво. Доктрината на четвртата инстанца се применува, на пример, во следниве случаи:

6. граѓански предмети (*García Ruiz v. Spain* [GC], § 28, и *Pla and Puncernau v. Andorra*, § 26);

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

7. кривични предмети (*Perlala v. Greece**, § 25, и *Khan v. the United Kingdom*, § 34);
8. даночни предмети (*Dukmedjian v. France**, § 71);
9. предмети во врска со социјални прашања (*Marion v. France**, § 22);
10. управни предмети (*Agathos and Others v. Greece**, § 26);
11. предмети во врска со правото на гласање (*Ādamsons v. Latvia**, § 118);
12. предмети во врска со влезот, престојот и отселувањето на странци (*Sisojeva and Others v. Latvia* (жалбата е симната од листата на предмети) [GC]).

360. Сепак, најголемиот број жалбени наводи од четврта инстанца се поднесуваат во врска со членот 6 § 1 на Конвенцијата, кој се однесува на правото на „правично судење“ во граѓанските и во кривичните постапки. Треба да се има предвид – бидејќи ова е многу чест извор на недоразбирања кај жалителите – дека „правичноста“ што ја бара членот 6 § 1 не е „материјална“ (концепт, кој делумно е правен, а делумно етички и може да биде применет само од страна на судечкиот судија), туку е „процедурална“ правичност. Ова во практика може да се преведе како контрадикторна постапка во која за поднесоците било расправано од странките и биле ставени во еднаква позиција пред судот (*Star Cate Epilekta Gevmata and Others v. Greece** (dec.)).

361. Соодветно, жалбените наводи од четврта инстанца според членот 6 § 1 на Конвенцијата ќе бидат отфрлени од страна на Судот врз основа на тоа дека жалителот имал можност за контрадикторна постапка; дека бил во можност, во различни фази од таа постапка, да ги изнесува аргументите и доказите што сметал дека се релевантни за неговиот случај; дека бил во можност ефикасно да им се спротивстави на аргументите и на доказите што биле изведени од спротивната страна; дека сите негови аргументи кои, гледано објективно, биле релевантни за решавање на случајот биле соодветно разгледани и испитани од страна на судовите; дека фактичките и правните причини за спорната одлука се опширно образложени; и дека, соодветно, постапките земени во целина биле правични (*García Ruiz v. Spain* [GC], и *Khan v. the United Kingdom*).

3. Јасно или очигледно отсуство на повреда

362. Жалбениот навод на жалителот, исто така, ќе биде прогласен за очигледно неоснован доколку, и покрај исполнувањето на сите формални услови за допуштеност, каде што наводот е компатибилен со Конвенцијата и не претставува жалбен навод од четврта инстанца, не открива никаква повреда на правата загарантирани со Конвенцијата. Во таквите случаи, пристапот на Судот ќе се состои во испитување на основаноста на жалбениот навод заклучувајќи дека нема појава на повреда и прогласувајќи го жалбениот навод за недопуштен без да треба понатаму да постапува. Може да се направи разлика меѓу три вида жалбени наводи, кои бараат ваков пристап.

(а) Нема очигледна појава на арбитрарност или на неправичност

363. Во согласност со принципот на супсидијарност, домашните судови се тие што, на прво место, треба да обезбедат почитување на основните права што се предвидени во Конвенцијата. Затоа, како општо правило, утврдувањето на фактичката состојба во случајот и толкувањето на домашното право се прашања што им припаѓаат единствено на домашните судови и на другите институции, чиишто констатации и заклучоци во оваа смисла се обврзувачки за Судот. Сепак, принципот за ефективност на правата, втемелен во целиот систем на Конвенцијата, значи дека Судот може и треба да се увери дека процесот на одлучување кој резултирал со актот што е предмет на жалбата на жалителот, бил правичен и не бил арбитрарен (постапката за која станува збор може да биде управна или судска, или двете, во зависност од случајот).

364. Според тоа, Судот може да го прогласи за очигледно недопуштен жалбениот навод, кој бил испитан во суштина од страна на надлежните национални судови во текот на постапката, која, *a priori*, ги исполнува следниве услови (во отсуство на докази за спротивното):

13. постапката била спроведена пред органи што се надлежни за тоа, во согласност со одредбите од домашното право;
14. постапката била спроведена во согласност со процедуралните барања на домашното право;
15. заинтересираната страна имала можност да ги изнесе своите аргументи и докази, за кои соодветно било расправано од страна на надлежните органи;
16. надлежните органи ги испитале и ги зеле предвид сите фактички и правни елементи, кои, гледано објективно, биле релевантни за правичното разрешување на случајот;
17. постапката резултирала со одлука за која било дадено доволно образложение.

(б) Нема очигледна појава на недостиг од пропорционалност меѓу целите и средствата

365. Во случај кога правото на Конвенцијата врз кое е заснована жалбата не е апсолутно и е предмет на ограничувања, кои или се експлицитни (изрично предвидени во Конвенцијата) или имплицитни (дефинирани со судската практика на Судот), Судот често е повикан да оцени дали обжаленото нарушување било пропорционално.

366. Во рамките на групата одредби што експлицитно ги предвидуваат дозволените ограничувања, може да се препознае посебна подгрупа од четири членови: член 8 (право на почитување на приватниот и на семејниот живот), член 9 (слобода на мислата, совеста и на верата), член 10 (слобода на изразување) и член 11 (слобода на собирање и на здружување). Сите овие членови ја имаат истата структура: првиот став го предвидува основното право за кое станува збор, додека вториот став ги дефинира околностите во кои државата може да го ограничи остварувањето на тоа право.

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Буквалниот текст на вториот став не е целосно идентичен во сите членови, но структурата е иста. На пример, во врска со правото на почитување на приватниот и на семејниот живот, членот 8 § 2 предвидува:

> „Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите во едно демократско општество“.

Членот 2 од Протоколот бр. 4 (слобода на движење), исто така, спаѓа во оваа категорија бидејќи неговиот трет став го следи истиот модел.

367. Кога Судот е повикан да го испита нарушувањето од страна на јавните институции при остварувањето на едно од споменатите права, тој секогаш го анализира прашањето во три фази. Ако, навистина, постоело „нарушување“ од страна на државата (а ова е посебно прашање, кое мора прво да се разјасни бидејќи одговорот не е секогаш очигледен), Судот се обидува да даде одговор на следниве три прашања:

18. Дали нарушувањето е во согласност со „закон“ што бил доволно пристапен и предвидлив?
19. Ако е така, тогаш дали тоа се раководело барем од една од „легитимните цели“, кои се целосно набројани (листата на ваквите цели може благо да се менува во зависност од членот)?
20. Ако е тоа случај, тогаш дали нарушувањето е „неопходно во едно демократско општество“ за да се постигне таа цел? Со други зборови, дали постои однос на пропорционалност меѓу целта и ограничувањата во случајот?

368. Само ако одговорот на секое од овие три прашања е потврден, се смета дека нарушувањето е компатибилно со Конвенцијата. Ако ова не е случај, ќе биде констатирана повреда. При испитувањето на третото прашање, Судот мора да ја земе предвид слободата на сопствена процена на државата, чијашто опфатност значително ќе се менува во зависност од околностите, природата на заштитеното право и од природата на нарушувањето (*Stoll v. Switzerland* [GC], § 105; *Demir and Baykara v. Turkey* [GC], § 119; *S. and Marper v. the United Kingdom* [GC], § 102; и *Mentzen v. Latvia* (dec.)).

369. Истиот принцип се применува не само за членовите што се споменати погоре, туку и за повеќето други одредби на Конвенцијата – и за имплицитните ограничувања што не се споменати во соодветниот член. На пример, правото на пристап до суд, загарантирано со членот 6 § 1 на Конвенцијата, не е апсолутно, но може да биде предмет на ограничувања. Тие имплицитно се дозволени, бидејќи правото на пристап

до суд, по својата природа, бара да биде регулирано од страна на државата. Во тој поглед, државите што се договорнички уживаат определена слобода на сопствена процена и покрај тоа што конечната одлука во однос на почитувањето на барањата на Конвенцијата му е препуштена на Судот. Мора да се обезбеди ограничувањата во конкретниот случај да не го ограничуваат или намалуваат пристапот на поединецот на таков начин или во таа мера што ја поткопува самата суштина на правото. Понатаму, ограничувањето на правото на пристап до суд нема да биде компатибилно со членот 6 § 1, ако не е насочено кон легитимна цел и ако не постои разумен однос на пропорционалност меѓу средствата што се применети и целта што треба да биде постигната (*Cudak v. Lithuania* [GC], § 55).

370. Доколку, по претходно испитување на жалбата, Судот е задоволен дека условите што се споменати погоре биле исполнети и дека, имајќи ги предвид сите релевантни околности на случајот, не постои јасен недостиг од пропорционалност меѓу целите кон кои се стремело нарушувањето од страна на државата и применетите средства, ќе го прогласи жалбениот навод за недопуштен поради очигледна неоснованост. Причините што се дадени за одлуката за недопуштеност во ваков случај ќе бидат идентични или слични на тие што судот би ги усвоил во пресуда за основаноста заклучувајќи дека немало повреда (*Mentzen v. Latvia* (dec.)).

(в) Други релативно јасни суштински прашања

371. Како дополнение на ситуациите што се опишани погоре, Судот ќе го прогласи жалбениот навод за очигледно неоснован, доколку е на мислење дека, од причини поврзани со основаноста, нема појава на повреда на одредбите на Конвенцијата врз кои е заснована жалбата. Постојат два вида околности во кои ова е особено случај:

21. Кога постои стабилна и обемна судска практика на Судот за идентични или слични случаи, врз основа на кои може да заклучи дека немало повреда на Конвенцијата во случајот (*Galev and Others v. Bulgaria* (dec.));

22. кога, иако не постојат претходни одлуки што директно и посебно го третираат прашањето, Судот може врз основа на постојната судска практика да заклучи дека не постои повреда на Конвенцијата (*Hartung v. France** (dec.)).

372. Во секој од овие два вида околности, Судот може да биде повикан опширно и детално да ја испита фактичката состојба на предметот и сите други релевантни фактички елементи (*Collins and Akaziebie v. Sweden* (dec.)).

4. Непоткрепени жалбени наводи: недостиг од докази

373. Постапките пред Судот, по природа, се контрадикторни. Затоа, странките – а тоа се жалителот и одговорната Влада – треба да ги поткрепат своите фактички

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

аргументи (доставувајќи ги до Судот потребните фактички докази) и своите правни аргументи (објаснувајќи зошто, според нив, засегнатите одредби од Конвенцијата се или не се повредени).

374. Соодветните делови од членот 47 од Деловникот на Судот, кои ја уредуваат содржината на идивидуалните жалби, го предвидуваат следново:

„1. Секоја жалба според членот 34 на Конвенцијата треба да биде поднесена со пополнување на образец за жалба обезбеден од страна на Секретаријатот, освен во случај кога Претседателот на релевантниот оддел ќе одлучи поинаку. Образецот треба да содржи

…

(г) кратка изјава за фактичката состојба;

(д) кратка изјава за наводните повреди на Конвенцијата и релевантните аргументи;

…

(е) предметот на жалбата;

и да биде проследен со

(ж) копии од сите релевантни документи, и особено одлуки, било да се судски или не, во врска со предметот на жалбата.

…

4. Непочитување на барањата предвидени во [ставот 1] на овој Деловник може да доведе до тоа жалбата да не биде испитана од страна на Судот..“

375. Дополнително, во согласност со членот 44C § 1 од Деловникот на Судот:

„Кога странката ќе пропушти да достави докази или да обезбеди информации побарани од Судот или своеволно да открие релевантни информации или кога на друг начин ќе пропушти ефективно да учествува во постапката, Судот може да изведува заклучоци кои според него се соодветни“.

376. Кога не се исполнети споменатите услови, Судот ќе ја прогласи жалбата за недопуштена, како очигледно неоснована. Постојат два вида околности, во кои ова особено може да се случи:

23. кога жалителот едноставно цитира една или повеќе одредби од Конвенцијата, без да објасни на кој начин биле повредени, освен во случај кога ова е очигледно од фактичката состојба на случајот (*Trofimchuk v. Ukraine** (dec.), и *Baillard v. France** (dec.));

24. кога жалителот ќе пропушти или ќе одбие да достави документи и докази како поткрепување на своите жалбени наводи (особено, одлуки на судовите или на другите домашни органи), освен доколку постојат исклучителни околности надвор од неговата контрола што го спречуваат да го направи тоа (како, на пример, ако затворските власти одбиваат да ја препратат до Судот документацијата од списите за предметот на затвореникот).

5. Конфузни или нереални жалбени наводи

377. Судот ќе ги одбие како очигледно неосновани жалбените наводи што се конфузни во таа мера што за него е објективно невозможно да добие чувство за фактите што се обжалени од страна на жалителот или за жалбата што тој сака да ја поднесе до Судот. Истото се применува и на нереалните жалбени наводи, поточно на жалбените наводи што се однесуваат на фактичката состојба, која, објективно, е невозможна, кои е јасно дека се измислени или е очигледно дека се спротивни на здравиот разум. Во вакви случаи, фактот дека не постои повреда на Конвенцијата, ќе биде очигледен за просечниот набљудувач, дури и за таквиот набљудувач што нема правна обука.

Б. Непостоење значителна штета

Член 35 § 3 (б) – Критериуми за прифатливост

„3. Судот нема да прифати никаква индивидуална жалба доставена врз основа на членот 34 ако оцени дека:

…

(б) подносителот не претрпел значителна штета, освен доколку почитувањето на човековите права како што се дефинирани во Конвенцијата или нејзините протоколи бара разгледување на жалбата според заснованоста и под услов да не може да се одбие случај врз основа на тоа што не бил разгледан од страна на домашен суд“.

1. Причини за новиот критериум

378. Нов критериум за допуштеност беше додаден кон критериумите предвидени во членот 35 со влегувањето во сила на Протоколот бр. 14 на 1 јуни 2010 година. Во согласност со членот 20 од Протоколот, новата одредба ќе може да се применува за сите жалби за кои се води постапка пред Судот, со исклучок на оние кои се прогласени за допуштени. До денес Судот го применил новиот критериум во девет свои одлуки за допуштеноста, имено во: *Ionescu v. Romania* (dec.); *Korolev v. Russia* (dec.); *Vasilchenko v. Russia*; *Rinck v. France** (dec.); *Holub v. the Czech Republic** (dec.); *Bratři Zátkové, A.S., v. the Czech Republic** (dec.); *Gaftoniuc v. Romania* (dec.); *Matoušek v. the Czech Republic** (dec.); и *Čavajda v. the Czech Republic* (dec.).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Покрај тоа, во две одлуки Судот врз основа на новиот критериум отфрлил приговор поднесен од страна на Владата во врска со недопуштеноста. (*Gaglione and Others v. Italy**, §§ 14-19, и *Sancho Cruz and 14 other "Agrarian Reform" cases v. Portugal**, §§ 22-36).

Воведувањето на овој критериум се сметаше за неопходно, ако се земе предвид постојаниот пораст на предметите што треба да ги реши Судот. Тој му обезбедува на Судот дополнителна алатка, која треба да му помогне во концентрирањето на предметите што бараат испитување на основаноста. Со други зборови, тој му овозможува на Судот да ги отфрли случаите што се сметаат за „незначителни" во согласност со принципот според кој судиите не треба да постапуваат по такви случаи ("*de minimis non curat praetor*").

379. Концептот "*de minimis*", иако формално до 1 јуни 2010 година не беше дел до Европската конвенција за човекови права, сепак беше присутен во неколку издвоени мислења на Комисијата (види во *Eyoum-Priso v. France** (dec.); *H.F. K.-F. v. Germany* (dec.); и *Lechesne v. France** (dec.)) и Судот (види на пример *Dudgeon v. the United Kingdom*; *O'Halloran and Francis v. the United Kingdom* [GC]; и *Micallef v. Malta* [GC]) и, исто така, во ставовите на владите испратени до Судот (види, на пример *Koumoutsea and Others v. Greece** (dec.)).

2. Опфатност

380. Членот 35 § 3 (б) се состои од три посебни елементи. Прво, од самиот критериум за допуштеност: Судот може да ја прогласи за недопуштена секоја индивидуална жалба во која жалителот не претрпил значителна штета. Потоа има две заштитни одредби. Прво, Судот не може да ја прогласи за недопуштена таквата жалба, кога почитувањето на човековите права бара испитување на жалбата во однос на основаноста. Второ, во согласност со овој нов критериум, не може да се отфрли случај што не бил внимателно испитан од страна на домашните органи.

381. Самиот Суд е надлежен за толкување на новиот критериум за допуштеност и за донесување одлуки во врска со неговата примена. Во текот на првите две години по влегувањето во сила, примената на критериумот е наменета за советите и за Големиот судски совет (член 20 § 2 од Протоколот бр. 14), кои ќе утврдат јасни принципи на судската практика за негова примена во конкретен контекст.

3. Дали жалителот претрпел значителна штета

382. „Значителна штета" е поим што може да се толкува и бара толкување преку воспоставување објективни критериуми низ постепениот развој на судската практика на Судот. Овој поим му дава на Судот извесен степен на приспособливост, како дополнение на таа приспособливост што е обезбедена со постојните критериуми за допуштеност (види го Образложението на Протоколот бр. 14, §§ 78 и 80). Новиот критериум се заснова врз идејата дека повредата на некое право, колку и да е реална

од чисто правен аспект, треба да содржи минимално ниво на сериозност за да може да го оправда своето разгледување од страна на меѓународен суд (*Korolev v. Russia* (dec.)).

383. Буквалниот текст на критериумот ја зема предвид штетата што жалителот веќе ја претрпил на национално ниво. Фактори што би можеле да се земат предвид, иако не исклучително, се финансиските последици по жалителот (види *Bock v. Germany* (dec.) за неодамнешен пример на предмет кој е прогласен за недопуштен поради незначителноста на износот за кој станувало збор). Во случајот *Ionescu v. Romania* (dec.), Судот бил на мислење дека финансиската штета што ја претрпел жалителот не била голема. Таа изнесувала 90 евра, така што не постоела никаква информација што би покажала дека загубата на овој паричен износ би нанела какви и да било значајни последици по личниот живот на жалителот. Во случајот *Korolev v. Russia* (dec.), жалбените наводи на жалителот биле строго ограничени на пропустот на обвинетиот да му плати износ помал од едно евро, кој му бил досуден од страна на домашен суд. Во случајот *Vasilchenko v. Russia* жалителот поднел жалба поради неуспехот на релевантните органи да спроведат доделување награда во износ од 12 евра. Во случајот *Rinck v. France** (dec.) износот за кој станувало збор бил 150 евра, со дополнителни 22 евра за трошоци, каде што немало доказ што би покажал дека овој износ значително би се одразил врз личниот живот на жалителот. Во случајот *Gaftoniuc v. Romania* (dec.) износот што требало да го прими жалителот бил 25 евра. Сепак, Судот ќе го земе предвид фактот дека влијанието на материјалната загуба не треба да се мери во апстрактни поими. Дури и скромната материјална штета може да биде значителна ако се земе предвид специфичната положба на поединецот и економската ситуација во државата или во регионот каде што тој или таа живее.

384. Како и да е, Судот во исто време е свесен дека засегнатиот материјален интерес не е единствениот елемент според кој треба да се утврди дали жалителот претрпел значителна штета. Всушност, повредата на Конвенцијата може да се однесува на значајни принципиелни прашања и на тој начин да предизвика значителна штета без да засега во материјалните интереси (*Korolev v. Russia* (dec.)). Личното субјективно мислење на жалителот во врска со влијанието на евентуалната повреда треба да може објективно да се оправда. Ова беше случај во *Rinck v. France** (dec.), каде што Судот сметал дека губењето на еден поен од дозволата на жалителот не го оправдувало наведеното дека ова прашање значително влијаело врз неговата лична ситуација, дури и ако жалителот ова прашање го гледал како принципиелно прашање.

Во случајот *Holub v. the Czech Republic** (dec.), *Matoušek v. the Czech Republic** (dec.), и *Čavajda v. the Czech Republic*, Судот ги засновал своите одлуки на фактот дека недоставените мислења на другите страни во спорот не содржеле ништо ново или суштинско за случајот и дека одлуката на Уставниот суд, во секој случај, не била базирана врз нив. Затоа, жалителот не претрпел значителна штета во смисла на членот 35 § 3 (b).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Спротивно на тоа, Судот не се согласил со владините тврдења дека жалителите не претрпеле значителна штета во случајот *Gaglione and Others v. Italy** бидејќи во овој случај станувало збор за доцнења од најмалку деветнаесет месеци во исплатата на надоместот на жалбите, кој изнесувал 65 проценти. Исто така, во случајот *Sancho Cruz and 14 other "Agrarian Reform" cases v. Portugal**, Судот утврдил дека во двете жалби за кои Владата поднела приговор според новиот критериум, жалителите претрпеле значителна штета ако се земе предвид високиот износ на надоместот за кој станувало збор.

4. Две заштитни одредби

(а) Дали почитувањето на човековите права бара испитување на основаноста на случајот

385. Вториот елемент е заштитна одредба (види го Образложението на Протоколот бр. 14, § 81) во однос на тоа дека жалбата нема да биде прогласена за недопуштена ако почитувањето на човековите права, така како што се дефинирани во Конвенцијата или во нејзините протоколи, бара испитување на основаноста. Буквалниот текст на овој елемент произлегува од втората реченица на членот 37 § 1 на Конвенцијата, каде што тој исполнува слична функција во контекст на одлуките за симнување на жалбите од листата на предмети на Судот. Истиот текст е употребен и во членот 39 § 1 како основа за обезбедување пријателско спогодување меѓу странките.

386. Органите на Конвенцијата постојано ги толкуваат овие одредби при што инсистираат да продолжат со испитување на случајот, независно од спогодувањето меѓу странките или постоењето каква и да е друга основа за симнување на предметот од листата на предмети. Така, беше утврдена неопходноста од дополнително испитување на случајот, кога тој покренува прашања од општ карактер, кои влијаат врз почитувањето на Конвенцијата (*Tyrer v. the United Kingdom*, извештај на Комисијата, § 2).

387. Таквите прашања од општ карактер би се појавиле, на пример, во случај кога постои потреба да се објаснат обврските на државите според Конвенцијата или да се поттикне тужената држава да реши некој стуктурен дефицит што влијае врз други лица што се наоѓаат во иста положба како жалителот. Така, Судот често бил доведуван во позиција, според поранешните членови 37 и 38[9], да провери дали општиот проблем поставен во предметот, бил или требало да биде решен и дали слични правни прашања биле решени од страна на Судот во други случаи (види, покрај многу други, *Can v. Austria*, §§ 15-18, и *Léger v. France* (жалбата е симната од листата на предмети) [GC], § 51). На пример, кога Судот веќе имал можност да одлучи за примената на процедуралните правила од страна на домашните органи и кога жалбениот навод е исклучително од историски интерес, почитувањето на човековите права не би барало

9. Текстот на Конвенцијата како што бил важечки пред да влезе во сила Протоколот бр. 14

натамошно испитување на истиот жалбен навод (*Ionescu v. Romania* (dec.)). Во случајот *Holub v. the Czech Republic** (dec.), проблемот за кој станувало збор – фактот дека жалителот не ги добил мислењата на другите странки пред Уставниот суд – веќе бил разгледуван во рамки на претходното донесување одлука по предметот (види, на пример, *Milatová and Others v. the Czech Republic*; *Mareš v. the Czech Republic**; и *Vokoun v. the Czech Republic**). Во случајот *Korolev v. Russia* (dec.), Судот не увидел никаква причина што е од интерес на јавниот ред, која бара испитување на основаноста. Прво, бидејќи Судот во многу пати одлучувал по прашања аналогни на тоа што се појавува во конкретниот случај. Второ, бидејќи и Судот и Комитетот на министри го поставиле системскиот проблем на неизвршување на домашните пресуди во Руската Федерација.

(б) Дали случајот бил соодветно испитан од страна на домашен суд

388. Нема да биде возможно Судот да ја отфрли жалбата поради нејзината тривијална природа доколку предметот не бил соодветно испитан од страна на домашните судови. Оваа одредба го одразува принципот на супсидијарност, таков како што е јасно втемелен во членот 13 на Конвенцијата, кој бара на национално ниво да постои право на реална жалба против повредите (*Korolev v. Russia* (dec.)). Во случајот *Holub v. the Czech Republic** (dec.), Судот објаснил дека тоа е „случај“ (на француски, “*l'affaire*”) во поопшта смисла, а не „жалба“ (на француски, “*la requête*”) пред Судот во Стразбур, која треба да биде соодветно испитана од страна на домашните судови.

389. Со цел толкување на поимот „соодветно“, новиот критериум нема да се толкува толку строго колку барањето за правична расправа според членот 6 на Конвенцијата (*Ionescu v. Romania* (dec.)).

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

ИНДЕКС НА ПРЕСУДИ И НА ОДЛУКИ

(броевите се однесуваат на бројот на страницата)

Судот ги донесува своите пресуди и одлуки на англиски и/или француски јазик, односно на двата негови официјални јазика. Хиперврските (англ. hyperlinks) за случаите што се цитирани во Водичот се поврзани со оригиналниот текст на пресудата или одлуката. Пресудите и одлуките на Судот може да ги најдете во базата на податоци HUDOC на веб-страната на Судот (www.echr.coe.int). HUDOC, исто така, содржи преводи на многу важни случаи на дваесетина неофицијални јазици, и врски до стотина колекции на судски пресуди и одлуки креирани од страна на трети лица.

Доколку не е поинаку означено во загради, сите референци се однесуваат на пресуда за основаноста донесена од страна на Советот на Судот. Кратенката „(dec.)“ покажува дека цитатот се однесува на одлука, а „[GC]“ дека случајот бил сослушан од страна на Големиот судски совет.

– A –

A, B and C v. Ireland [GC], no. 25579/05, ECHR 2010 ..... 27, 33, 34, 88, 90
Abdulaziz, Cabales and Balkandali v. the United Kingdom, 28 May 1985, Series A no. 94 93
Adam and Others v. Germany (dec.), no. 290/03, 1 September 2005 41
Ādamsons v. Latvia, no. 3669/03, 24 June 2008 105
Adesina v. France (dec.), no. 31398/96, 13 September 1996 45
Adolf v. Austria, 26 March 1982, Series A no. 49 79
A.D.T. v. the United Kingdom, no. 35765/97, ECHR 2000-IX 88
Aerts v. Belgium, 30 July 1998, Reports 1998-V 86
Agathos and Others v. Greece, no. 19841/02, 23 September 2004 105
AGOSI v. the United Kingdom, 24 October 1986, Series A no. 108 85
Agrotexim and Others v. Greece, 24 October 1995, Series A no. 330-A 23
Ahmet Sadik v. Greece, 15 November 1996, Reports 1996-V 29
Ahmut v. the Netherlands, 28 November 1996, Reports 1996-VI 92
Ahtinen v. Finland (dec.), no. 48907/99, 31 May 2005 37
Air Canada v. the United Kingdom, 5 May 1995, Series A no. 316-A 84
Airey v. Ireland, 9 October 1979, Series A no. 32 73
Akdivar and Others v. Turkey [GC], 16 September 1996, Reports 1996-IV 18, 30, 33
Aksoy v. Turkey, 18 December 1996, Reports 1996-VI 31, 74
Al-Adsani v. the United Kingdom [GC], no. 35763/97, ECHR 2001-XI 72
Alatulkkila and Others v. Finland, no. 33538/96, 28 July 2005 74
Alaverdyan v. Armenia (dec.), no. 4523/04, 24 August 2010 ..... 70, 76
Albert and Le Compte v. Belgium, 10 February 1983, Series A no. 58 81
Aldrian v. Austria (dec.), no. 16266/90, Commission decision of 7 May 1990, Decisions and Reports 65 86

Aleksandr Zaichenko v. Russia, no. 39660/02, 18 February 2010 79
Aleksanyan v. Russia, no. 46468/06, 22 December 2008 50
Aliev v. Georgia, no. 522/04, 13 January 2009 17
Allan v. the United Kingdom (dec.), no. 48539/99, 28 August 2001 ..... 40, 41
Almeida Garrett, Mascarenhas Falcão and Others v. Portugal,
nos. 29813/96 and 30229/96, ECHR 2000-I 62, 65
Al-Moayad v. Germany (dec.), no. 35865/03, 20 February 2007 20
Al-Nashif v. Bulgaria, no. 50963/99, 20 June 2002 50
Al-Saadoon and Mufdhi v. the United Kingdom, no. 61498/08, ECHR 2010 19
Amann v. Switzerland [GC], no. 27798/95, ECHR 2000-II 89
Amuur v. France, 25 June 1996, Reports 1996-III 22
An and Others v. Cyprus, no. 18270/91, Commission decision of 8 October 1991 56
Andrášik and Others v. Slovakia (dec.), nos. 57984/00 and others, ECHR 2002-IX 28, 32, 34
Andrejeva v. Latvia [GC], no. 55707/00, ECHR 2009 101
Andreou Papi v. Turkey, no. 16094/90, 22 September 2009 95
Andronikashvili v. Georgia (dec.), no. 9297/08, 22 June 2010 72
Anheuser-Busch Inc. v. Portugal [GC], no. 73049/01, ECHR 2007-I 98, 99, 100, 101
Annunziata v. Italy, no. 24423/03, 7 July 2009 47
Apay v. Turkey (dec.), no. 3964/05, 11 December 2007 77
APEH Üldözötteinek Szövetsége and Others v. Hungary, no. 32367/96, ECHR 2000-X 76
Aquilina v. Malta [GC], no. 25642/94, ECHR 1999-III 29
Arat v. Turkey, no. 10309/03, 10 November 2009 25
Arslan v. Turkey (dec.), no. 36747/02, ECHR 2002-X 40
Assanidze v. Georgia [GC], no. 71503/01, ECHR 2004-II 55
Association Les témoins de Jéhovah v. France (dec.), no. 8916/05, 21 September 2010 29
Athanassoglou and Others v. Switzerland [GC], no. 27644/95, ECHR 2000-IV 71
A. v. France, 23 November 1993, Series A no. 277-B 97
A. v. Norway, no. 28070/06, 9 April 2009 88
A. v. the United Kingdom, 23 September 1998, Reports of Judgments and Decisions 1998-VI 17
Ayuntamiento de Mula v. Spain (dec.), no. 55346/00, ECHR 2001-I 17

– B –

Baillard v. France (dec.), no. 6032/04, 25 September 2008 109
Balmer-Schafroth and Others v. Switzerland, 26 August 1997, Reports 1997-IV 71
Balsytė-Lideikienė v. Lithuania, no. 72596/01, 4 November 2008 85
Banković and Others v. Belgium and 16 Other Contracting States (dec.) [GC],
no. 52207/99, ECHR 2001-XII 55, 56, 61
Barberà, Messegué and Jabardo v. Spain, 6 December 1988, Series A no. 146 67
Baumann v. France, no. 33592/96, ECHR 2001-V 33
Bazorkina v. Russia, no. 69481/01, 27 July 2006s 20
B.C. v. Switzerland (dec.), no. 21353/93, Commission decision of 27 February 1995 96

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Beer and Regan v. Germany [GC], no. 28934/95, 18 February 1999 58
Beganović v. Croatia, no. 46423/06, 25 June 2009 57
Behrami and Behrami v. France and Saramati v. France, Germany and Norway (dec.) [GC], nos. 71412/01 and 78166/01, 2 May 2007 ..... 57, 58
Belaousof and Others v. Greece, no. 66296/01, 27 May 2004 36
Belilos v. Switzerland, 29 April 1988, Series A no. 132 69
Bendenoun v. France, 24 February 1994, Series A no. 284 ..... 80, 83
Benet Praha, spol. s r.o., v. the Czech Republic (dec.), no. 38354/06, 28 September 2010 39
Benham v. the United Kingdom [GC], 10 June 1996, Reports 1996-III 80
Bensaid v. the United Kingdom, no. 44599/98, ECHR 2001-I 88
Ben Salah Adraqui and Dhaime v. Spain (dec.), no. 45023/98, ECHR 2000-IV 28
Benthem v. the Netherlands, 23 October 1985, Series A no. 97 ..... 70, 73
Berdzenishvili v. Russia (dec.), no. 31697/03, ECHR 2004-II 37
Berić and Others v. Bosnia and Herzegovina (dec.), nos. 36357/04 and others, 16 October 2007 ..... 56, 57
Bernardet v. France (dec.), no. 31406/96, 27 November 1996 45
Berrehab v. the Netherlands, 21 June 1988, Series A no. 138 92
Beyeler v. Italy [GC], no. 33202/96, ECHR 2000-I 98
Beygo v. 46 Member States of the Council of Europe (dec.), no. 36099/06, 16 June 2009 58
Bigaeva v. Greece, no. 26713/05, 28 May 2009 89
Bijelić v. Montenegro and Serbia, no. 11890/05, 28 April 2009 54
Bimer S.A. v. Moldova, no. 15084/03, 10 July 2007 100
Blagojević v. the Netherlands (dec.), no. 49032/07, 9 June 2009 ..... 56, 57
Blečić v. Croatia [GC], no. 59532/00, ECHR 2006-III 62, 63, 64, 65
Blondje v. the Netherlands (dec.), no. 7245/09, ECHR 2009 42
Bock v. Germany (dec.), no. 22051/07, 19 January 2010 ..... 52, 112
Boicenco v. Moldova, no. 41088/05, 11 July 2006 ..... 18, 20
Boivin v. 34 Member States of the Council of Europe (dec.), no. 73250/01, ECHR 2008 58
Bosphorus Hava Yolları Turizm ve Ticaret Anonim Şirketi v. Ireland [GC], no. 45036/98, ECHR 2005-VI 58, 59
Bottaro v. Italy (dec.), no. 56298/00, 23 May 2002 34
Botta v. Italy, 24 February 1998, Reports 1998-I 89
Bouglame v. Belgium (dec.), no. 16147/08, 2 March 2010 25
Bouilloc v. France (dec.), no. 34489/03, 28 November 2006 73
Bowman v. the United Kingdom, 19 February 1998, Reports 1998-I 22
Boyle v. the United Kingdom, 28 February 1994, opinion of the Commission, Series A no. 282-B 93

Brânduşe v. Romania, no. 6586/03, 7 April 2009 90
Bratři Zátkové, A.S., v. the Czech Republic (dec.), no. 20862/06, 8 February 2011 111
Bronda v. Italy, 9 June 1998, Reports 1998-IV 92
Broniowski v. Poland (dec.) [GC], no. 31443/96, ECHR 2002-X 67
Broniowski v. Poland [GC], no. 31443/96, ECHR 2004-V 98
Brown v. the United Kingdom (dec.), no. 38644/97, 24 November 1998 87

Brudnicka and Others v. Poland, no. 54723/00, ECHR 2005-II 23
Brüggemann and Scheuten v. Germany, no. 6959/75, Commission report of 12 July 1977, DR 10 90
Brumărescu v. Romania [GC], no. 28342/95, ECHR 1999-VII 22, 24
Brusco v. France, no. 1466/07, 14 October 2010 79
Brusco v. Italy (dec.), no. 69789/01, ECHR 2001-IX 32, 34
Buchholz v. Germany, 6 May 1981, Series A no. 42 74
Buckley v. the United Kingdom, 25 September 1996, Reports 1996-IV 94, 95
Buijen v. Germany, no. 27804/05, 1 April 2010 86
Buj v. Croatia, no. 24661/02, 1 June 2006 78
Bulinwar OOD and Hrusanov v. Bulgaria, no. 66455/01, 12 April 2007 39
Burden v. the United Kingdom [GC], no. 13378/05, ECHR 2008 ..... 17, 22, 27
Burdov v. Russia (no. 2), no. 33509/04, ECHR 2009 ..... 25, 35
Burdov v. Russia, no. 59498/00, ECHR 2002-III 24, 98
Burghartz v. Switzerland, 22 February 1994, Series A no. 280-B 87, 88
Buzescu v. Romania, no. 61302/00, 24 May 2005 100
B. v. France, 25 March 1992, Series A no. 232-C 88

– C –

Çakir and Others v. Cyprus (dec.), no. 7864/06, 29 April 2010 67
Çakıcı v. Turkey [GC], no. 23657/94, ECHR 1999-IV 21, 23
Calcerrada Fornieles and Cabeza Mato v. Spain (dec.), no. 17512/90, 6 July 1992 48
Caldas Ramirez de Arrellano v. Spain (dec.), no. 68874/01, ECHR 2003-I 86
Camberrow MM5 AD v. Bulgaria (dec.), no. 50357/99, 1 April 2004 23
Campbell and Fell v. the United Kingdom, 28 June 1984, Series A no. 80 80
Cankoçak v. Turkey, nos. 25182/94 and 26956/95, 20 February 2001 63
Cantoni v. France [GC], 15 November 1996, Reports 1996-V 58
Can v. Austria, 30 September 1985, Series A no. 96 114
Capital Bank AD v. Bulgaria, no. 49429/99, ECHR 2005-XII 100
Carson and Others v. the United Kingdom [GC], no. 42184/05, ECHR 2010 33
Castells v. Spain, 23 April 1992, Series A no. 236 29
C.C. v. Spain, no. 1425/06, 6 October 2009 89
Çelik v. Turkey (dec.), no. 52991/99, ECHR 2004-X 38
Celniku v. Greece, no. 21449/04, 5 July 2007 ..... 43, 47
Cereceda Martín and Others v. Spain, no. 16358/90, Commission decision of 12 October 1992 49
Chapman v. the United Kingdom [GC], no. 27238/95, ECHR 2001-I 89, 95
Chappell v. the United Kingdom, 30 March 1989, Series A no. 152-A 95
Chappex v. Switzerland (dec.), no. 20338/92, 12 October 1994 45
Charzyński v. Poland (dec.), no. 15212/03, ECHR 2005-V 34
Chaudet v. France, no. 49037/06, 29 October 2009 73
Chauvy and Others v. France, no. 64915/01, ECHR 2004-VI 88
Chelu v. Romania, no. 40274/04, 12 January 2010 95

© Совет на Европа / Европски суд за човекови права, 2011 година

Chernitsyn v. Russia, no. 5964/02, 6 April 2006 50
Chevrol v. France, no. 49636/99, ECHR 2003-III 73
Christie v. the United Kingdom, no. 21482/93, Commission decision of 27 June 1994, DR 78-B 96
Christine Goodwin v. the United Kingdom [GC], no. 28957/95, ECHR 2002-VI 88
Church of X v. the United Kingdom, no. 3798/68,
Commission decision of 17 December 1968, Collection 29 61
Çinar v. Turkey (dec.), no. 28602/95, 13 November 2003 30
Ciorap v. Moldova (no. 2), no. 7481/06, 20 July 2010 25
Ciubotaru v. Moldova, no. 27138/04, 27 April 2010 89
Ciulla v. Italy, 22 February 1989, Series A no. 148 86
Ciupercescu v. Romania, no. 35555/03, 15 June 2010 33
Clinique Mozart Sarl v. France (dec.), no. 46098/99, 1 July 2003 44
Cocchiarella v. Italy [GC], no. 64886/01, ECHR 2006-V 25, 34
Colibaba v. Moldova, no. 29089/06, 23 October 2007 18
Collectif national d'information et d'opposition à l'usine Melox - Collectif Stop Melox et Mox v. France
(dec.), no. 75218/01, 28 March 2006 73
Collins and Akaziebie v. Sweden (dec.), no. 23944/05, 8 March 2007 108
Confédération française démocratique du travail v. the European Communities (dec.),
